**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Третото продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 15 јули 1998 година**

**Скопје, јули 1998 година**

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 96-та СЕДНИЦА НА СОБРАНКЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15 ЈУЛИ 1998 г.**

**ДИСКУТАНТИ :**

1. **АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 131**
2. **АНДОВ СТОЈАН - 1, 118,120,126**
3. **АТАНАСОВ ЃОРЃИ – 29**
4. **АРСОВСКИ БРАНКО - 87, 94, 100, 103**
5. **АБДИ ФАИК – 104**
6. **БАЈРАМ АМДИ - 3, 5, 86.**
7. **БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 77**
8. **БОГДАНОВСКИ ИГНАТ - 127**
9. **ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 40, 42**
10. **ВИДИМЧЕ КИРЕ - 94, 102,103, 104**
11. **ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 4, 80, 86**
12. **ЗИБЕРИ НАСЕР - 134, 142, 144 ( мин. за труд.)**
13. **КОЦЕВСКИ АЦЕ - 58,113**
14. **МИНОВ ПАНЧО - 50, 51**
15. **МЕШКОВ ЉУПЧО - 8, 18, 24, 28, 80, 142**
16. **ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 2.. ( води седн.)**
17. **ПОПОВСКИ ЉУБОМИР – 131**
18. **РУЖИН НАНО - 35, 36**
19. **РАМАДАНИ ХИСЕН - 38**
20. **СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 114**
21. **СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 108, 111**
22. **СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 31, 42, 132**
23. **СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР – 42**
24. **СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 65,69**
25. **ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА – 47**
26. **ТАИРИ МЕВЉАН - 132, 134**
27. **ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 76 – (потпретс. води седн.)**
28. **ШАПУРИЌ ЗОРАН - 70**

**Дневен ред :**

**Т – 1. стр. 1 – Интерпел. за работата на мин. за труд и социјална политика Насер Зибери (почнува од стр. 7 и не е изгласана стр. 145)**

- **КРАЈ –**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 15 јули 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Колку пратеници имаме во салата? (66).

Продолжуваме со работа по 96-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Г. Поповски, Ратка Куљан - Зографска, Душан Данев и Мирко Трипуновски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Практично ни остана само 1-та точка, а тоа е Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија, министерот за труд и социјална политика г-дин Насер Зибери.

Продолжуваме со претрес по Интерпелацијата..

Молам, кој бара збор?

Деловничка интервенција за г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, мојата интервенција има конкретен повод и имам конкретен предлог. Ние овде се наоѓаме во завршните месеци, можеби завршни седници на Собранието и мислам дека нашата работа почнува да се одвива во услови на зголемена нервоза, пречувствителност и искажување на закани, па и насилства дури и во нашава сала овде, но верувајте со тоа се вклучуваме во една општа атмосфера која е крајно ризична, непријатна, лошо зборува за земјата и сакам овде од оваа говорница во името на пратеничката група да ви дадам два предлога.

Прво, нашата натамошна работа да ја водиме што можеме повеќе толерантно, аргументирано, никој да не се откаже од стојалиштата, од предлозите, но да нема непотребни навреди и закани меѓу нас овде и со тоа ќе сториме многу за состојбата во земјата.

Друго, Ве молам, деновиве е брутално физички нападнат еден новинар. Се работи за г.-динот Никола Младеновски. Пратеничката група на ЛДП оценува дека тоа е дрзок напад на оние сили кои сакаат да го замолчат новинарството и новинарите и предлагам Парламентот да го осуди тој настан, тој напад и да упатиме апел до сите оние кои во оваа земја се против бруталноста, против насилството, против наложувањето со сила молк, да го кренат гласот во осуда на овој настан. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека нема причина да не ги прифатиме овие предлози на г-динот Андов по однос на првиот, се разбира, тоа се однесува за сите пратеници, независно од политичката припадност или пратеничката група да бидат коректни, јас тоа постојано го повторувам од оваа говорница крајно да се внимава како се однесуваат кон колегата и особено кон дигнитетот на Собранието.

По однос на второто, не верувам дека некој во салата меѓу пратениците има што преферира сила при замолчувањето на новинарите. Според тоа, јас лично ви сугерирам без потреба да гласаме еве првиот е предлог, а вториот апел на г-динот Андов и немаме причина да не ги прифатиме.

Деловничка интервенција за г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, за вчерашниот случај, инцидент меѓу мене и моите колеги пратеници што се случи овде тоа што го кажа г-динот Андов и јас го прифаќам, тоа не е добро за македонската јавност да го гледа во Парламентот што се случува, доаѓаат избори, точно е тоа дека треба секаде да има трпение, но треба да сфатите дека тука има и од други националности, ние не сме 20, 30, 50 пратеници, јас сум еден и уште еден од ромската националност, ние сме 2 пратеника овде и кога ќе излеземе на говорница и кога нешто ќе побараме би требало, јас вчера најнормално станав, има стенограм можете да го прочитате што беше моето

излагање вчера, моето излагање беше една поддршка на мојот колега од ромската припадност она што го бараше да го поддржам, тука имаше едно големо провоцирање, една несериозна работа од ЛДП, тоа е голема партија која претендира и сака на избори, можеби ќе ги добијат, можеби не, тоа е под знак прашалник до нашите избирачи во Република Македонија без разлика граѓаните ќе се одлучат кој како сака, каде ќе се определат, мислам дека за една голема партија, а јас како припадник на ромската националност сум излегол на говорница да ги барам правата на ромите, да ги заштитам ромите да бидат секаде застапени, да ме стават на такво изигрување, такво исмејување, тука има новинари, имаше 20 - 30 новинари и други присутни, јас се извинувам за некоја работа нормално бев навреден, има моменти во кои е многу тешко, јас сум Ром и излегувам на говорницата нешто да побарам за ромите, затоа сум избран од мојата изборна единица и ги застапувам ромите јас тоа овде во Собранието го барав. Многу е тешко кога си еден на кој му се смеат, тоа беше многу навредливо, друг пат не би требало ни од наша страна ни од другата страна, сите треба да бидеме посмирени, тоа бидна, се случи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, се прифаќа.

Немојте сега да отвораме дебата.

(За збор се јави г-динот Слободан Даневски).

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Имам деловничка интервенција.

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, јас чувствувам потреба да кажам нешто од оваа говорница, мислам дека на вчерашната седница претседателот на Собранието грубо го прекрши деловникот. Бидејќи му даде право на пратеникот г-динот Амди Бајрам во својство на реплика која не постоеше, ниту имаше место за дискусија, по прашањето на г-.динот пратеник Фаик Абди и почитуваниот Сали Рамадани. Се обрати од говорницата со порака да ги застапува целите на СДСМ, најде за сходно да каже дека некој му се смеел на г-динот Амди Бајрам, дека гласовите од гласачкото тело на ромите нема да ги дадат на ЛДП, ќе видите вие што ги добивте изборите со едно пиво, мислам дека претседателот на Собранието требаше благовремено да реагира, затоа што е нападната целата Пратеничка група на ЛДП, никој во ниеден случај не му префрлил нешто на г-динот Амди Бајрам ако имал задача да ја заврши задачата на тој начин, јас од оваа говорница му порачувам на г-динот Амди Бајрам дека тој не може да ги контролира за кого ќе гласаат ромите, ромите се свесни за кого ќе гласаат и самите се одлучат за која опција ќе гласаат. Тоа е едното прашање што е расчистено.

Второто прашање, што направи инцидент јас сум свесен дека не можеме да ги покриеме медиумите, беше провокацијата на Слободан Даневски дека бурно ќе изреагира со тоа што пред целата јавност, пред сите новинари ме опсу г-динот Амди Бајрам, пред сите. Во фоајето ми се извинуваше. Ако е г-дин, како што кажува, а се нарекува друго дека јас сум рекол нешто ром или циганска работа ни случајно, затоа што доаѓаше г-динот Амди Бајрам во Свети Николе ги уценуваше нашите сограѓани – роми, кои се големи пријатели со Слободан Даневски, само Слободан Даневски им помагал за овие 10 години со 100 вработувања и ред други работи дојде, беше присутен, а ова што ме опсу му давам шанса лично на мене и на пратеничката група вие сте цигани, да стане да се извини ако е г-дин како што мисли дека е г-дин, ако не стане да се извини лично ќе остане она што виси и што сервираше да го пишат новинарите. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прво деловничка грешка не сум направил, ако требаше, требаше да ја прекинам седницата, меѓутоа, оценив дека нема потреба за прекинување на седницата, се плашев да не се пресметате надвор, поарно овде достоинствено да разговараме како луѓе.

Деловничка интервенција за г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Како прво, јас никаква задача немам, нека знае целата јавност, јас сум со СДС, таму сум од левата страна, си гледам што треба за ромите, ја следам власта, никој со сила не може да ме натера да бидам во некоја партија каде не припаѓам и што мислам дека ромите не треба да бидат во таа партија. Јас немам никаква задача, а таква етикета што ми ја прилепуваат дека имам задача од СДС, мислам дека г-динот Даневски е во голема заблуда, мислам дека другите партии не треба да ги мешаме во овие работи, јас сум претседател на Партијата на Сојузот на Ромите, пратеник сум од ромска припадност и можам со кого сакам да коалицирам, моментално сум со оваа страна и не треба друга партија околу мене да ги завлекуваме другите партии и сега да ставаме етикета на една партија, постоел Сојузот за Македонија, а сега да ми се прилепува дека Амди Бајрам имал

некоја задача. Не постои никаква задача, постоел еден инцидент, постоело едно провоцирање, постоело едно омаловажување на ромска припадност, јас сум пратеник и ги застапувам ромите и нормално увидов дека ЛДП ги омаловажува ромите, кога можат мене да ме исмејуваат, значи сакаат сите роми во Македонија да ги изиграат.

Без разлика што е и како е, доаѓаат изборите, живееме во Македонија сите заедно, имаме сожителство, сите сме граѓани на Република Македонија сите знаете дека јас многу пати станав и многу пати кажав овде немојте, затоа што мечката игра кај комшиите, со вакви работи, може да дојде до големи омрази, големата омраза на вакви инциденти оти сега со ромите после со албанците може да се претвори во голема работа не го препорачувам тоа, но вака доаѓа до омраза, до национална омраза, го подржувам и се согласувам со г-динот Стојан Андов како претседател на партијата и неговото излагање дека понатаму не би требало да се однесуваме вака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прво ниту на г-динот Даневски, ниту на г-динот Бајрам немаше ништо со деловникот, тоа не беа деловнички интервенции.

Си кажаа, верувам дека им е полесно сега.

Г-динот Андов, деловничка интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам од овде не треба да се шират невистини и не треба да се даваат општи етикети и дисквалификации. Никој во ЛДП нема ништо против роми, против албанци, против турци, против срби, против власи, ги смета за рамноправни граѓани. Вчера никој не го провоцирал г-динот Амди.

Очекував ако дојде овде да се извини за настапот и ништо понатаму. Инаку, секое продолжување води само кон нови инциденти и нова нервоза овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Андов ние ја прифативме вашата сугестија што ја дадовте на почетокот и сега да не ја претвориме дебатата.

Ве молам, не давам збор повеќе на никого.

Одиме на точката 1. Продолжуваме со претрес по Интерпелацијата за работа на членот на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика г-дин Насер Зибери.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги, повеќето од колегите од овој Парламент, веројатно, не знаат колку е тешко од оваа говорница да се стане и да се бранат одредени тези, одредени предлози, кои што се предлагаат, а однапред да се прогнозира и да се знае дека од мнозинството на овој Парламент, таквите укажувања однапред ќе бидат осудени на пропаст, без оглед на правната аргументација и фактите кои што се изнесуваат во врска со одбраната на одредени ставови. Меѓутоа, мислам дека овој пат малку би требало да биде поразлично од неколку причини.

Прво, се надевам дека барем дел од некои мои стручни укажувања, ќе бидат прифатени од аспект, ако не на друго, барем од моето 25 годишно искуство што го имам работено во таа област и се разбира, од две други причини.

Прво, што околу главниот факт, односно главната основа што беше за интерпелацијата на таканаречените 8% на пензионерите, за првпат можеби се случи преку јавните медиуми да разбереме дека и пратеници од една партија на власт, исто така, вршеа заложби од некаде за враќањето на така наречените закинати 8%. Имено, секој понеделник имавме можност да слушаме од телевизијата блиска до нив дека, рок Владата преку нивните министри вршеле големи заложби тие закинати 8% да се вратат на пензионерите. Тоа се, се разбира, пратениците од Социјалистичката партија и се надевав дека тие, еве денеска ќе имаат исто така можност од оваа говорница да ги искажат нивните ставови, кои што досега еве во Владата секаде ги застапувале околу ова прашање.

Исто така, важен момент во целата оваа работа е фактот дека и други организации и органи во Република Македонија, исто така, бараа оставка од г-динот Насер Зибери, а тоа е, пред се ако се сеќавате барањето на Синдикатите, а и одделни социјални установи имам сознанија дека преку одредени барања и писма го бараат истото тоа. Затоа, мислам дека сите овие факти му даваат дополнителна тежина на ова прашање, односно на денешната расправа по интерпелацијата на министерот за труд и социјална политика.

Пред да поминам на прашањата околу на така наречените 8%, би сакал да се осврнам на кратко на некои уводни напомени, што г-динот министер ги даде во неговата одбрана, по повод поднесената интерпелација. Се разбира, дека со одредени негови

ставови во интерпелацијата, во неговото уводно излагање во целост се согласувам, со други би сакал некои работи да ги дообјаснам, а мислам дека некои се кажани така да кажам многу оптимистички и преамбициозно без некоја, така да кажам подлабока анализа. Би сакал да се осврнам по малку на сите овие работи.

Прво, министерот на почетокот на своето уводно излагање, не знам дали да го крстам уводно излагање или одбрана, во интерпелацијата, не е важно, рече дека е подобрена финансиската состојба на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, благодарение на повеќе мерки што ги презела Владата. Е, сега, тука треба да се објаснат некои работи, а мислам дека и тој ги има објаснето, односно ги кажа понатаму во уводното излагање, кои се тие преземени мерки, од каков карактер се, дали се тие мерки кои даваат краткорочни ефекти сега само во овој дел, во овој момент, во ова време или се тоа некои квалитетни мерки од кои треба да се очекува во иднина дека финансиската состојба на Фондот, навистина, со таквите мерки во блиска иднина или во подалечна иднина, ќе биде далеку подобра отколку што беше и е денес. Тие мерки се: Прво, зголемување на стапката од 18% на 20%. Тоа исто така го кажа министерот.

Второ, Законот за пензиско и инвалидско осигурување од 1994 година и измените од 1995 и 1997 година, кои како што и тој сам кажа, направија рестрикции во системот, се разбира, со една единствена цел да се намали потрошувачката во пензиското и инвалидското осигурување. А, тие рестрикции, се разбира почнаа од крајот на 1993 година кога нагло се забележа влошување на финансиксата состојба на Фондот, и секако треба да бидат преземени мерки.

Третото е дополнителни приходи од Буџетот. Јас би рекол тука како една од мерките што Владата беа преземени, а што министерот не ја рече, не ја спомна, тоа е и Законот за измена во финансиското работење, со кои се одобри дисконтно плаќање на заостанатите долгови на правните субјекти од 70%. Јас би рекол, народски кажано, со кои се изврши распродажба на стажот од оние кои што не навремено ги плаќаа обврските спрема Фондот на пензиско и инвалидско осигурување. Значи, по таа основа се собраа исто така поголема, позамашна сума на пари од над милијарда денари, што се разбира, влијаеше на подобрувањето на финансиската положба на Фондот. Сите овие мерки, како што сами гледате, се рестриктивни мерки и зголемување на стапката од 18% на 20% е исто така дополнителен товар на обврзниците на плаќање. Значи, сите тие мерки беа рестриктивни и благодарение на рестриктивните мерки со кои се намалија правата на корисниците на пензија, се обезбеди на одреден начин да кажеме, намалување на дефицитот на Фондот, ако не во овој момент и бришење на дефицитот на Фондот, односно подобрување на финансиската состојба. Сакам да кажам дека овие мерки не можеме да ги сметаме за квалитетни мерки кои ќе дадат долго рочни финансиски резултати. Тоа се мерки кои се многу едноставни, даваат краткорочни ефекти односно во моментот ги намалуваш правата, вршиш рестрикција во Буџетот во правата, ја намалуваа потрошувачката и нормално е дека ќе забележиш одредени позитивни финансиски резултати. Инаку, ако малку подлабоко се размисли, многу е јасно дека во услови на тековно финансирање кое што се применува во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа значи дека од тековниот прилив на средства од исплатените плати се обезбедуваат средства за исплата на пензиите, значи, од тековното финансирање се собираат повеќе од 90%, од вкупно потребните средства, многу е јасно дека во услови кога имаме голема невработеност, во услови кога имаме многу фирми во стечај, не би било логично да очекуваме зголемени приливи по тој основ во тоа тековно финансирање.

Значи, мораме да имаме најпрво зголемување на вработувањето, мораме да имаме подобрување на економската состојба во стопанството и во државата, па потоа да очекуваме и некои квалитетни финансиски средства, со кои што ќе можеме да зборуваме дека навистина почнавме да ја подобруваме финансиската состојба на фондот. Сега, на пример, јас малку би карикирал, замислете сега на пензионерите да не им беше со Законот за исплата на плати и пензии закинати, да не им беа тие така наречени 8%, да не се направеше тој дисконт во плаќањето на придонесите за неплатените долгови по однос на пензискиот стаж, ако земеме една груба сметка за што рековме дека се различни сметките околу 8% колку тоа чини, некои одат од 100 до 400 милиони или 500 милиони марки. Да земеме една сума од 400 милиони марки и ако земеме дека стажот немаше на тој начин да се плаќаат долговите со дисконт од кои се оствари над милијарда денари средства, тогаш замислете сега во оваа ситуација Фондот во каква состојба ќе беше. Ќе

беше, навистина во извонредно тешка состојба финансиска за околу 400 или 500 милиони марки, ако нормално овие рестриктивни мерки не беа преземени. Значи, сега самата финансиска состојба на Фондот базира токму на ваквите рестриктивни мерки до кои што можеби имаше полза и Фондот и државата, меѓутоа, мораме да признаеме и да им кажеме на пензионерите дека, беше на штета на обемот и вистината на нивните права.

Во врска со Законот за исплата на плати и пензии донесен во декември 1995 година, со кој на пензионерите им беа закинати 8%, министерот вели исто така во тоа свое излагање дека бил донесен за усогласувањето на пензиите да се врши на ист начин како и зголемувањето на платите.

Прво, тука треба да објасниме дека усогласувањето на пензиите и на платите не почна тогаш од тој закон, тоа усогласување на пензиите со платите беше уште од порано. Мислам со членот 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување многу порано ако се вратиме пензиите, главно секогаш сме ги усогласувале со платите, освен еден период дамнешен кога тие се усогласуваат со трошоците на животот. Според тоа, овој закон не беше донесен за да направи усогласување на пензиите со платите, туку беше од едноставна причина да се направат одредени рестрикции и да се обезбедат дополнителни средства на Фондот.

Министерот вели дека одлуката на Уставниот суд Фондот ја применил по службена должност, без донесување на решение. Ако вака буквално се сфати таа е применета, меѓутоа, се поставува прашањето кај сите оние што имаат различни и тоа како и на кој начин е применето, односно дали е применета мерката како што треба или не е применета како што треба. Според тоа, ние ако го сфатиме буквално ако е применета, тогаш се поставува прашањето зошто се сите силни овие расправии, зошто се сите овие спорови пред судовите, зошто сите се расправаме дали е вака или онака кога таа одлука, еве, од страна на Фондот и од страна на Министерството е спроведена. Значи, јас не би рекол дека е таа спроведена, можеби е спроведена на одреден начин, меѓутоа, прашањето е дали е спроведена во насока на интенциите на судските институции. А, тие судски институции, поготово уставниот суд вели дека, "без оглед дали некој закон или друг правен акт се укинува или уништува, оштетениот повеќе не смее да ги трпи штетните последици од укинатиот или поништениот правен акт или одредба". Во конкретниов случај пензионерите останаа пократки за 8%, велам буквално не е баш за 8% е друго, меѓутоа, еве да кажеме, така наречените 8% останаа пократки и после донесувањето на одлуката на Уставниот суд на РМ.

Понатаму, министерот вели "корисниците на пензии и понатаму незадоволни воведоа Управен спор пред Врховниот суд на РМ, кои тужбите на пензионерите ги уважи, не одлучувајќи мериторно, туку предметот го врати на повторно разгледување и одлучување во Фондот". Јас мислам дека треба да се знае дека Врховниот суд на РМ во вакви ситуации вообичаено е да не одлучува мериторно. Тој и во најголем број случаи скоро секогаш не одлучува мериторно, затоа што сите аргументи и факти, бројки, цифри тој ги нема и не може да одлучува и да врши пресметки, туку му наложува на органот кој го изгубил спорот во образложението на пресудата што треба да направи, како треба да постапи во повторената постапка. Се разбира, не можеме да помислиме дека судот во позитивната пресуда ќе му даде право на Фондот или на некој друг кој што го изгубил спорот, да одлучува во повторената постапка спротивно на интенциите на судската инстанца, која што ги донела тие пресуди. На едно место во тоа излагање исто така се вели: "Врховниот суд го одби барањето на јавниот обвинител за заштита на законитоста како неосновано, поради што повторно се актуелизира прашањето за усогласувањето на пензиите за 8%."

Јас мислам дека г-дине министер, дека сите овие правници кои што имаат чесни намери и кои што го познаваат правото и проблематиката за која што зборуваат, може да се посомневаат, дека навистина постои опасност за правниот систем во РМ и за функционирањето на РМ како правна држава. Пред се заради тоа што треба на сите да ни е јасно дека со одбивањето и искористувањето на редовните правни средства во постапката и со искористувањето на вонредните правни средства, во случајот вонредното правно средство од јавниот обвинител поднесено по повод 8% не се актуелизира допрва прашањето, туку напротив завршува правниот спор по прашањето за кој се водел тој управен спор. Значи, штом завршат сите редовни и вонредни правни средства, конечно завршува управниот спор, а не како што вели министерот дека повторно оттогаш па допрва се актуелизира прашањето за 8%.

Јас мислам дека, круна на сите овие правни работи изнесени во излагањето беше на крајот констатацијата дека од изнесеното, евидентно е дека ова прашање е третирано со најголема сериозност од сите аспекти, при што посебно сакам да истакнам дека правата од ПИО се остваруваат со почитување на законската регулатива и спроведување на одлуките на Уставниот суд, а со тоа и со почитување на највисокиот акт, Уставот на Република Македонија. Спротивното постапување на остварувањето на овие права, би значело непочитување на институциите од системот. Јас би се воздржал од секаков коментар на ваквата констатација и мислам дека е излишен коментарот, затоа што произлегува сега дека сите овие дискусии и правни спорови се воделе без некоја посебна потреба и причина,затоа што до крај е се испочитувано, испочитуван е Уставот, испочитувани се пресудите, испочитувана е одлуката на Уставниот суд, се е испочитувано, што значи ние сме губеле време и ние и сите судски инстанци кои веќе незнам колку време station наназад се бара овој проблем, и се разбира прашање кое што е особено актуелно кај оваа категорија, посебно категоријата на корисниците на пензии.

Во поглед на искажаното од страна на министерот во областа на меѓународните договори, со кажаното се согласувам, меѓутоа не се согласуваме во едно, а тоа е дека направеното се во оваа област во однос на 18-те договори со бивша Југославија ги имаше заклучено со други држави и временскиот период од осамостојувањето на РМ до денес е, по мое длабоко убедување, е премалку направено во оваа област. Особено, за земја на која и се брза да ја заокружи и на светот да му ја манифестира својата самостојност и државност.

Би сакал сега нешто околу правната аргументација, околу она на што и најповеќе се базира интерпелацијата, а тоа е прашањето околу 8%, но пред тоа би кажал дека во својата одбрана од поднесената интерпелација на Пратеничката група на ЛДП, министерот Зибери ја започна со констатацијата дека оваа постапка е веќе видена работа. Тоа беше непосредно по поднесувањето на интерпелацијата, негова изјава на телевизијата и се разбира, како и за секоја друга иницијатива на парламентарната позиција со која аргументирано се залага да докаже, да покаже на аномалиите во раководењето во некои делови се разбира, од раководењето на Владата, односно одделни нејзини министри, ќе констатира дека тоа е веќе видена работа. За некои министри и за него мислам дека, дури и укажувањата за кршењето на Уставот и на законите на оваа држава е маркетиншки потег. Маркетиншки потег е исто така и ако се застане на страната на 200 илјади обесправени корисници на пензија на кои и е одземен, а и им е одземен со закон дел од пензијата, иако многу пати досега, дури актуелната власт констатираше дека тие, пензионерите се на работ на материјалната и социјална сигурност односно егзистенција, се разбира преку она што значи просечна пензија што тие ја примаат и која што навистина е недоволна во најголем број на случаи за минимум материјална и социјална егзистенција.

За жал со ваквите укажувања, опозицијата во овој веќе при крај мандатен период остана осамена, иако повеќе од очигледно беше дека за одделни прашања мораше да има консензус во овој Парламент, односно политичка осуда на оние кои не се покажале или не се покажаа достојни за водењето на одделните ресори, кои што им се доверени. Наместо тоа постојано се покажуваше желбата да се дава политичка поддршка на своите сопартијци или коалициони партнери и покрај очигледно лошите состојба во областа во која одделни министри раководат. Веројатно, претпоставувам, како што на почетокот реков дека и овој пат ќе биде така во однос на министерот кој раководи со ресорот во кој поминува најголемиот дел од скоро една третина од буџетските средства на име социјални трансфери.

Со намера да не го заморувам овој Парламент со премногу правни детали на проблемот со 8%, би сакал во врска со тоа да кажам неколку начелни работи. Со одлука, како што знаете, на Уставниот суд на РМ од 7 декември 1994 година беше укинат член 6 од Законот за исплата на плати и пензии во РМ, со кои беше предвидено дека пензиите за декември 1993 година треба да се исплатат во висина од 92% од правото на пензија утврдено за тој месец. Со стапувањето во сила на Одлуката на Уставниот суд пензионерите побараа од Фондот ноемвриската пензија од 1994 година да се зголеми за 8%, колку што таа претходно беше намалена и потоа да се врши зголемување на пензијата согласно членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Меѓутоа, како што знаете Фондот тоа не го стори со образложение дека, членот 6 бил укинат, а не поништен со што остануваат во сила и правните последици по овој член ги произвел.

Наспроти решението на Фондот, Врховниот суд наиде дека правното сфаќање на Фондот е погрешно, со што се донесени незаконски решенија кои со нивна пресуда се укинати. Во постапката околу докажувањето кој е во право и кој не е Фондот го искористи и вонредното правно средство, барање заштита на законитоста, но и со него се покажа дека неговото правно стојалиште е неисправно, односно погрешно.

Меѓутоа, страната која го загуби спорот на секаков начин настојуваше да ја спречи исплатата на закинатите 8%, односно да ја избегне одговорноста за сторениот превид, па се најде решение во барање на автентично толкување на членот 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, поднесено до Собранието на РМ, која одредба во времето кога важеше укинатиот член 6 од Законот за исплата на плати без пензии, на извесен начин немаше правна сила, со правната работа, затоа што се применуваше членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии. Додека трае оваа правна рашомонијада, обврските на Фондот во поглед на обезбедувањето на средствата; за исплата на долгот, растеа и се уште растат, заканувајќи се да стане објективно не можно да се исполни целосната обврска на Фондот кон корисниците на пензија. Од крајот на 1994 година до денес, по мое длабоко уверување, не е многу напреднато во врска со ова прашање, од што јасно произлегува дека, сеуште не успеавме како држава Република Македонија да се наметне како правна држава, а нејзините граѓани да бидат сигурни дека пред судските инстанци ќе можат да ги остваруваат своите права.

**ЉУПЧО МЕШКОВ: (Продолжение)**

Притоа како прво и можеби најважно прашање кое се поставува е прашањето на извршувањето, или во случајот неизвршувањето на одлуката на Уставниот суд, а подоцна и пресудата на Врховниот суд, највисоките судски инстанци во државата. Иако министерот има и други мислења тврдам дека не е тоа така, туку дека одлуката на Уставниот суд и на пресудите на Врховниот суд се целосно спроведени.

За оваа правна работа за да би имала правилен тек, неопходно било министерот за труд и другите одговорни субјекти требало да им биде познато и да се знае дека според членот 120 став 1 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд донесува одлуки со кои поништува или укинува закони и други прописи, за кои ќе утврди дека не се во согласност со Уставот. Според ставот 3 на истиот член одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни.

Според членот 79 од Деловникот на Уставниот суд, неговата одлука со која се укинува или поништува закон, пропис или друг општ акт, произведува правно дејство од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија. Согласно членот 80 од истиот Деловник извршувањето на правосилните и поединечни акти донесени врз основа на закон или пропис или друг општ акт што со одлука на Уставниот суд е укинат, не може да се дозволи ниту да се спроведе ако извршувањето е започнато ќе се запре. По мене кристално јасни и чисти одредби.

Поаѓајќи од ваквото правно дејство на одлуките на Уставниот суд, обврската за извршување на одлука на Уставниот суд со која е укинат законот или друг пропис за сите надлежни органи застанува со денот на нејзиното објавување, со тоа што по сила на Уставот и без посебно барање на странката тие се должни тој ден да престанат да го укинуваат укинатиот или поништениот закон, а исто така без посебно барање на странката се должни да го спречат натамошното создавање на правни последици од укинатиот или поништениот закон, односно одредба од закон.

Исто така, надлежните органи не смеат и не можат да го укинуваат укинатиот или поништениот закон и на односите кои настанале пред донесувањето на одлуката на Уставниот суд. Од сето ова јасно произлегува дека автентичното толкување на членот 37 од Законот за пензиско инвалидско осигурување дадено по завршувањето на целокупната правна процедура пред Фондот и судовите со користување на редовните и на вонредните правни средства, по мое мислење не би требало да има некакво правно значење и не би можело да се врати во примена одредба која веќе еднаш е укината од страна на Уставниот суд, поаѓајќи пред се дека таквата одлука е конечна и извршна.

Од тука првата работа која што треба да се товари на Владата и на министерот Зибери е не извршувањето на одлука на Уставен суд. Во овој случај би било крајно несериозно и спротивно на принципите на правната држава, доколку за ваква сериозна работа не се побара одговорност од оние што биле надлежни и задолжени за оваа проблематика, особено ако се има предвид армијата оштетени пензионери и се разбира негативниот ефект во градењето на правниот систем и на правната држава и секако

функционирањето на тој правен систем што долгорочно гледано ќе има нестручно или на овој начин водената постапка.

Втората работа на која сакам да укажам, а која упорно долго се чува подалеку од јавноста е не еднаквата положба во која се наоѓаат корисниците кои правото на пензија го оствариле заклучно со 31 декември 1994 година и оние кои тоа право го имаат остварено по оваа дата. Имено, за да ги изедначи пензиите остварени по 1994 година, кога престана да важи членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии со оние остварени пред таа дата, кои беа намалени веќе за 8%, Фондот го вгради преку упросечувањето нивото на пензиите и негативниот ефект предвиден од Законот за исплата на плати и пензии. Со тоа се разбира во негативна смисла, односно во определување на понизок износ на пензии од оној што на корисниците им припаѓа според Законот, сите пензионери станаа солидарни во извршувањето на законската неправда, што им ја направи укинатиот закон.

Незадоволни од ваквата постапка, пензионерите покренаа постапка пред Уставниот суд, кој со своја одлука реши да не му дозволи на Фондот негативното влијание на членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии да го вгради во пензиите остварени после 1994 година. Бидејќи се работи за драстично мал број пензионери кои правото го остварија после 1994 година во однос на сите оние кои пред тоа што ги имаше, околу 200 илјади пензионери, Фондот без проблем и без никакво преиспитување ја примени во овој случај одлуката на Уставниот суд. Се разбира, во овој случај на министерот и на Владата воопшто не им беше грижа што со ваквата постапка се нарушува уставното начело на еднаквост меѓу граѓаните, па така сега имаме состојба според која двајца корисници кои работеле на исти работни места и примале иста плата, но отишле во пензија едниот до 1994 година, а другиот после таа дата, вториот прима поголема пензија од првиот, во одредени случаи за над 30%.

Доколку на пензиите остварени до 1994 година им се додадат одземените 8%, во тој случај сите корисници тогаш би биле во еднаква положба. Оваа ситуација трае од 1995 година наваму и после огромните реакции на оштетените пензионери. Затоа мислам дека, и заложбата на Уставниот суд тогаш беше, кога се водеше спорот за 8%, да се најде и да се заклучи дека пензионерите се во право за да може сите да бидат во еднаква положба. Сега имаме две различни категории на пензионери, иако некои од нив имале исти работни места и примале иста плата во зависност од тоа дали пензијата ја оствариле до 1994 година или после таа дата.

Од ова произлегува дека во вториот случај кога се работеше за релативно мала сума на пари, решено беше да се испочитува одлуката на Уставниот суд, додека во случајот за 8%, каде што се работи за иста правна работа а во прашање навистина огромна сума на пари и на средства, до денес сеуште не е извршена одлуката на Уставниот суд, односно закинатите 8% не се калкулирани во пензиите на оние кои што беа за тој процент оштетени. Очигледно е во ваквите случаи дека како да се воведува некој нов систем на обезбедување на средства во Фондот преку самофинансирање на оние на кои треба да им се врши исплатата. Така доколку и понатаму финансиската состојба на Фондот се влошува, доколку надлежните фактори бидат осоколени од не извршувањето на судските одлуки, би можело да се предложи еден закон со кој на пензионерите ќе им се даде само половина од пензијата определена со законот и на тој начин Фондот навистина ќе може да обезбеди големи финансиски средства и навистина неговата финансиска состојба биде на завидно добро ниво, меѓутоа се разбира дека такво нешто не е можно. За мене посебна приказна е прашањето за потребните финансиски средства за реализација на така наречените 8%. Секој со своја сметка во зависност од тоа дали исплатата на одземеното сака да ја направи објективно не можна или сака да каже дека сепак таа може да се изврши, така овие бројки се движат од 180 до 600 милиони германски марки. Пензионерите, односно организацијата на пензионери вели дека е мала сума, дека се 180, Фондот вели дека се многу повеќе, трети велат трет износ итн.

По мое убедување се работи само за обични надмудрувања, игралии и за тоа зборува и фактот што Фондот располага со моќен електронски систем за автоматска обработка на податоци, за кого нема полесна програмска задача од таа да пресмета колку средства им се одземени на пензионерите и колку денес е вкупната обврска на Фондот кон пензионерите.

Единствено за што мислам дека министерот и неговите претпоставени се живо заинтересирани е дали во предвидените термини се обезбедени средства за исплата на пензиите, затоа што ако се касни или не се обезбеди до крај што се разбира би било за

мене голем проблем и тука може да се загуби на овој начин најмасовното и барем до сега највeрното гласачко тело на партиите на власт. Занемарената стручна работа, не спроведени никакви реформи или барем не некои крупни, позначајни во овие назад многу години по мое убедување, во случајов и непочитување на Уставот и законите, па и лошата кадровска политика повеќе од сигурно е дека ќе се одрази врз материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија кои кога тогаш ќе ја сфатат заблудата дека ако не е оваа власт, односно ова раководство би можеле да останат и без онака малите пензиски примања. Пензиите што тие ги користат ги имаат спечалено со својот труд и тие не можат да зависат од добрата волја ниту на министерот, ниту на овој Парламент, ниту на било кој друг во оваа држава.

Оние кои што не сакаат да се реализира ова прашање, односно да не се исплати заостанатиот долг кон пензионерите, за да се покрие нивната одговорност за направената грешка, прикажуваат огромна сума на пари, а другите кои се припадници на правилото дај што ќе дадеш или подобро нешто отколку ништо, велат дека долгот кон нив и не е толку голем за да не може да биде исплатен. Се на се по мое длабоко уверување голема лакардија. Постојаното насочување на проблемот кон висината на средствата потребни за исплатата на долгот, а тие се толкави колку што се, колку што е ограбено дел од пензиите има за цел да го сврти вниманието на јавноста од суштината на овој проблем кон неговата техничка реализација. А суштината е дека пензионерите се оштетени, дека е прекршен Уставот и законите и дека не се почитуваат одлуките на Уставниот суд и на Врховниот суд и се разбира во сите овие случаи, во сите овие прашања можеби едно од најважните прашања е прашањето на одговорноста.

Сега би сакал да кажам неколку збора околу проблематиката во врска со меѓународните договори, иако во последно време чувствуваме една забрзана динамика во оваа област и тоа во секој случај е за пофалба и е добро, а можеби на извесен начин и нашата интерпелација и укажување помогнаа во тоа или не, меѓутоа имаше многу започнати работи кои што еве сега се завршуваат, така да мислам дека видливо е да во оваа област постои една забрзана динамика во тие разговори и во склучувањето на тие договори. Како што е познато поранешна Југославија имаше заклучено 18 договори за социјално осигурување, со кои осигурениците од Југославија и другите соодветни држави ги остваруваа правата од социјалното осигурување. Со распаѓањето на Југославија со Уставниот закон за спроведување на Уставот, беше преземено од Република Македонија важењето на овие договори како свои. Интенцијата, на Уставниот закон беше, сега овие веќе туѓи договори, да важат одреден период...

(Реагирање на пратеникот Ајдарага од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, секој ќе добие збор.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

За мене ова е извонредно важно прашање, за мојата држава господине, ако вас не ви е важно...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да разговарате, ве молам господине Ајдерага, немојте да дофрлувате од место.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Интенцијата на Уставниот закон беше, овие сега веќе туѓи договори да важат одреден период се додека Република Македонија не заклучи со овие или други држави свои договори, во кои ќе стои како една од договорните страни Република Македонија со што на извесен начин ќе ја потврди својата самостојност и државност. Но, наместо да се започне со оваа работа, со голем интензитет, за што постоеја сите предуслови Владата на Република Македонија и се разбира, Министерството за труд и социјална политика по мое мислење направија до денес многу малку заради што сега имаме состојби со кои осигурениците кои работеле во други држави правата од ова осигурување ги остваруваат според поранешните и сегашни договори во кои како една од договорните страни стои СФР Југославија и се разбира со помошни обрасци кои се користат во постапката, а на кои исто така стои сеуште името на не постоечката држава. Ваквата состојба за една самостојна држава како што е Република Македонија, е во најмала рака недопустливо и создава полно дилеми во политичка смисла на зборот. Но, се разбира тоа ни малку не му пречи на Министерството за труд и социјална политика и на министерот, се разбира, кое по мое

мислење во текот на своето министерување во оваа област не направи доволно, односно не направи толку колку што требаше да направи.

Се разбира ваквата одговорност на министерот произлегува од член 4 од Законот за склучување ратификација и извршување на меѓународни договори, со кои покрај другите наведени субјекти, поведувањето на постапката за водење на преговори и склучување на меѓународни договори е во надлежност на органот на државната управа во чија надлежност се прашањата кои треба да бидат уредени со меѓународен договор.

Од ваквата инертност на Министерството со кое раководи господинот Зибери, произлегува, се разбира автоматски и во одредена смисла недоволната активност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кој е надлежен орган за решавањето на прашањата кои се јавуваат во примената и реализацијата на овие меѓународни договори. Заради целосно согледување во оваа област, состојбите се следни.

Прво, стапени се во сила спогодбите со Република Хрватска, Австрија и сега се потпиша Спогодбата со Словенија. Парафирани се спогодбите со Турција и Швајцарија, договорени се обрасци со Германија, Австрија и Швајцарија. Од ова јасно произлегува дека состојбите се, според моите познавања, извонредно лоши во оваа област за разлика на пример од Република Хрватска, па и Словенија кои се отидени многу понапред и тие полека но сигурно го заокружуваат процесот на создавање на меѓународна регулатива во која стои името на нивната држава. На ваквите состојби често пати реагираа и некои осигуреници и преку средствата за јавно информирање во кое го искажуваат своето чудење дека, на обрасците кои ги користат во постапката за остварување на своите права го читаат името на државата, односно сеуште стои името на државата Југославија. Се разбира дека ваквата состојба во примената на овие договори нема влијание во остварувањето на правата од социјалното осигурување на нашите државјани, но зачудува фактот на инертниот однос на надлежните субјекти, а особено на Владата и на нејзиното министерство во врска со ова прашање. По мое мислење поради големиот круг залагања што го бара ова прашање за да навремено и комплетно се решат овие прашања е можеби поради кадровската не екипираност, не докрај целосната кадровска екипираност со луѓе кои што ќе можат и побрзо и поефикасно да ги извршуваат овие работи и се плашам дека ќе помине уште подолго време додека Република Македонија дојде во ситуација нејзиното име да стои на корисниците на сите договори што ги има склучено поранешна Југославија.

И неколку збора на крај за кадровската политика на министерот. Поаѓајќи од фактот дека Фондот располага со големи финансиски средства и со корисници на права во огромен број  како извонредно важно гласачко тело, целокупната кадровска политика е подредена токму на таквите интереси. Се разбира се што не е наклонето кон задоволување на интересите на министерот, односно не се во насока на претстојните избори не може да го задржи работното место. Управниот одбор кој во Законот за ПИОМ е највисокиот орган и кој ги има најголемите овластувања во Фондот, со својот состав е целосно подреден на Владата, на министерот и се разбира на политиката што тие ја спроведуваат. Во неговиот состав има тројца пратеници на ова Собрание, кои се разбира не случајно се од редовите на СДСМ, поаѓајќи од регулативата дека нив ги именува Владата, се разбира голем удел во тоа има предлогот на министерот, а тие се пратеници, се потврдува уште еднаш тезата изречена многу пати од оваа говорница за изменетата позиција на овој Парламент во однос на Владата. Поголемиот дел од останатите членови на Управниот одбор скоро никогаш или многу малку се занимавале со областа, во која сега треба да ги донесуваат најважните одлуки со исклучок на претседателот на Управниот одбор, инаку пратеник во ова Собрание кој во овој период се покажа дека е незаменлив на оваа функција. Резултат на ваквата политика по мое мислење се и доста големиот број на упатства, недоволно стручно донесени и покрај ризикот да направам одредена реклама на министерот кај албанското население, сепак морам да го искажам следното.

Со ваквиот состав на Управниот одбор и со секојдневното вработување, особено најповеќе со истомисленици и по национална основа, мислам дека докрај се врши една невидена политизација на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, во интерес на коалицијата. Од тука не е тешко да се заклучи на што се должат некои нестручно донесени одлуки и упатства, непочитување на судски одлуки и други дејства кои одат директно на штета на осигурениците и корисниците на пензии. Колку што мене ми се познати работите, слична е состојбата и во Министерството за труд и социјална политика, а инаку поаѓајќи од самостојноста огромна што министерот Зибери ја има добиено од

претседателот на Владата во оваа област, се разбира како значаен партнер во власта тој до денес сеуште нема заменик во тоа Министерство, иако 1/3 од вкупните социјални трансфери одат преку тоа Министерство, содржината на работа е извонредно голема и сложена во тоа Министерство и мислам дека можеби требаше до крај барем кадровски да се екипира и да се заокружи целата таа поставеност и на Министерството и на другите органи, кои што работат на оваа проблематика. Веројатно можеби затоа што, потсекретарот и еден од помошниците министри веќе се од неговата национална припадност, па можеби заменикот негов би требало да биде, највероjатно и логично би било тој да биде Македонец.

Мислам, дека е повеќе од неопходно преку разместување на одредени луѓе да се изврши деполитизација на Фондот и тој да добие карактер онаков како што го има според законот, а тоа е дека е тоа самостојна и стручна институција основана со закон, која ќе може, во целост да се посвети на интересите на пензионерите, се разбира притоа, со својата политика водејќи сметка да им обезбеди една мирна и достоинствена и спокојна старост. Колку се водело сметка за кадровските состојби во оваа област зборува и фактот што во Фондот, односно во нејзината стручна служба организацијата на извршувањето на работите, сеуште се врши според актот за организација и систематизација од 80-тите години, кога овој Фонд заедно со Фондот за здравство имаше заедничка стручна служба. Текстот на новиот акт беше во Министерството за труд и социјална политика повеќе од една година заради давање согласност, а после тоа еве повеќе од една година сеуште не е на виделина, односно не е реализиран преку давање на соодветни решенија на вработените во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Така што работниците во подрачните служби на пензиско и инвалидско осигурување сеуште и ден денеска имаат решенија за своето работно место, во кое што името и називот на работното место е од периодот кога имавме заедничка стручна служба со Фондот за здравство. Значи, решенија за непостоечки фактички денеска работни места. Зошто е тоа така, навистина не ми е докрај јасно.

Од тие причини што сега ги изнесов, мислам дека интерпелацијата што е поднесена, односно од страна на подносителите се во право и мислам дека овој Парламент би требало да изгласа политичка одговорност кон министерот за труд и социјална политика од причините кои што ги наведов во ова мое излагање.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван ми-нистер, јас навистина ќе го почитуван начелото што ова Собрание го усвои на почетокот на седницата и ќе бидам максимална толерантен спрема одредени работи кои што беа кажани, посебно во делот на не заменливоста и мислам дека тука не погреши многу господинот Мешков.

Интерпелацијата за работата на министерот за труд и социјална политика г-динот Насер Зибери, мислам дека е промашена, таа најмалку се однесува на него и мислам дека тоа е само повод. Главната причина е отворањето на едно осетливо прашање поврзано со правата на пензионерите и исплатата на т.н. 8%, со цел да се соберат поени пред парламентарните избори од подносителите на интерпелацијата, односно од претставниците на ЛДП. Мислам дека тоа е голема грешка, бидејќи поените посебно во оваа свера не се собираат сега, особено не на ваков начин. Тука поединците некој ги собра пред вас во изминатиот период од 3, 4 години, кога Фондот имаше дефицит од 2450 милиони денари, кога бројот на пензионерите месечно се зголемуваше за 1500 корисници и кога пензионерите не знаеја кога ќе ја добијат редовната пензија. Во вакви услови со мерките кои ги донесе ова Собрание на предлог на Владата на Репубика Македонија и на Министерството, ние успеавме пензиите редовно секој месец да им ги исплаќаме на пензионерите, успеавме да ја исплатиме заостанатата пензија и успеавме финансиски да го консолидираме Фондот и го доведеме на прагот на реформите што сега треба да се спроведуваат. Мислам дека, тоа го знаат сите пензионри и граѓани на оваа држава и мора да признаете дека тоа е голема работа.

Во врска со суштинското прашање околу исплатата на тн. 8%, морам да кажам дека не се разликуваме од подносителите на интерпелацијата. Напротив, ние сметаме дека треба да се направи нешто што е посебно врзано со социјалниот статус на пензионерите. Дури и денес беа преземени некои чекори во таа насока кои што верувам дека ке ги спомне министерот. Единствено се разликуваме за тоа дали и кога тоа треба да го направиме. Нормално по завршувањето на постапката, која што сега се води во рамките на судската

власт и нормално по сублимацијата и утврдувањето на финансиската состојба на Фондот, бидејќи мора да се согласите лесно е да кажеме од говорница едно, тешко е тоа да се спроведе, бидејќи во прашање се огромни пари. Да потсетам милијарда и 611 милиони денари месечно им се исплаќаат на пензионерите некаде околу 60 милиони германски марки. Како и мојо претходник исто така мислам дека, нема смисла да го замарам ова Собрание со правни толкувања, бидејќи тие работи ги расчистивме во рамките на ЗПК и тогаш бевме истомисленици по ова прашање. Незнам, веројатно некој еволуирал, дали како резултат на одредени последици. Не е на одмет да се каже дека хронолошки овој пробоем датира од 30 декември 1994 година, кога Уставниот суд го укина членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии. Фондот ја примени оваа одлука со влијание на членот 6, а дел од пензионерите бараа да се примени без влијание на член 6, иако таа одлука беше укинувачка без ретроактивни правни последици.

Врховниот суд во април 1996 година донесе пресуди, со кои ги уважи тужбените барања,а предметот го врати на повторно одлучување. Имајќи го предвид дека не е одлучено мериторно, туку предметот е вратен на повторно одлучување и разгледување Фондот ја оцени потребата од повторување на постапката со истакнување на нови факти заради зокружување на ова прашање од формално правен аспект и покрена иницијатива за толкување на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а во врска со член 5 и 6 од Законот за плати. Автентичното толкување се сеќавате го донесе ова Собрание и јас мислам и сега никој овде во оваа сала не смета дека во услови кога имаме замрзнати плати, пензиите не треба да ја пратат судбината на платите.

Мислам дека тоа беше спомнато и во почетокот на излагањето на мојот претходник. Но, тоа не е битно за целата работа, е битно дека постапката е не завршена. Токму тоа нез авршената постапка е причината зошто не се спровеува пресудата и по овој основ нема министерот ама баш никаква одговорност.

Од тие причини сметам дека интерпелацијата не треба да се прифати.

**ВЛАДИНИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, денеска зборуваме за интерпелацијата за г-динот Зибери и јас ќе кажам нешто околу таа интерпелација. Г-динот Мешков, беше доволно аргументиран, јас ќе бидам пократок.

Интерпелацијата како што знаете на пратеничката група на ЛДП се заснива на фактот дека, министерот за труд и социјална политика г-динот Зибери, битно допринесува за севкупните лоши состојби во ресорот со кој раководи. Во оваа прилика сакам посебно да го издвојам уделот во не почитувањето и не спроведувањето на одлуките на Уставниот суд на РМ и пресудите на Врховниот суд, а кои се однесуваат на т.н. 8% закинати од пензиите на пензионерите. Мора да го кажем и фактот дека г-динот министер Зибери, оваа интерпелација се однесува и заради инертноста негова и на неговото министерство во преземање мерки и активности и воопшто работата на неговиот ресор, министерство, а во еден дел и околу не склучувањето и индолентниот однос околу не склучувањето на меѓународни договори за социјално осигурување. Јас во оваа прилика нема да се пуштам во хронологијата на не почитувањето како на уставниот, така и на Врховниот суд, како и на патиштата по кои власта, Владата сака да ги замае пензионерите оддолговлекувајќи го со некои барања, инсистирања на повторно враќање на Уставен, на Врховен суд, само да се добие во време. И еве сведоци сме дека Уставниот суд веројатно денеска ќе одлучува по таа тема и веројатно ќе одлучи онака како што Владата веројатно сака. Со ова не сакам воопшто да се впуштам во оценката за Уставниот суд и неговата компетенција и исправност.

Исто така, сакам да го истакнам фактот дека 8% се еден од големите пропусти на г-динот министер, кој проблем се провлекува од 1993 година и се од 1993 до 1998 година се провлекува, а пензионерите остануваат ускратени не за 8%, како што се манипулира во јавноста, туку за многу повеќе од 8%, се работи за износ од околу 32%, 33%. Јас во една прилика реков дека ако сега би споредиле пензиите на еден пензионер ако би била 10 илјади денари, сега би требало да биде 13 илјади денари. Со ова вака во бројки можам да преставам колку се оштетени пензионерите. За оваа иницијатива многу пати јас и мојата пратеничка група на ЛДП се обидувавме да се избориме за ова право, кое им следува на пензионерите.

И сега, малку ќе се вратам на дискусијата на претходноит дискутант кој рече дека, ние сега со ова правиме маркетинг. Ако ова е маркетинг, јас ќе ве потсетам дека ова прашање ние како ЛДП го покренуваме веќе четврти пат. Јас ќе ви документирам точно дека пред три години е првата иницијатива која ние ја покренавме. Последен пат кога јас во името на пратеничката група барав на ова Собрание да се расправа, пред два месеци таа наша иницијатива за овие 8%  беше одбиена. Гласаа сите од СДСМ против тоа за таа одлука да се расправа, а гласаа и г-дата социјалисти, сите гласаа против ова да се расправа. Јас не знам, не можам никако да го протолкувам ставот на социјалистичка партија, која многу гласно истакнува дека таа се залага за правата на работниците, за правата на пензионерите, а од друга страна не сака да дигне рака и да каже дека ја поддржува иницијати-вата на ЛДП, дека треба да се расправа и треба да донесеме овде одлука што и како треба пензионерите да бидат обештетени. Јас и денеска очекувам оваа наша иницијатива која се однесува за г-динот Зибери тие да ја поддржат. Јас верувам дека тие ќе гласаат. Ако не гласаат веројатно со тоа ќе си го потврдат својот став, кој го имаат по однос на ова прашање.

Непочитувањето на Уставот и законите на оваа земја, уште еднаш ќе се потврди, ако е вистина, а така се очекува, може би Владата ќе посака со некои не сега 8%, со некои 10% да ги залаже пензионерите сега пред изборите и со тоа нормално тие да ги поддржат. Меѓутоа, дури и тоа да го направи тоа ќе го направи по наша иницијатива, по иницијатива на ЛДП, затоа што е притисната тоа да го направи, а не што сака да им ги даде тие 10%. Лошите состојби во ресорното министерство се гледаат и во фактот што умешноста на министерот и министерството, допринесоа многу договори од областа на социјалната свера не се потпишани и со тоа се нанесува штета на граѓаните на Република Македонија, чии права произлегуваат од овие спогодби. Исто така, и на угледот на Република Македонија како држава. Конкретно, Република Македонија до днееска има склучено договор до Социјално осигурување единствено со Хрватска, Австрија, сега ми се чини со Словенија. Јас сум еден од корисниците од Словенија, како бивш работник на една словенечка куќа и самиот си ги средував работите околу докажување на овие права. И да знаете дека патот не е така лесен. сите наши соседни земји, по осамостојувањето само со исклучок на Босна и Херцеговина овие сите спогодби ги потпишаа, или се при крај да ги потпишат со сите други држави. Останавме Македонија како последна во исполнување на оваа обврска. Со оглед на изразито неповолните состојби кои ги имаме во склучувањето на договорите за социјално осигурување, во кои една од договорните страни треба да биде Република Македонија, не поранешна Југославија каква што е фактичката состојба произлегува дека Владата на Репубика Македонија, а особено ресорното министерство за труд и социјална политика раководено од г-динто Насер Зибери ова значајно прашање кое ја детерминира државноста на Република Македонија, останало на маргините на владината политика, пред се заради неактивноста на министерот, а по таа не активност и сите не активности во министерството.

Од овие причини нир пратениците на ЛДП на оваа седница на која се расправа околу интерпела-цијата и бараме истата да биде прифатена со што ќе се допринесе во оваа држава да се почитува Уставот и законите, а во едно министерството по ефикасно да си ги извршува своите обврски.

Јас морам да потсетам дека, во износите кои беа спомнувани од страна на г-динот Мешков, беа спомнувани разни износи кои се потребни да се надокнади ова што е закинато од пензионерите, од нашиот нај сиромашен слој и мислам дека тука повеќе цифри беа кажани, меѓутоа ќе потсетам дека не зачудува однесувањето на претседателот на пензионерите г-динот Вите Исјановски и Антон Марковски, кои да ви кажам право се залагаат и се жалат дека државата нема пари, па еве сега нешто ке имаме, ќе дадеме. Јас незнам дали тие ги застапуваат интересите на пензионерите, или застапуваат некои други интереси. Кого поддржуваат тие? Тие треба да ги поддржуваат пензионерите. Беше речено дека г-динот Мешков и претходниот дискутант се истомисленици. Јас мислам дека не се истомисленици, бидејќи ако мислеа исто, г-динот Мешков, ќе останеше во Фондот каде што работеше. Значи тие не се истомисленици, не мислат исто и затоа тој веќе не е во Фондот, доби отказно решение.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван министер, дами и господа пратеници, денешната интерпелација против министерот за труд и социјална политика јас ја доживувам всушност како еден вид интерпелација, или негирање на целокупната социјална политика, а и целиот арсенал на социјални мерки кои што заклучно до денес ги предлагаше Владата на Република Македонија.

Дозволете ми да направам мала ретроспектива. Пред се до последните неколку години сватиvме дека цената на транзицијата ја платиvме сите во Репубика Македонија, а не само одредени сегменти на популацијата. Се докажа дека капитализмот не е така идеален, дотолку повеќе што во нашите услови на Балканот, ние го градевме во отежнати услови, паралелно одеше признавањето на државата, блокадите итн. Ќе се сложите дека во одредени држави социјалниот пат на извесни субјекти доведе до одредени ломови како што беше нај драматичната состојба во Бугарија и Албанија. Би направил уште една асоцијација дека доколку Балканот во 90-тите години беше еден вид прос-тор на силна национална идентификација, во втората половина на 90-тите веќе зборуваме за еден социјален Балкан. Имено, ниту една држава на Балканот па и пошироко денеска не може да констатира дека е ослободена од социјалниот притисок, социјалните тензии и социјалните проблеми. Така и нашето семејство денеска кое беше едно семејство на една национална иконографија денеска, повеќе семејство со одредена изразена социјална вокација. Секако кривци за тоа се објективно гледано процесите на транзиција, развитокот на дивиот федерализам и воопшто еден процес низ кој што поминуваат, или поминаа поголем број држави на Балканот и во Европа.

Меѓутоа, соочени со ваквите ризици Владата на РМ започна една серија на акции со социјална боја, со цел да се соочи со сите овие предизвици и од секојдневното живеење, а кои што имаат можност да создадат навистина едно големо осиромашување на семејствата и на граѓаните. Така од 1994 година пензиите редовно се исплаќаат и само би потсетил, добро да ја запамтите бројката, оваа Влада секој месец мора да изнајде нови 60 милиони ДМ за да обезбеди редовно исплаќање на пензиите. Ќе се согласите тоа е мошне сериозна бројка. Паралелно што е за пофала е што оваа Влада и овој Парламент го усвои Законот за смалување на невработеноста, промовира неколку акции, пак со социјална вокација во доменот на образованието. Денес според неофицијални тоа веројатно ќе го каже и министерот Зибери, имаме уште неколку такви акции во доменот на социјалната политика. Тоа воопшто не треба да биде збунувачко затоа што, како што знаете на власт е една коалициона влада составена од СДСМ и останатите политички партии на левицата зад кои на челото на социјалната солидарност, хуманата солидарност, развојот на социјалната демократија се основни начела на нејзината политичка доктрина. Секако, дури и да не биде во преден план ставен профитот, а пред се во преден план да биде ставена индивидуата односно човекот во тоа всушност е и големата разлика меѓу двете доктрини онаа на либералната опција и онаа на социјалдемократската опција. Имено, како што знаете, ако некој веќе може да се пофали со својата хумана димензија на социјалната политика тоа е социјалдемократијата. Токму социјалдемократијата уште од пред еден век беше онаа политичка опција која настапуваше во корист на интересите на граѓанинот, во корист на разните социјалли групи, маргинализираните социјални групи. Затоа, оваа интерпелација која што ја поднесе ЛДП е соочена најмалку со три парадокси.

Првиот парадокс е кој ја предлага интерпелацијата. Парадоксално една партија која според вокацијата, барем во Европа е секогаш симбол и кочница на социјалната демократија на социјалната солидарност, партија која што секогаш во преден плана го става профитот а не индивидуата, да предлага интерпелација за низа акции против еден министер кој си ја извршуваше и ја спроведуваше социјалната програма на својата влада. Како што знаете денес на сите ние јасно, иако и либералните партии имаат одредена социјална програма, сепак постои една јасна граница меѓу либералната социјална програма и социјалната програма на социјалдемократијата. Заради тоа, господа пратеници од ЛДП навистина наидувате на еден терен каде и по доктрината и по практиката можеме да се пофалиме дека сме многу подобро пласирани од вас.

Вториот парадокс, е што предлага ЛДП. Дали предлагате една концизна програма, нешто што навистина би ја подобрило позицијата на граѓанинот на оној што е социјално загрозен, или предлагате критики, предлагате секогаш економски перформанси, меѓутоа, кои што секогаш не се во корист на индивидуата.

Третиот парадокс е зошто оваа интерпелација е побарана денес, во очи на изборите, а не пред неколку години, кога знаеме дека денес Македонија, сепак ќе се соглсите со мене покажува одредена поголема економска и социјална стабилност, една поголема анимација. Јас нема да ви ги цитирам само последните неколку акции, неколку предлози од социјална вокација кои што ги предложи Владата, вклучувајќи ја и онаа што веројатно ќе ве изненади, а се разбира во позитивна смисла ќе не охрабри и натаму да продолжиме и до новите избори и натаму да ја промовираме нашата социјалдемократска опција за еднаквост на шанси и за едно праведно социјално стопанство.

Во тој правец сметам дека оваа интерпелација е безпредметна. Ако веќе бараме интерпелација би требало да бараме една интерпелација која нема смисла, нема чуство за такви социјални потези и такви социјални програми, а таа интерпелација господо доаѓа токму на ваша адреса.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван претседателе, јас морам да признам дека социјалните теми, или теми кои задираат во областа на социјалната правда и односот на државата кон тие праашања ми се блиски. Мислам дека, е добро почесто такви теми да се покренуваат. Меѓутоа, имам впечаток дека оваа тема сега и вака покрената прво редоследно претставува еден своевиден апсурд односно една недоследност, а од друга страна мислам и не е упатена на право место. Искористен е несоодветен повод за да се покрене една ваква глобална, голема и широка тема. Сите сме свесни дека оваа прашање и вакви прашања од еден човек, сеедно нека биде и шеф на еден ресор од таа област неможе да зависи. Таа зависи пред се од целокупната глобална политика на државата, а над се од одлуките и политиката на Владата. Но, ако веќе се сакало со тоа нешто да се покрене, кога би бил јас иницијатор на таква тема, тогаш би почнал со еден редослед кој би ја комплетирал социјалната политика и социјалната состојба кај нас.

На пример зошто не почнеме ние како Собрание, да расправаме околу младината и невработеноста на младината, како еден основен пункт на социјалната стабилност и перспектива на земјата и на државата. Потоа, зошто немаме досега една тема состојбата со алиментација, односно наградување на трудот на вработените, односно односот сега на трудот и капиталот во ново создадените услови во транзиција. Каков е тој однос. Дури морам да кажам дека оваа тема мене ми е симпатична, бидејќи како пензионер и јас би ги сакал овие 8%. Меѓутоа, кога се споредуваме сега сите, нешто Нано Ружин спомна за тоа, мислам дека во однос на вработените во некои свери дури и во последно време ни испаднг дека пензионерите се во постабилна релативна состојба отколку самите вработени во некои области на работа. Сакам да кажам дека социјалната свера и социјалната политика е многу поширока и ако сакаме таа свера да ја опфатиме, тогаш би требало да биде во целост. Инаку околу оваа проблематика за 8% едно цело време откако е покрената таа иницијатива мене не ми е докрај јасно која страна е во право и колку е во право. Но еве нека се тоа по некој редовен пат како се тоа вика, расчистува. Мислам дека за тоа самиот министер ниту ја носи вината ниту почнува откако е он дојден на чело на овој ресор, ниту последиците пороизлегуваат од неговата работа.

Затоа мислам дека, би било добро Собранието како највисок орган во државата, треба почесто да се навраќа на социјалните прашања. Но тоа да не биде од крајниот дел, туку да почне од она што е основниот дел, од вработеноста, од состојбите со младите итн.

Уште нешто би сакал да кажам, што мислам дека е во корист и на предлагачите на оваа интерпелација и на самиот министер. Обично опозиција покренува интерпелација за релевантни министри, односно за оние за кои што смета дека нивната работа е од пошироко значење. Јас мислам дека, е ова потврда на една моја дамнешна и желба и теза, министрите од сите свери што се, ни еден да не биде фигуративен. Сите да бидат функционални, ефективни министри. Мислам дека и самото покренување на интерпелацијата покажува дека се работи за еден ефективен министер и дека има значење неговата работа пошироко во општеството и за позицијата и за опозицијата. Затоа мислам дека тоа е важно и е во негов прилог, иако мислам деќа такви социјални теми треба да се покренуваат почесто. Затоа мислам дека функцијата на интерпелацијата може да биде само таа, еве да се анимира некоја проблематика. Но, мислам дека она не треба да се прифати.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитуван министер, од денешната расправа по оваа точка очигледно се гледа дека една партија се однесува како да е позагрижена за правата и статусот на пензионерите.

(Дофрлување од место).

Така мислите Вие, а јас мислам поинаку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да префрлате.

Сами иницирате на таква иницијатива.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Мислам дека воопшто не сте загрижени за нивните права, туку сте загрижени за вашата индина.

Покренувањето на оваа интерпелација од страна на Пратеничката група на ЛДП, во врска со тековната работа на министерот за труд и социјална политика, господинот Насер Зибери, пред се околу прашањата наведени во таа интерпелација, како што се пензиското прашање и преземените мерки и активности за склучување на меѓународни договори за социјално осигурување, мислам не се докрај аргументирани од Вашата страна преку интерпелацијата, доставена до ова Собрание, па и од денешната расправа. Според тоа и самата интерпелација е неоснована и беспредметна. Според тоа, произлегува дека мотивите на оваа интерпелација несомнено се од политичка природа. Со тоа со оваа интерпелација се сака да се привлече вниманието на јавноста и тоа да се фокусира токму по овие две жешки прашања, како што се вработувањето, пензиите, кои се од животен интерес на еден значаен корпус од населенито. Токму пред парламентарните избори наесен. Токму затоа, транспарентноста на ваквите дневно политички и маркетиншки потези на ЛДП, не можат да се апстрахираат, кога се работи за областа која е издеференцирана како предмет на критики.

Меѓутоа, вистинската причина на лоцирањето на прашањето е самиот министер, неговиот престиж и успесите во работата, од една страна. Од другата страна во дадениот политички момент да се деградира еден висок функционер албанец како крајна цел. Ако со вакви форми и методи на определба се деградираат албаниците на почетокот само носителите на функциите, најверојатно со наредните постапки истите полесно ќе можат да се откријат и да се издиференцираат. Тоа значи дека ЛДП како една од варијаните на предизборното дејствување го предодредила подигањето на кампањата, врз премиси на национална исклучивост. После двете поднесени резолуции во ова Собрание од страна на ЛДП, кои не кореспондираа со реалноста, меѓутоа тие јасно беа вперени против интересите на нашата држава за нејзиното интегрирање во евроатланските структури.

Оваа партија и покрај префисите либерали и демократи дека е добро прифатена од европските либерали, се чини дека ја открива вистинската политичка маска на политичкото дејствување. Додека другите македонски партии во опозицијата и вон парламентарни парии се повеќе еволуираат во позитивна насока во своите партиски ставови. Вие несомнено поаѓајќи од маркетиншки стратегии, чекорите наназад кон декаденција на односите, наместо прокламираниот граѓански концепт. Мислам дека, на ваков начин не се добиваат гласовите на избирачите, бидејќи практиката веќе покажа дека не принципиелната политика се враќа како бумеранг.

Јас мислам дека не се доволни само вербалните изјави на челниците на ЛДП дека сакаат добри односи со политичките партии на албанците, по конкретно со ПДП. Тоа треба да се верифицира во секојдневниот живот. Независно од тоа дали се работи за албанци интелектуалци или нешколувани, времето на овие вторите сигурно оди во неповрат. Министерот Насер Зибери по наша оценка е успешен, затоа што оствари некои значајни реформи во областа на неговиот ресор. Со реформите во пензискиот систем беа постигнати добри ефекти во финансиското косолидирање на фондот, со што се скрати рокот на исплатата на пензиите. А за прв пат после повеќе години се оствари вишок на приходи над расходи.

Што се однесува на активноста на министерот во склучува-њето на меѓународните договори на социјално осигурување, покрај преземените билатерални договори од оваа област кои поранешната Југославија ги беше склучила, ова министерство сукцесивно ги обновува веќе склучените договори, вклучува нови договори, но не треба да се заборави дека оваа поставка е по долготрајна и доста сложена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата почитувани колеги, очигледно дека оваа интерпелација предизвика интерес како на оваа седница, сигурно и во јавноста, од аспект што токму преку оваа интерпелација, која е дадена против министерот за труд и социјална политика од страна на пратениците на ЛДП, целта е да се анимира и активира едно прашање кое веќе долго време, да кажам наназад четири - пет години, е актуелно во овој наш систем и директно ги инволвира и ангажира околу 250 илјади пензионери, кои денес живеат на еден раб на егзистенција или да се потсетиме дека токму од таа бројка од 250 илјади пензионери, кои примаат пензии над 50% примаат минимални пензии од 3.900 денари. Земајќи го предвид и другиот факт дека голем дел од тие пензионери издржуваат и голем број невработени лица или отпуштени од работа, како технолошки вишок, порано вработени лица сега невработени, може да се свати кој е тој товар кој денешниот пензионер го издржува на својот грб и колку луѓе носи на својот грб со таа минимална пензија од 3.900 денари.

Сметам дека и Владата и Министерството требаше многу порано да се зафатат со реформи во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, требаше многу порано да се зафати со една сериозна структурна реформа од аспект на трајно решавање на овој проблем, од аспект на обезбедување на финансиски средства по една реална профитабилна основа. Кога го велам ова, навистина Владата направи некои напори и успеа да ја санира дубиозата од 1,8 милијарди марки, кој претходно беше во дубиоза самиот Фонд, успеа би рекол со некакви зафати преку буџетот, со зафати кај даноците, па со зафати во краен случај и со дисконтот од 70% кој  беше даден и кој кога беше тема на расправа кажавме дека навистина претставува исто така казна за тие што најредовно плаќаат, а награда за тие што не плаќаат, сметам дека со едно вакво хируршко или ад хок решение апсолутно не се реши трајно проблемот со пензиското и инвалидско осигурување, односнот не се трајно проблемот на пензиите во нашава држава. Имено, свесни сме и јасно е кажано дека само со еден профитабилен начин, како спомна некој од дискутантите, ние како пратеници од ЛДП не сме знаеле дека профитот практично значи и прва основа за решавање на социјалата, сметам дека токму на оваа основа требаше со зголемување на процентот на вработените, значи со намалување на процентот од 42% невработени лица во нашава држава, на еден профитабилен начин со реално вработени лица преку нив практично да се овозможи реален дотек на средства во самиот Фонд за пензиско и инфалидско осигурување. Очигледно дека вакво привремено решение со кое се санираше состојбата во Фондот не значи и трајно решение, бидејќи пак доаѓаме во иста ситуација да се исцрпи тој фонд на средства и да се дојде во ситуација да неможе да се исплатат ниту тие минимални пензии, што имавме претходна ситуација, пред да се донесат одлуките за дискантот односно прибирање на средства преку Буџетот.

Сметам дека тука е основната грешка по мое мислење и би рекол основниот пропуст на оваа Влада и на Министерството за труд и социјална политика што не се зафати токму со сериозно решавање на проблемот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување преку реформа, која постои феќе како пример во развиените земји, каде што преку директна партиципација се овозможуваше или се овозможува таму во тие системи пензионерот да има мирни и сигурни денови во својот живот.

Сметам дека токму во таа насока треба да се прифати офаа интерпелација и мислам дека сите дискусии кои беа претходно кажани дека се работи за директен напад за личноста на г-динот Зибери, кој меѓу другото јас лично го ценам како човек, сметам дека е многу погрешна позиција, апсолутно не се работи за напад на личност ниту за напад да кажам на колега кој е од албанската етничка припадност. Сметам дека се работи за една сериозна тема за расправа, се работи за Фондот, за Министерството, па во краен случај и за Владата која неуспеа да се справи со еден многу сериозен проблем, преку одредени реформи кои одамна ги најавуваше.

Самата интерпелација во себе, како што беше кажано, се заснова на два пункта. Првиот пункт се тие 8% или фамозниот член 6, кој беше укинат од Уставниот суд и токму непочитувањето на Одлуката на Уставниот суд, која практично значи и директно прекршување на Уставот, на членот 112 од Уставот, каде што јасно се вели дека одлуките

на Уставниот суд се конечни и извршни, па ако сакате и членот 170 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, каде што јасно се вели дека министерот за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работењето на Фондот и може да запре извршување на општ акт на фондот, ако не е во согласност со Уставот до донесувањето на одлука на Уставниот суд. Значи, многу јасно и децидно кажано што требаше практично министерот да направи, кога се донесе одлуката на Уставниот суд, односно кога се укина фамозниот член 6, со кој практично им се ускратија 8% на пензионерите.

На ова би додал дека тие 8% и не се 8%, тоа го кажа претходно во дискусија г-динот Мешков, се работи за поголем процент на одземени средства на пензионерите од 1994 година наваму или кумулативно се работи за 30% средства одземени од пензионерите, кои требаше да ги добијат, или со други зборови кажано, ако една просечна пензија е 6.000 денари денес, требаше во овие две години station наназад да изнесува 7.800 денари. Значи, се работи за една кумулативна вредност, значи тие не се 8% туку една поголема вредност која требаше да се исплати на пензионерите. Токму затоа сметам дека мораше и требаше да се реагира на една ваква одлука на Уставниот суд и министерот по својата функција требаше да ја примени, а се разбира дека постојат начини и средства, начинот на исплатата и би рекол обезбедувањето на тие средства кои не се мали, ние слушнавме една изјава на претседателот на државата дека тоа се средства во износ од околу 140 милиони марки, значи, можеше да се репрограмираат и исплатат во овој период од две години.

Другиот пункт на самата интерпелација, е се разбира инертноста на Министерството во однос на склучувањето на договорите, пред се би рекол со поранешните Југословенски репбулики, како еден прв чекор, па и со другите држави каде имаме и сме имале работници кои стекнале пензија, право на пензија или основна пензија, така што практично остана еден вакум во тој дел на решавање на тој проблем на голем број пензионери кои работеле во поранешните Југословенски републики, голем процент, па и во други држави, кои неможеа да го остварат своето право на пензии или со тешки маки доаѓаат до својата пензија.

Исто така, недозволено е според мене во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување до ден денеска да се работи за формулари кои носат ознака ЈУ, мислам дека тоа треба да се надмине, бидејќи подолго време сме независна држава.

Токму поради овие факти морам да кажам дека интерпелацијата мора да се сфати како еден поттик на сите инволвирани, би рекол и вработени почнувајќи од Фондот, па преку министерот, Министерството, па и преку Владата што поскоро да се зафати со реформи во системот за пензиско и инвалидско осигурување и сметам дека токму овие пропусти досега што се направени се доволен повод за оваа интерпелација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Трајаноска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА:**

Самиот факт што ЛДП т.е. нејзината пратеничка група се одлучи на чекорот поднесување интерпелација на член на Владата, во случајов г-дикот Насер Зибери - министер за труд и социјална политика, говори дека состојбата во Министерството со кое почитуваниот министер раководи е навистина тешка, лоша.

Покрај низата незаконитости и самоволија во работата на ова Министерство, имаме и непочитување на Одлука на Уставниот суд на Република Македонија и на пресудите на Врховниот суд во врска со т.н. 8%.и заради инертноста на Министерството за труд и социјална политика.

Јас, во мојата дискусија ќе се осврнам на фактот што имавме ситуација да одделни министри во Владата на Република Македонија т.е. на г-динот Црвенковски, со различен аршин ги мерат одлуките на Уставниот суд на Република Македонија. Така, имаме состојба по Одлука на Уставниот суд заради нејзино спроведување да се "инсценираат" познатите Гостиварски настани и се што по нив следуваше.

Во конкретпиов случај необјаснива е инертноста на Министерството за труд и социјална полктика, со кое раководи г-динот Насер Зибери во спроведување на Одлуката на Уставниот суд на РМ, која се однесува на така наречените 8% за пензиите. И овде неодминлив е коментарот што премиерот на Владата на РМ г-динот Црвенковски го даде на еден електронски медиум, "со преполнетиот брод со 100 патници и 101 патник кој може да доведе до состојба бродот да потоне".

Впрочем, пензионерите одамна требаше да го добијат својот заслужен дел од пензиите, кој неправедно им беше скратен, а не сета оваа состојба да се исполитизира до крајни граници. Но сега е време пред избори, па патниците од тој брод т.е. пензионерите треба со своите гласови да го спасат бродот на СДСМ да не потоне. Но бродот на СДСМ и покрај се ќе ја доживее судбината на "Титаник". Навистина и нема спас ни 8%. Значајно место во остварувањето на политика за целосна политизација на Фондот има и најтесното раководство на Сојузот на пензионерите на Македонија или поточно речено првите негови тројца луѓе. Создавајќи се палка на Владата, на министерот и на директорот на Фондот си земаат за право, злоупотребувајќи ја довербата на голем дел на пензионери, да предлагаат решенија за 8% во нивно име, а на нивна штета. Така тие поаѓајќи од финансиската моќ на државата предлагаат, почнувајќи од летово, случајно пред изборите, на пензионерите да им се дадат во основа 8% одсега натаму, а за останатиот дел ќе се расправа и решава дополнително, се разбира по изборите. При тоа не водат сметка дека:

1. Ако се интервенира на последниот износ на пензијата намалувањето не е 8%, туку 30,24%.

2. За да се испеглаат пензиите не може да се интервенира на последниот износ, туку тоа мора да се направи на пензијата во 1994 година, потоа тој износ со сите валоризации да се донесе на денешно ниво.

3. Понатаму, ваквиот предлог е добар само ако е во насока на пензионерите да им се врежи во главата, дека е подобро да добијат нешто, отколку ништо.

4. Ваквиот предлог е на штета на пензионерите и ги омаловажува пензионерите и нивното достоинство, затоа што ја потенцираат финансиската моќ, а на државата како битен фактор за не исполнување на обврските, а се заборава финансиската моќ е на најголемиот број на пензионер, кои се на работ на својата материјална егзистенција. Тие со право го поставуваат прашањето: "Зарем нас некој не праша каква ни беше финансиската моќ, кога државата ни ги намали пензиите?"

Затоа и не е чудно да слушате од овие луѓе апели и заклучоци, како што беше оној даден во нивното барање до претседателот на Собрание то на РМ, по повод Законот за здравствено осигурување, во кое во првиот став констатираат дека нивната надлежна комисија едногласно го поддржува законот, која треба да направи значаен чекор во поттикнување и развој на реформските процеси во оваа област, за веднаш потоа во наредниот став да кажат дека со овој ист закон се прави најординарна дискриминација спрема пензионерите, како осигуреници постари од 65 години, чии права не смеат да бидат загрозени како стекнати права. На овој начин тие јавно, манифестираат една невидена демагогија, од која на скте пензионери треба да им стаке јасно колку овке луѓе можат и сакаат да им помогнат во остварувањето на нивните егзисстенцијални права.

По се ова јасно се наметнува заклучокот дека, прекубројниот патник на бродот со 8% е министерот за труд и социјална политика г-динот Зибери и дека треба да го напушти бродот,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници, најнапред сакам да се заблагодарам на пратеничката група на ЛДП, во која сум и јас член, преку Институтот интерпелација за работата на министерот за труд и социјална политика г-динот Насер Зибери на дневен ред на овој Парламент, што инаку во подолг период отсуствува, да биде поставено едно многу значајно прашање од животен интерес за една поголема популациона структура во граѓанството во РМ, а тоа е за пензионерите и нивниот најголем актуелен проблем т.н. закинување на 8%.

Навистина е тешно после тежината на аргументите на воведничарот на ЛДП г-динот Мешков да се продолжи со опсервирањето, со објаснување на дополнителна аргументација со докази во однос на предметното прашање. Тешко е, се разбира и она што претставниците од СДСМ изложуваа во насока на одбрана или против аргументи на оние кои ние како пратеничка група, посебно преку претставникот Мешков ги искажавме во прилог на актуелното прашање. Сигурно е тешко и тоа актуелната Влада да најде решение за обезбедување на средства за она што е веќе конечно, извршно и правосилно одлучено, пензионерите да ги стигне, да им се оживотвори правдата, да им стигне на нивна адреса со добивањето на ускратените 8%. Најповеќе е тешко, затоа што и самата акутлена Влада го

доведе Пензискот Фонд до тавка состојба, во која што исто така не е умесно во образложението на претставникот на Владата и на претставниците на СДС, се кажува дека ете, поради многу тешката состојба на Пензискиот Фонд и мнеѓу другото е и причината за измената на плати и пензии, а со тоа и со тој фамозен член 6 и закинувањето на 8% на пензионерите.

Се разбира, од сите овие тешки, тешки моменти кои што напред ги изнесов, најтешко е сигурно за самите пензионери, кои што во цела состојба на економско - социјално живеење со голема не правичнсот се гледа на социјалната солидарност низ која се заснивaaт и нивните права на пензии. Не можат веќе подолг период на години да го остварат законското право и правосилно, од највисоките судски инстанци утврдена, во функција на заштита на правото на така нареченото добивање на износ од 8% што со Законот за исплата на плата и пензии им се закинати.

Јас нема да зборувам подетално во прилог на тоа што значи пензиска проблематика. Ќе се задржам на правниот аспект на прашањето. Претпоставувам дека од тој домен можем да изградам и свое убедување и став и во таа смисла сметам дека хронологијата што овде во неколку наврати беше искажана на случајот, доведува до еден краен заклучок, кој што е накратко сумирано, дефинирано да изгледа дека Уставниот суд, што ја контролира законитоста на актите и Врховниот суд кој е највисока судска инстанца, и која се грижи за един. ствена примена на законите, по случајот законитост, односно незаконитост на членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии, двете највисоки судски и правосудски инстанци се имаат изјаснето во прилог на тоа дека е извршена неправда кон пензионерите во однос на тоа што со тој член 6 што накнадно Уставниот суд го укина, им е ускратено 8% од правото на исплата на пензиите што им следувале.

Секое друго објаснување и од претставнкот на Владата и од претставниците на СДС дека постапките се сеуште неправосилни и сеуште се одвиваат постапки и пред Врховниот суд и пред Уставниот суд и она што правнички е точно дека Уставниот суд овој член 6 не го поништи, туку го укина, сметам дека е само фаќање на адути за одолговлечување и крајно нерешавање на она што значи правда за пензионерите и добивање на, за нив по закон следувањето на 8%.

Се разбира дека Уставниот суд ќе донесе одлука за тоа да се укине членот 6 а не да се поништи, како што е и објаснувањето од страна на Уставниот суд, со тоа што Владата е во функција да го утврдува правата и да ги утврдува начините на нивното остварување, а не преку одредување на услови да го ограничува остваруваето на праводо од Законот. Од тоа посилно и по аргументирано, по издржана аргументација и нема. И, било каква понатамошна расположба за продолжување на процесот на одолговлечување на случајот пред, користејќи и други вонредни правни средства кои што во барањето за заштита на законитоста се одбиени или пак во објаснувањето што сега е дадено од претсавникот на Владата во делот дека се води постапка и пред Уставен суд и пред Врховен суд, а таа постапка е покрената од другата заинтересирана страна или по втор пат, иако се вратени назад од страна на Врховниот суд управните акти потврдени од Минситерството, како второстепен орган односно од Фондот за ПИО и по враќањето на правните акти, иако претходно Врoвниост суд го одбил барањето за зашптита на законитоста, иако имаме конечна или извршан одлука на Уставниот суд дека членот 6, врз кој се заснивaaт негативните решенија на првостепениот и второстепените органи при Министерството за труд и социјална и на Фондот за пензиско осигурување, сметам дека е правнички нелогично и единствено објаснување е дека се сака извршната власт, односно Владата на РМ да се наметнува, како и во мнгоу случаи досега, над она што значи трета власт во РМ, а тоа е над судската власт.

Необјасниво е, исто така, како голема неправичност тоа што со самото тоа што не настана сообразување по укинување на членот 6 од Законто за исплата на плати и пензии што не се сообрази внатрешното министерство и Фондот за ПИО, со тоа што значи уставна одлука односно потврдена и до Врховниот суд, необјаснива е неправичноста и нерамноправноста што е направена во дел на пензионерите кои стекнале право на старосна пензија до 31.12.1993 година и оние кои после тоа го сотвариле како право, под исти услови стекнато право на пензија, во екстремни случаи и од ист работен однос, претходно работен пензиски стаж остварено право за пензија, а разликата во примањата во износот на пензијата е од 1.500 до 2.000 денари. Тоа, во овој монент во социјален стандард на живеење на пензионерите е премногу и за нив, за таа категорија е една голема неправда.

Втор момент на кој што сакам да се осврнам, тоа е прашањето на тоа што е улогата на опозицијата во сета оваа расправа и во крајното одлучвување по ова многу важно прашање за една поголема структура на грагаани, односно на пензионери. Многу е присутно сфакањето дека опозицијата,поради соп-ствената иднина, како што рече еден пратеник, поради сопствените политички маркетиншки цели ова го поставува, дека безпредменто е во една расправа што по завршувањето ќе заврши по логиката на мнозинското изјаснување без краен резултат, јас сметам дека тоа не е точно.

Најпрвин, ефектот на самото поставување на ова, од животно значење и интерес за пензионерите, прашање на расправа како предмет на одлучување на Собранието е голем ефект постигнат преку иницијативата и институтот интерпелација на пратеничката група на ЛДП.

Понатаму сметам дека самото аргументирање на правичноста и правдата за тоа да се добие оваа незаконско ускратување на пензионерите од 8%, со сета таа аргументација, со силата на доказите од страна на највисоките судски инстанци и те како има влијание и во овој Парламент и во мнението, пред се, на оние кои се најзаинтерсирани, а тоа е популациајта на граѓани пензионери и во надлежното минситерство и во надлежниот Фонд.

Јас верувам, во интерес на пензиониерите, од аспект на тоа што го поставува пратеничката група на ЛДП, а во интерес и Функција на предизборието, што го користи како инструмент и метод СДС, верувам дека не 8, туку 10 и 12% ќе се дадат на пензионерите. И, голема среќа и големо задоволство ќе ми биде и мена како пратеник, а сигурно и на мојата пратеничка група, ова што како инерпелација го зборуваме како повод да се расрпава за најзначајното и најважно прашање за пензионерите, да биде еден прилог во тоа што актуелната власт, поради сите овие моменти, поради аргументите изнесени по интерпелациајта, поради создаденото мнение од таа расправа во широка смисла, а посебно кај надлежните органи, визави, другата страна граѓаните пензионери, на крајот да се ефектуира ова право пензионерите да го остварат.

Јас сум убеден дека ќе го остварат. Ќе го остварат лод неколку аргументи, ќе го остварат затоа што тоа е законски, законски им следува, затоа што тоа законско следување е потврдено од највисоките судски инстанци од една страна, а од друга страна затоа што тоа закоснки временски темпирано се поклопува со изборната кампања, односно пред изборната кампања и како еден метод, со кој веќе метод и мерки се отпочнат од страна на актуелната власт, СДС, ќе се укомпонира и ова што значи добивање 8%.

Ние, како пратеничак група и јас лично, поддржувајќи ја сета таа работа, објаснувајќи многу јасно зошто е тоа така, на крајот крајниот ефект на добивање на ова право и остварување на тие 8%, ние велиме нека бидат и 10 и 12% на пензионери, како крајна цел што ќе се оствари. Во поширок контекст сакам да се осврнам на оваа пробалематика од пензиската сфера, тоа е прашањето што веќе подолг период е актуелно во здруженијата на пензионерите од различни структури и тоа е прашањето за слободата на здруженијата на инвалидските пензионери кој кое што, сега како здружување функционира посебно по специјалниот и по уставно право кое тоа му го овозможува, а во делот на нивниот третман во однос на Пензискиот Фонд, тие сепак, сите заедно, со Здружението на трудови инвалиди што структурално и по статус е посебно имаат посебен организационен статус, имаат посебен субјективитет, но во делот на тоа признавање на тој субјективитет од страна на Фондост на ПИО до сега и тоа што им следува по Законот како процентуална провизија за извршување, како посебно здружение, на одредени свои активности, до сега Фондот на ПИО не им го признал.

Во таа насока ја користам можноста да искажам една моја заложба во застапувaето на инвалидските пензионери, за она што е по Законот нивно посебно организационо статусно организирање, не го признава во третирањето и Фондот за ПИО за она што им следува како право по тој основ.

На крајот, ќе завршам дека во ова, како убедување што понатаму ќе следува до завршувaето на оваа расправа, многу свесно очекуваме дека исходот ќе биде негативен во изјаснвуањето по самата интерпелација. Сепак, сметам дека оваа расправа и самото афирмирање на расправата, преку расправањето на овие прашања и на самиот Парламент и ефектите од тоа ќе придонесат пензионерите да го остварат своето законско право, тоа да биде во што поскор период, за што очекувам дека и надлежните матични органи, Фондот за ПИО ќе го преземе како и надлежното Министерство.

Во таа смисла алудирам на тоа ефектот да биде постигнат, покрај тоа што ќе биде исфрлен од гласачката машинерија при гласањето кон интерпелацијата, преку барањето на одговорност, накратко, ќе се ефектуира, по мое големо убедување, во остварувањето на правата на пензионерите кои законски и судски им се следува, а до сега, од страна на актуелната власт им беа ускратени.

Па, иако тоа ќе се постигне временски во делот на предизборието и во функција на тоа, за повторно непотценување на таа структура на пензионери дека цело време за мандат од 4 години ќе им се остварува 1994 година, ќе им се ускратува нивното законско право за во држење во една зависна положба, тоа се условува тоа да биде на прагот на наредните избори, иако како потценувачки однос, сметам дека ефектот и заложбата и сакањето од моја страна е сепак тоа да ефектуира за остварување на нивното право, а тие сигурно ќе бидат свесни тоа да го казнат како однесување на СДС, заради тоа што животот треае 4 години за еден мандат на Влада или Собранието, а не трае само два - три месеци кога се предизборните или изборните кампањи. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, пред да му дадам на следниот говорник, имам задоволство да информриам дека на Галеријата се присутни членови на Парламентарното Собрание на Западно Европкста Унија.

Сакам во Ваше и мое име да ги поздравам, да им посакам многу пријатен престој во Република Македонија и се разбира, успех во нивната благородна мисија.

(Аплауз од страна на пратениците на Собрнаието на Република Македонија).

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, тие што подолго памтат веројатно се сеќаваат дека јас бев единствен пратеник при последната реконструкција на Владата, кој ја оспори кандитаруата на г-динот Насер Зибери, да биде избран за минситер за труд и социјална политика, тогаш изнесов аргументи зошто тоа го барам, тие аргументи не беа прифатени, меѓутоа за среќа или за жал времето кое е најдобар сведок на се изгледа дека ги потврди моите констатации и ставови и тие работи за кои зборував тогаш стануваат актуелни сега и на крајот на мандатот доаѓаат на дневен ред на седницата на Собранието.

Веднаш би сакал да им одговорам на почитуваните пратеници од ПДП, да бидат на чисто дека иницијативата на групата пратеници од ЛДП не е насочена ниту кон нивната партија, ниту кон албанското малцинство или националност во РМ, уште помалку кон личноста на г-динот Насер Зибери, затоа што е албанец во Владата на РМ, туку иницијативата е насочена кон министерот за труд и социјална политика г-дин Насер Зибери, затоа што групата пратеници оцениле дека тој не си ја извршувал својата работа така како што треба и поради фактот што е албанец не треба да биде апстиниран од расправата за неговата одговорност, доколку не ги почитува Уставот и законите на РМ. Тоа ќе следува на било кој друг член на Владата, без разлика дали е албанец, македонец или припадник на друго малцинство во РМ.

Малку сум во дилема како да ја започнам мојата дискусија, имено, веќе добив информации за некои денешни бисерни потези на Владата на РМ, објавени од страна на премиерот на Владата на РМ на Прес - конференцијата денеска дека, премиерот ги чести пензионерите на РМ со зголемување на пензиите од 10%, што ќе важи до 1999 година, без притоа да спомне дали тоа се однесува на овие 8% за кои разговараме или е само потез кој го прави Владата на РМ во низата потези што беа направени во последно време за да се додвори на одредени социјални групи во РМ во пресрет на изборите.

Со тоа, Владата на РМ сакајќи или не се става во позиција на чардак ни на небо ни на земја, затоа што нагоре е високо, а надолу длабоко, соочена со не спроведувањето на реформите во РМ, со застојот на демократските процеси во РМ и со самиот факт што состојбите во РМ на економски план многу тешко ги чувствуваат се поголем број на граѓани на РМ, без оглед колку власта да се обидува состојбите да ги прикажува во многу посветла иднина, посветла форма затоа што доколку се погледаат сите компаративни показатели на еминентни, западно - европски институции ќе се види дека РМ по многу параметри се наоѓа на дното од земјите во транзиција на таканаречената Југоисточна европа.

Ставена во позиција да преземе потези кои ќе донесат краткорочни ефекти во пресрет на изборите ете Владата на РМ, се обидува на ваков начин да им фрли прав во очите на

граѓаните на РМ и да ги излаже со одредени потези. Јас сум длабоко убеден дека граѓаните на РМ ќе знаат на вистински начин да ги вреднуваат тие потези на Владата на РМ и соодветно на тоа ќе одговорат на претстојните парламентарни избори. Впрочем, има една поговорка која вели дека, "на власт секогаш можат да дојдат умни и способни луѓе или лоши и неспособни луѓе, кои апсолутната власт може апсолутно да ги расипе" и заради тоа во секоја развиена демократска парламентарна држава треба да има ограничување со законите на вршителите на функции, за да некој што ќе дојде на власт таков лош и неодговорен не направи такви потези, кои ќе и донесат штетни и долгорочни последици на државата РМ.

За жал, со последните потези на Владата очито е дека правната држава во РМ е дефинитивно суспендирана на одредено време во функција на изборите, во функција на тоа од што сум длабоко разочаран се стави и почитуваниот Претседател на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, кој во интервјуто на дневниот весник - Дневник од саботното издание, даде многу чудни видувања и оценки околу тоа како треба да се почитуваат законите во РМ и како треба судовите креативно да ги толкуваат законите во РМ. За да не ме сватите погрешно да бидам прецизен ќе ми дозволите да цитирам дел од одговорот од неговото интервију на поставеното прашање од главниот уредник на весникот Дневник. Во дел од одговорот тој вели: "Од друга страна според моето мислење, Уставниот суд без оглед на тоа што е посебна власт во принцип деполитизирана во одредени ситуации мора да води сметка за големите материјални и други последици на некои од тие одлуки", се мисли на Одлуката за 8% на пензионерите, "не може да застане на она старо, според мене, преживеано правило дека судијата треба да го примени законот така како што е напишан". Тоа е така наречено буквално толкување на законот. "Современото право на сите развиени демократски држави е право што се развива".

Значи, според мислењето на почитуваниот Претседател на РМ, судиите на Уставниот суд кои на директен или индиректен начин со ова им има извршено притисок при донесувањето на конечната одлука за поведената иницијатива за испитување на уставноста на 8% треба да го имаат во предвид фактот дека, доколку донесат позитивна одлука РМ може да се доведе во тешка финансиска состојба, без разлика што законот во случајот е на страната на пензионерите. За какво креативно толкување мисли Претседателот Глигоров, каде прочитал дека така во светот ги толкуваат законите мене навистинане ми е јасно, мене ми е едно единствено јасно дека основен принцип во правната држава е дека треба да се почитува Уставот, законите треба да произлегуваат од Уставот како највисок законски акт на државата, а сите учесници во власта и граѓани на државата треба да ги почитуваат Уставот и законите и доколку дојдат во судир со нив да се соочат со силата на правдата. Меѓутоа, да се вратам на конкретната материја.

Мислам дека г-динот Насер Зибери не е достоен да ја врши функцијата министер за труд и социјална политика во Владата на РМ според мене во конкретниот случај од четири причини.

Првата причина е поради грубото непочитување на одлуките на Уставниот суд и Врховниот суд на Рм во врска со 8% на пензионерите на РМ. Мислам дека со таквото непочитување на актите на Уставниот и Врховниот суд, ќе Ве потсетам заради спроведување на одлуката на Уставниот суд беше спроведена интервенцијата во Гостивар каде имаше и човечки жртви по што градоначалникот на Гостивар се најде зад решетки, заради непочитување на одлуките на Уставниот суд градоначалникот на Тетово и претседавачот на Советот на Општина Тетово исто така се наоѓаат на издржување на казна затвор што значи дека во нашата држава не смее да има селективно толкување и применување на законите, едноставно одлуките на Уставниот и Врховниот суд треба да ги почитуваат сите граѓани сите институции во државата - Република Македонија. Со ваквото непочитување на одлуките, едноставно една поголема категорија на граѓани во РМ кои се стекнале со право на пензија пред 1994 година, се доведени во нееднаква правна положба според Уставот на РМ, затоа што се оштетени не само за 8%, туку за над 30%, доколку Одлуката вистински се примени и се направат пресметктие од тој период до сега.

Втората причина поради која сметам дека министерот Зибери треба да си замине од функцијата, е заради притисоците што како надлежен министер ги врши врз Заводот за вработување на РМ, исто така во пресрет на изборите да врши фалсификување или прикривање на вистинските податоци за бројот на невработените во РМ, затоа што доколку

се соберат податоците од општинските заводи за вработување, ќе се дојде до податок дека вкупниот број  на невработени во РМ изнесува 328.516, а не 270.429 колку што официјално може да се прочита или да се слушне од средствата за информирање во РМ, затоа што тоа вчера го зборував, истиот тој Завод аз вработување од една страна дава многу ажурен податок за бројот на нововработени, според Законот за зголемување на вработеноста, а при тоа воопшто да не дава податоци заклучно со декември 1997 година наваму за бројот на невработените во РМ, иако се работи за иста технологија, за ист компјутерски систем кој е инсталиран во Заводот аз вработување.

Третата причина поради која сметам дека министерот Зибери треба да ја напушти функцијата министер за труд и социјална политика се, криминалните дејанија кои се појавија во Центарот за социјални работи на Град Скопје во 1996 година, поради што против директорката на Центарот за социјални работи и нејзиниот заменик односно секретар, кој сега за да биде заштитен, е префрлен како началник на трудова инспекција во општина Карпош, против кои лица се поведени кривични пријави од Министерството за внатрешни работи.

Имено, за да Ви биде појасно, ќе Ви го кажам следното: Во текот на 1996 година преку Центарот за социјални работи на Скопје се издадени вкупно 9.500 решенија за еднократна помош, односно парична помош на социјално загрозените случаи во РМ. Заради компарација ќе Ви кажам дека просечно годишно се издаваат по околи 3 илјади решенија за еднократна материјална помош. Тие решенија се издавани, односно грото од нив доколку се извадат од 9.500 - 3000 ќе испадне дека 6.500 решенија се фалсификувани, односно грото од тие решенија се издавани на имиња на измислени луѓе кои не постојат, на исто лице се издавани по повеќе такви решенија, издавани се на лица кои никогаш не поднеле такво барање и преку тие решенија се плаќале волонтерите кои биле ангажирани во Центарот за социјални работи.

Да не го сватите и ова дека е насочено против албанците, ќе Ви кажам дека најголем дел од овие решенија се давани во области во Скопје каде живејат припадници на албанското малцинство воглавно во Арачиново и дел од Карпош, односно Чаир и Гази Баба, каде се сконцентрирани.

По пријавувањето во МВР направена е голема истрага, испитувани се сите 9.500 решенија, испрашувани се околу 40 вработени во Центарот за социјални работи, врз основа на што се поднесени овие две кривични пријави до Јавното обвинителство на РМ. Од тогаш па наваму министерот за труд и социјална политика не презеде никакви мерки против директорот и неговиот заменик, за ваквите незаконски работи во Центарот за социјални работи, што директно наведува дека тоа е правено по негова директива или со негово соучество и по системот на сврзани садови, едноставно мора да ја штити директорката за да се заштити себеси.

Да биде иронијата уште поголема на истата таа директорка мандатот и е истечен пред околу три месеци, г-динот Зибери иако го знаел тој факт пред три месеци, не распишал конкурс за избор на директор на Центарот за социјални работи на Скопје, за да пред околу 15-тина дена ја назначи истата личност за вршител на должноста директор на Центарот. Логиката е многу едноставна. Доколку распишал конкурс пред три месеци, истата директорка не ќе била во позиција да конкурира, затоа што против неа се води односно е под кривично обвинение и не би можела да ги исполни условите од Законот да конкурира и заради тоа е изнајдена оваа преодна можност со В.Д. 6 месеци плус 6 месеци, за да не дојде некој човек кој ќе чепка по податоците во пресрет на изборите, кога би било страшно неповолно и непријатно за министерот за труд и социјална политика.

Четвртата причина поради која сметам дека министерот за труд и социјална политика треба да ја напушти функцијата, е фактот што во текот на траењето на неговиот мандат како министер за труд и социјална политика, како нај надлежен во Владата на РМ да се грижи за социјалната состојба, стандардот и да им помага на граѓаните на РМ кои се во таква состојба, си дозволи за право во Владата на РМ да издејствува, спротивно на Уставот и законите на РМ, на група привилегирани граѓани во случајот добар дел негови колеги од Владата на РМ и тоа сосема случајно албанци и еден дел пратеници исто така албанци од овој Парламент и добар дел припадници на СДС кои се на високи позиции во државната администрација и неколку новинари вкупно 80-тина да им се доделат, по багателни цени општествени станови, со решение за времено користење, иако одамна според Уставот,

категоријата корисни на општествен стан не постои. За да Ви го аргументирам тоа ќе Ви кажам дека г-динот Насер Зибери има добиено таков стан на улица "Џон Кенедеи" со вкупна површина од 62,32 м2 за вкупно 22.248,30 ДМ.Пра-шувам дали е долично еден министер за труд и социјална политика кој треба да се грижи за социјалата во државата, да добие стан за вакви багателни услови заедно со неговиот колега Абдулменаф Беџети, заменик секретар во Владата, Иџет Мемети, не е корекно да ги спомнувам колегите пратеници во Парламентот. Дали има такви привелегирани обични граѓани на РМ, кои за само 20 илијади ДМ, можат да се здобијат со станови кои се со површина над 60 м2.

Јас сум длабоко уверен во тоа дека моите аргументи што се тука дека нема факти со кои може да се оспорат тие аргументи, меѓутоа, знаејќи го односот на силите не верувам дека нашата интерпелација ќе биде прифатена, меѓутоа добро би било сите овие факти и аргументи ги знаат граѓаните на РМ. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние денеска расправаме за интерпеклација на министер во Владата по иницијатива на ЛДП, иако многу од говорниците сакаат да не убедат дека зад оваа интерпелација не стои никаква политичка причина, но се тие направија да ги скријат овие траги, но ако добро се послушаат и погледаат и активностите на оваа партија И нивното излагање, ќе дојдеме до констатација дека првенствено се работи за политичка интерпелација. Зошто?

Ќе се обидам да го аргументирам тоа. Факт е дека сите пратеници поаѓаат од еден колективитет наречен пензионери за да понатаму се спуштат до ниво управен одбор на пензискиот фонд, до кадровската политика, на крајот само што не кажат дека се работи за слични случаеви.

Другата категорија, дека се работи за типично политички случај е фактот и ако се следат активностите на оваа политичка партија, многу е јасно дека одамна ЛДП си бара позиција на картата на политич-ки партии на РМ и дефинитивно сака пред избори да ја промовира нивната партија. Ако се анализираат постапките, резолуциите тие се повеќе и повеќе по една линија одат по националната и втората социјалната, што на крај ќе испадне дека се социјал - национална партија, онака како што ги тераат работите. Изгледа сетоа тоа им беше финиш да докажат дека тие конечно се промовираат во некоја социјал - национална партија. Згора на тоа, ако се следат сите настапи на нивните први личности и пратеници во последно време секој еден хроничар ќе забележи дека нависитна кај нив нешто битно се случува. Тие, по се изгледа, сеуште им останува уште еден сегмент во нивната програма да решат и кажат јавно пред македонската јавност како сакаат и како мислат да ги решаваат меѓунационалните односи.

Ќе се обидам да кажам моето мислење, дека патот по кој се движат и начинот како мислат тие прашања да ги решаваат им е погрешен. Некои луѓе што повеќе се бават со проблематика, ќе дојдат до констатација дека патот на решавање на прашањата на националностите во државата постојат три начина.

Едниот начин е тие националности да се уништат, односно истребат. Вториот начин е етничко чистење, односно депортирање и третиот начин е тие националности да се прифатат како реалност во државата во која живеат. Бидејќи првата и втората варијанта тотално се неприфатливи во услови во кои живееме ние како РМ и во вкупниот амбиент кој се создава во меѓународните односи во меѓународните правила за решавање на тие проблеми, останува третата да ги решаваат, односно прифаќаат. Но, ова прифаќање е премногу реалативно за да тој концепт се движи од една во друга крајност. Некој од нив се мислат дека ќе ги прифаќаме со однапред дефиниран лукс на можност на продирање односно инсталирање во системот. Тие и таквите политички партии мислат деea можат да бидат присутни во една држава со однапред дефинирана политичка сила, со однапред дефинирана социјална ситуација, со однапред дефинирана образовна ситуација.

Тие и таквите, се тие политички партии кои од време на време знаат да праќаат многу јасни сигнали дека албанците можат да бидат во РМ, но не треба да учествуваат во војската, дури не треба да учествуваат во извршната власт како претставници на политички партии, туку само како индивидуи, како личности албанци.

Господа пратеници, мислам дека на сите ни е јасно дека тоа сонце одамна згасна, дека дефинитивно ќе треба да се прифати реалноста на постоењето на албанците и нивното политичко организирање, затоа што чесните албанци кои некогаш се нарекуваат дефинитвно не ќе можеме да ги најдеме. Конечно, ќе треба проблемот на решавањето на меѓунационалните односи дефинитивно да ги ставиме и дефинитивно да ги решаваме. Нешто по блага форма одат категориите на политички партии кои не се сметаат за екстремно десни, ако претендираат да бидат дури и либералните, кои ќе мислат дека албанците можат да бидат претставени, но гоелма работа и голема храброст ќе биде ако евентуално еден албанец се вработи како чувар или поштар, а не дај боже шофер, дури со тоа ќе се гордееме и пред целиот Парламент ќе кажеме дека многу голема работа сме завршиле. Кога ние како политичка партија дефинитивно го утврдивме начинот како можеме да дојдеме до стабилна политичка држава која програма е промовирана овде и секаде низ светот е апсолутно поддржана, секако дека некому тоа пречи.

Дефинитивно ние кажавме дека стабилни политички односи ќе имаме, само тогаш кога албанците реално ќе бидат претставени и тоа во сите институции на системот. Дека албанецот ќе биде министер и тој ќе има право и ќе ги користи сите права што ги има било кој друг министер. Некој си господа дури овде тоа го кажаа, користеа многу избрани зборови па требаше зошто и тоа е сега крив г-динот Зибери, зошто поради него немал заменик и тоа под претпоставка морал да биде заменик некој друг, затоа што крајна опасност ако едно министерство го води еден министер албанец. Крајно е опасно ако тоа добро се изобличи ако министер по својата должност и право врши кадровска политика. Затоа што, ако тоа го прави министерот Зибери, тогаш тоа е не професионално, не чесно и опасно.

Добро би било, вие господо пратеници, за некои многу работи унапред укажавте и ги подржавте, однапред било која кадровска политика направена од еден министер албанец ја прогласувате за опасност. Тој и таков начин на решавање на проблеми, ако вие имате проблеми со вашата политичка платформа, со вашата политичка програма, ќе морате да најдете друг начин како да ги промовирате. Или пак, да имате храброст тоа отворено да го кажете пред македонската јавност. Вика, ние дефи-нитивно го напуштаме теренот и се враќаме и бараме терен на некое друго место. Но, никако, затоа што тоа е крајна опасност за тоа што го барате преку Партијата за демократски просперитет, преку неговиот втор човек, кој што доследно стои на програмската определба, за тоа албанците да треба да ги застапуваат нивните политички интереси и нивините права и обврски.

Затоа, уште еднаш ви апелирам сето ова, а мислам и дека целата македонска јавност и тие пензионери на кои им се удвараат за гласање, ќе сватат докрај се изобличивте и ништо нема да профитирате, само ќе го кажете она правото лице дека во предвечерјето на изборите, сакате на сметка на некој друг да профитирате. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата. По повеќето одбивања на парламентарното мнозинство, по барањето на пратеничката група на ЛДП, Владата и министерот за труд да изготви информација за причините за веќе повеќегодишно не исплаќање на 8-те% на пензиите на пензионерите во РМ, конечно по толку наши настојувања ова Собрание е во можност, расправајќи по интерпелацијата, да расправа и по прашањето за не исплатување на 8% на пензиите на пензионерите на РМ, бидејќи е базична, односно базична причина во наодите на интерпелацијата, покрај другите наоди.

Јас би рекол дека пензионерите своите права на пензија ги добиваат, бидејќи цел свој работен век издвојувале од својата плата. Тие издвојувале во пензискиот фонд и активно учествувале во изградба на државата. Па, така нивното право на пензија е сосема заслужено, врз база на оваа нивна работа и ова нивно издвојување и тоа е нивно легитимно право.Тоа не треба да зависи од волјата на било каков орган, ниту пак Владата, ниту пак Парламентот или некое министерство или некој фонд, ниту пак од било која политичка партија. Ниту од тоа дали ќе има избори или ќе нема избори, дали сме во предизборна година или не. Тоа е нивно заслужено право, кое го заслужиле за време на својот работен век. И не станува никаков збор, како што кажа претходниот дискутант за некаков маркетинг, за некакво удварање. Токму тоа што сакаме да постигнеме со оваа интерпелација, да

функционира правната држава, да функционира начелото на уставноста и законитоста, едни од базичните начела на секој правен демократски правен поредок.

Јас би рекол дека, е навистина несватливо не спроведувањето на одлуката на Уставниот суд на РМ и на пресудите на Врховниот суд во врска со така наречените 8%, за кој што видовме дека, всушност не се 8%, туку многу повеќе некаде над 30%. Затоа повеќе зборуваше пратеникот Мешков и јас околу тоа не би зборувал повеќе. Инаку, овие 8% беа донесени врз база на, како што е познато Законот за исплата на платите и пензиите во РМ од 1993 година по однос на неговиот член б, кој е укинат 1994 година. Како што е познато образложнието на Уставен суд помеѓу другото гласи, ќе цитирам само една мала одредба од ова образложение: "Државата согласно Уставот има овластување со закон да ги уредувг правата и да создава услови за нивно спроведување, а не да создава услови за нивно ограничување". По ова наместо да се пресметаат закинатите 8%, бидејќи со укинатиот член б од цитираниот закон беше предвидена исплата на 92% од пензијата, а не во целост, како што требаше да се исплаќа односно во 100% износ.

Почитувани пратеници, согласно членот 170 од Законот за пензиско инвалидско осигрување, Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работата на Фондот, може да го запре од извршување општиот акт на Фонд, ако не е во согласност со овој закон или ако не е во согласност со Уставот, до донесување на одлуката на Уставниот суд.

Согласно членот 112 од Уставот, одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни, а според членот 98 од Законот за судовите односно од Уставот, судовите се самостојни и независни и судот според Уставот, законите и меѓународните договори, како и членот 101 според кој Врховниот суд е највисок суд во РМ и го обезбедува единството во примена на законите во судовите. Од овој аспект произлегува дека фондот, Министерството и Владата односно раководните лица во овие органи не се придржувале на едно од основните начела на нашиот правен поредок, начелото на уставноста и законитоста, односно принципот на владењето на правото, која што е темелна вредност на нашиот Устав, како и принципот на поделба на власта на судска, законодавна и извршна. Ова бидејќи со неспроведувањето на судските одлуки, означените органи се ставени во улога на над судска власт и се наметнуваат и надредуваат самоволно над судовите.

Почитувани пратеници, владењето на начелото на уставноста и на законитоста, како и владењето на правото и теоретски и емпириски е воспоставено уште во зачетоците на античка демократија, далеку пред нашата ера, за да подоцна преку римското право се пренесува низ теоријата и емпиријата на ренесансата на средниот век, а во 17, 18 и 19 век преку мислата на Монтеские, Џон Стујард Милс, Џеферсон, па се до денешната теоретска мисла низ практика, во сите парламентарни демократски земји, значи ова начело, односно принципот на владеење на правото и правната држава се стари демократски начела кои егзистираат уште пред нашата ера. Јас кажав дека тоа се едни од темелните вредности на нашиот Устав, односно утврдени во нашиот устав. Тој има своја длабока, правна политичка, но и етичка и хуманистичка содржина, мислам на овие начела кои што ги кажав. Нивното газење односно непочитување, може да предизвика навистина сериозни последици.

Поитувани пратеници, јас повеќе пати сум укажувал дека непочитувањето на овие принципи може да биде лош пример за граѓаните, особено ако органите на државната управа, односно државната власт не ги почитуваат. А, токму овие органи кај нас се најповикани да ги почитуваат и применуваат. Непочитувањето на овие принципи, принципи на правната држава може да го забави интегрирањето на Република Македонија во Европска заедница, интеграција која сите ние, како и сите граѓани ја посакуваме и се стремиме кон неа. Исто така, на крајот на краиштата се работи за непочитување на политички, но и професионален етос на раководните лица во Министерството и во Фондот.

Бидејќи ова мое излагање се подразбира, пред се, за раководните луѓе како што кажав во Министерството за труд и социјална политика и во Фондот, а не нормално за сите вработени, бидејќи тие се по дефиниција и одговорни за законитоста на работењето на овие органи. Тоа непочитување, почитувани пратеници, ја погодува една од нај загрозените групи во Република Македонија, пензионерите, луѓето кои што, како што кажав вчера не како што кажав, чесно го одработиле својот работен век, издвојувале за време на својот работек век од својата заработувачка и чесно ја заработиле својата пензија. И, не треба да очекуваат некој да се смилува и да им го даде она што е нивно, она што оригинерно и

изворно им припаѓа. Со тоа, со непочитување на овие одлуки се загрозува еконосмката положба на пензионерите кор најчесто со својата пензија ги издржуваат своите деца и внучиња, како лица најчесто со единствен приход во семејството, бидејќи нивните деца не можат да се вработат, со оглед на економските услови и огромната невработеност, која да потсетам за жал, е многу висока, имаме 330 илјади лица невработени.

Би сакал да кажам дека и Министерството и Фондот не преземале ништо за целосно решавање на статусот на преку 3.000 македонски државја-ни, воени пензионери, кои заминале во пензија пред целосно стекнување на сувереност на Република Македонија. Овие пензионери како што имавме прилика и од печатот да кажеме дека, безброј пати му укажале на министерот и на Владата воопшто за суштината на нивниот проблем, меѓутоа, еве после толку години нивниот проблем сеуште не е решен.

Исто така, сакам да кажам дека за состојбите во областа на социјалната полтика, кои не се добри очигледно, по дефиниција на Уставот и законот е одговорно токму означеното министерство, покрај Владата. Ќе напоменам дека според Уставот на Република Македонија, Република Македонија е дефинирана како социјална држава. Социјалната политика е една од најклучните работи на секоја држава. Тоа е исто така случај на земјите членки на Европската унија, според која сите ние односно според тој терк се стремиме сите ние да се прилагодуваме. И, таа е на централно место во програмите на сите политички односно пратенички групи во Парламентот на Европската унија, без оглед дали се тие лево ориентирани, десно или централистички ориентирани.

Прашањето за правилна и праведна социјална политика е прашање за хуманизација на едно општество и хуманизација на една држава. Тоа е и цивилизациско прашање. Прашањето, како што кажав на социјалната политика во денешниот современ свет не се смета како милосрдие повеќе или некоја помош, туку историска, цивилизациска и граѓанска придобивка која граѓаните преку свои синдикати и други облици на интеграција се избориле низ вековни залагања. Токму и во нашата држава социјалната политика треба да биде една од главните стратешки определби. А, како што е познато Владата и Министерството малку презеле на тоа поле, на полето на социјалната политика. Тие не изготвиле соодветни социјални програми, особено оние кои ќе ги ублажат тензиите на проблемите на транзицијата, бидејќи пред се мислам тука на приватизацијата на фирмите, процеси кои често пати се извитоперуваат односно неправилно и стихијно се одвиваат, а јасно е, почитувани пратеници, дека без адекватна социјална политика транзицијата не може да се спроведува правилно, односно тие болни прашања во транзицијата стануваат уште поболни, бидејќи не се ублажуваат. Овие социјални програми кај нас се уште повеќе попотребни заради ублажување на суровите ефекти на приватизацијата, бидејќ кај нас, за жал, како што ви е познато не е воведен систем на ваучер од-носно бесплатно доделување на акции на општествениот односно државниот капитал како што е случај во речиси сите транзициони земји кои постигнале најдобри економски, но и политички резултати и се многу блиски до полноправното членство на Европската унија на пример, Словенија, Чешка, Полска, Унгарија и многу други, да не ги набројувам во оваа прилика сите. Во сите овие земји покрај постоењето на, би рекол една по праведна приватизација и по правилна и по транспарентна, постојат силни социјални програми, па така овие земји речиси безболно ги надминаа транзиционите проблеми.

Јас, на крајот би сакал во оваа прилика да напоменам и тоа дека Министерството за труд и социјална политика, за жал, не презела ништо за средување на состојбите на поделби во општинските организации и на трудовите инвалиди, а како карактеристичен пример би ја навел поделбата во општинската организација на трудови инвалиди во најголемата општина во РМ, општина Кисела Вода, каде што спротивставените страни неколку месеци бараат прием кај министерот, односно каде што легитимно избрани органи на организацијата не се прифаќаат од одредени структури во раководството, однсоно во државното раководство на организацијата на трудовите инвалиди. Во оваа прилика би го истакнал и месниот одбор на трудовите инвалиди во населбата и селото Драчево, каде што сосема легитимно избрани органи не може да ги остварат своите права во рамките на пошироката асоцијација, со оглед на тоа што некои од раководството на здружението на ниво на Републиката, не им го дозволува тоа, односно ги игнорира нивните записници и нивните одлуки. Ја знам дека ова прашањс не е само прашање на Министерството за труд, конкретно што го зборувам ова за проблемот на трудовите инвалиди, меѓутоа, по

дефиниција општината нема надлежност за оваа регулатива и сепак покрај судовите и Министерството за труд и во оваа прилика апелирам, Министерството по активно да се вклучи за решавање на проблемот и поделбата во организацијата на трудови инвалиди во општина Кисела Вода.

Прашањето, почитувани пратеници, на интерпелација безразложно подигне гнев кај некои пратеници би рекол, кај претходниот дискутант особено и имаше доста револтирани искази, иако интерпелација претставува нормална форма на политичка контрола и одговорност на Владата и органите на управата, во конкретниот случај на раководителот на означеното министерство. Интерпелација, само би потсетил, на крајот дека е придобивка на парламентарна демократија и нормална појава во сите земји со развиена парламентарна демократија. Во многу од тие земји дури и пратеничко прашање од кое следува најмалку 5 потписи, се отвора расправа што по своја суштина и содржина значи интерпелација, иако суштински не е тоа регулирано кај нас, бидејќи сеуште го немаме Законот за државната управа, каде што тоа ќе биде регулирано.

Јас на крајот само би кажал дека, нашата интерпелација не беше мотивирана, како што кажа претходниот дискутант од некаков маркетинг. Ние бараме ред и поредок во оваа држава. Еднаш засекогаш да се знае што кому припаѓа, во конкретниот случај пензионерите и нивното право на пензија да го остваруваат, без оглед на тоа дали се наоѓаме во предизворен, пост изборна или некоја друга година. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Биљали има збор.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Почитувани пратеници, јас денеска дознав една новина, а дознав дека господин Мешков има лична држава, сопствена лична држава. Јас му честитам на тоа и нормално дека во таа држава е непожелно господинот Зибери да биде министер. Ништо лошо нема како постапка во покренувањето на интерпелацијата. Напротив интерпелацијата со другите две важни студии, како што се пратеничките прашања и анкетните комисии, се важни механизми врз контрола на извршната власт од страна на законодавната власт и кажувам дека тоа е елемент на современата демократија. Јас дури ќе се согласев со таква интерпелација условно да бидам убеден, зошто е поднесена интерпелацијата.

Искрено кажано јас три пати го прочитав образложението и верувајте неможев да се убедам за што станува збор и сеуште не сум убеден зошто се бара интерпелација. Се повикува на некое не извршување на одлуки и пресуди на Уставен суд, Врховен суд итн. без да се анализира објективно во тоа време таа можна постапка, односно да се каже не дека не ги извршува тие одлуки или пресуди, туку не бил во можност, немал никаква објективна можност да го направи тоа, од причина што Фондот практично ќе се распаднеше.

Ние сме сведоци на илјадници институции дури и во нај демократските држави, каде не постои објективна можност да се спроведува одредена одлука и пресуда и тоа многу јасно се кажува дека од објективни причини не е изводливо тоа. Дури и предлагачот, односно покренувачот на интерпелацијата не е доследен на своите постапки, односно ние знаеме сега во однос на бившата демократска партија која е правно наследник, на која претендира сегашната Либерално - демократска партија, иако постои соодветна судска одлука која не се почитува, значи и од самиот предлагач или подносител на интерпелацијата фактички не постои почитување на такви пресуди, а се повикува на некои други структури, субјекти итн.

Ние можеме тука како Собрание да донесеме секакви закони. На пример ќе донесеме закон со кој ќе предвидуваме и ќе санкционираме на секој граѓанин да му дадеме по 3.000 германски марки, за да излеземе потоа да кажеме дека Владата на Република Македонија не го спроведува тој закон. Па не спроведува, од причина што не била во можност да го спроведува тој закон. Или пак Собранието на Република Македонија не го почитува Уставот на Република Македонија. Зошто? Затоа што тоа според Уставот требаше во рок од шест месеци да ги донесе така наречените системски закони, а тие не се донесоа за шест години. Кој коментар ќе го дадеме во однос на ова. Дека Собранието и во претходниот состав и во сегашниот не го почитува Уставот на Република Македонија, или пак да бидеме по објективни и да кажеме дека не било во можност да го почитуваат Уставот од опортуни причини, опортуни моменти за да донесат по соодветен закон.

Јас мислам дека ние не живееме на Марс или на некоја друга планета, за да бидеме свесни дека ние сме земја во транзиција, во преоден период кој има огромни проблеми финансиски, економски, социјални итн. и не можеме ние да понудиме западна демократија, кога ние сме векови далеку од таа демократија во однос на почитување на правната држава, дури до степен кој таму не се почитува, како што е случајот што се бара во однос на интерпелацијата. Ние навистина е не принципиелно да бараме стрикна правна, функционална држава во сегашни објективни околности. Дури самите сме убедени дека тоа е невозможно, а и самите не се однесуваме така како што. бараме, меѓутоа бараме за некои наши X интереси, предизборни интереси, зашто веќе сме сведоци и со претходните резолуции и со оваа интерпелација.

Во однос на кадровската политика тука се слуша и можното вработување врз основа на етничкиот елемент. Изгледа за некои албанците без оглед на тоа што се повикуваат на граѓанска држава не се граѓани. Тоа е и самиот факт што се слуша дека некој Албанец е вработен, значи не е вработен граѓанин на Република Македонија, туку е вработен некој туѓ елемент. Ние не можеме да одглумиме некоја граѓанска држава, а за некои национални заедници да ставаме жиг на туѓ елемент, односно анти државен елемент или елемент опасност за државата. Тоа ќе беше принципиелно ако поднесувачите на интерпелацијата истовремено укажаа дека сеуште некои други министерства или други институции на државата се на жалост чисто етнички. Тогаш ќе беше сосема принципиелно, а ова е тотално не принципиелно, од причина што се заборава нешто што е сосема важно, што допрва треба да се промени, а се фокусира нешто друго каде се воспоставува една нормална рамнотежа во однос на националнта реалност во Република Македонија.

Мислам дека во постојни услови може да се каже за сегашниот министер дека е ефективен и најуспешен, меѓу најуспешните, од причина што се работи за еден многу чувствителен сегмент, социјалата која е чувствителна дури и во развиените држави, а камо ли во нашата држава каде имаме огромни секакви проблеми.

Јас сум убеден дека господинот Зибери направил некои гревови, а најголемиот му е затоа што е министер на ПДП и затоа ако се гледа така, тогаш интерпелацијата е оправдана и ако интерпелацијата се поднесува за успешност на министерот, тогаш искрено јас ќе ја поддржам и ќе гласам за.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господин Мешков бара реплика.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, господинот Билали вели дека Фондот не можел да ја изврши одлуката за 8%, затоа што ќе пропаднел. Јас мислам дека ќе пропадне Фондот и сите ние како правна држава обратно, не од извршување на судски одлуки, туку напротив од не извршување. Само од тоа може да пропадне Фондот и правниот систем и сите ние со него, а не од извршување. Секоја судска одлука донесена врз основа на Устав, закон мора да се спроведе без оглед дали ќе пропаднам јас, вие или било кој од оваа држава. Тоа е највисока судска инстанца и таа мора да се почитува. Според тоа не од извршување, туку суштината на моето излагање беше тоа, вие не сте ме разбрале добро. Јас зборував за извршување на судски одлуки. Не може да пропадне ниту Фондот, ниту било кој во оваа држава ако се спроведува судска одлука, туку напротив ќе пропадне ако не се спроведува.

Што се однесува господине Билали, до вашата обврска дека сте разбрале дека имам сопствена држава, па требало да знаете и порано таа е, немам друга. Јас не сум толку моќен да имам две држави, како што можеби некој е толку моќен. Јас ја имам оваа и немам друга.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, на сите е.

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, господин министер. Денес расправаме по иницијатива на Либерално - демократската партија во врска со интерпелацијата на господинот министер за труд и социјална политика, Насер Зибери.

Сигурно дека ние како политичка партија, Либерално - демократска би направиле една ретроспектива station наназад за овие четири години. Имавме многу иницијативи, многу интерпелации, многу резолуции и знае ме како поминуваа секогаш. Секогаш бевме покриени

од медиумите и секогаш се извртуваше целата наша идеја, но гледано низ ова како ни доаѓаат работите секогаш сме во право, скоро за сите наши иницијативи. Ако се почне уште од самиот почеток на Парламентот се залагавме  за многу разно разни работи кои наидуваа на опструкции од СДС. Знаевме какво е расположението во Парламентот, знаевме дека секогаш победуваше надгласувањето, знаеме дека и овој пат ќе помине и оваа интерпелација така.

Ние се залагаме за она што значи почитување на правата во државата. Не можам да сфатам јас пратеник од оваа говорница, кој не гласал за Уставот, да се повикува на Уставот. Тоа не држи и така не може. Уставот и законите мора да се почитуваат.

Она што е главното, за кое ние ја поднесовме интерпелацијата, затоа што некој тука сакаше да ја обори оваа теза зошто е направена интерпелацијатал. Интерпелацијата е направена, затоа што треба да се почитува одлуката и пресудите на Уставниот суд и Врховниот суд. Тоа е главното мото за министерот. Не се работи дали е министерот Албанец од ПДП, затоа што е успешен, ние ја поднесовме оваа интерпелација во време кога ценевме дека треба да се почитуваат законите во оваа држава. Не може закон да се почитува еднаш вака, друг пат така. Занчи ние живееме во земјата на чудата на СДС и свети Бранко. Да, живееме во земјата на чудата. Еве сега ќе се донесе 10%, за 10% Уставниот суд ќе каже ја одбиваме иницијативата за 8%,  јас ќе ви дадам 10%, а тие 10% може да  бидат до првиот изборен круг. Кога ќе види дека катастрофал но губи СДС, првиот изборен круг ќе се укине. Зборуваме за некои не рационалности. Зошто? Она што треба да го почитува секој министер, па и овој министер за кој денеска има интерпелација е тоа дека мора да го почитува законот. Ако министрите кои се во извршната власт, претседателите, пратениците не го почитуваат законот што направивме? Ние направивме анархија. Или сето ова го правиме во согласност на предизборната година. Сите се повикуваме на маркетинг. Воопшто не е ова маркетинг. Нашиот притисок е три, четири години station наназад преку форма на пратенички прашања, преку барања, давање на иницијативи, гласање, ставање на дневен ред, три години се одбегнува ова прашање. Зошто? Не правевме маркетинг тие три години, зошто не се најде момент да се стави на дневен ред да се разговара за иницијативата за пензионерите.

Ова мора да го добијат пензионерите. Не е некој  дали ќе се смилува еве ви 10%. Тоа е едно понижување. Понижување е на целата јавност, на сите пензионери. Пензионерите си го бараат она што им следува законски, а не некој да да им даде милост 10%. Книги, еве ви книги. Направивме салата, ги испомешавме сите работи. Се е измешано во оваа држава. Она што ни се случува сигурно загрижува. Напад на новинарите. Од говорницата ми се закануваат мене, ќе те снајде исто што го снашло новинарот на "Фокус", пази ќе ти пратиме рекетари. Не се плаши Слободан Даневски токму од ниедни рекетари. Не се плашам и ова што сакаат новинарите да исфабрижуваат, го тепале или ќе го тепал некој си таму. Воопшто не ме загрижува и не ме плаши, затоа што секогаш јас за овие четири години што сум имал да кажам сум го кажувал и го кажувам од говорница.

Другото што се замерува на работата на министерот, сигурно дека се замерува на работата дека нема заменик министер. Јас не велам дека не треба да биде Албанец, нека биде и Албанец заменик министер, тоа е еден од пропустите на министерот.Она што сакаше некој да каже немал можности да испочитува, затоа што министерот го немал тоа право, напротив министерот токму тоа право го има. Министерот е задолжен и одговара за почитување на сите законски обврски на Министерството за труд и социјална политика. Ако таму се врши трансфер на 1/3 од Буџетот, таму се најголемите средства во споредба со било кое друго министерство. Онаа забелешка што јас лично му забележувам на министерот, мимо тоа што си земал стан, нека земе стан и за пет илјади германски марки. Земаат и од СДС, тоа е коалиција, они се исти, си делат, сега се на власт и тоа е нормалната работа, ќе си делат.

Она што му се дава право на министерот сам да одлучува на кого ќе даде социјална помош, злоупотребата на еднократната парична помош. Таму е хаос. Издадени се над стотици илјади решенија, никој не знае, нема никакво покритие. Што значи тоа? Значи живееме во еден правен хаос. Па кој ако не одговараат министерствата каде што се трошат буџетски пари. Тие пари не се на министерот, тие пари се и мој и на пензионерите и на работниците, на сите граѓани.

Она што му замерувам на министерот, стана фино, елегантно го повлече Законот за детски додаток, зошто? Требало да имаш 10 деца и на сите деца да има додаток. Сега албанците имаат поголема популација, имаат 10 деца, сите да ги школуваме ние. Добар си беше законот. Од тие причини го повлече министерот. Министерот е многу добар од ПДП. Тој е навистина добар, иако му е лоша позицијата во неговата партија. Тој направи многу добри работи. Да, многу добри работи направи. Ова е за вашите колеги од ПДП.

Вие направивте многу. Го оставивте својот дигнитет на ризик, вработивте само албанци, дадовте парична помош само на луѓе од ПДП. Вие направивте многу. Грешат вашите колеги што сакаат некои пречки да ви прават, затоа што вие задачата како партиски човек ја извршивте свесни и по вашите последици. Јас не можам да ги разберам пратениците од СДС. Они поддржуваат. Тоа не можам да го разберам, инаку за министерот се е јасно.

Она што ние зборувавме пред некој ден во овој Парламент за резолуцијата, па не можат да се согласат пратениците од ПДП сигурно. Они сакаат интеграција и интегрирање со Косово. Јас ги разбирам пратениците од ПДП, но не можам да ги разберам од СДС. Тука е проблемот. Мене не ме загрижува што министерот ќе каже, ќе си вработи. Тоа е нормално, туку СДС, бидејќи СДС им е коалиционен партнер. Она распарчување и делење на Македонија. Тука спомна некој пратеник за транзиционен период, за дивиот либерализам, научни тези, а се залага за трул комунизам. Не може да испадне сака 1000 марки, сака шетање по Европа, а се залага за сите еднакво да си биде една олигархија, да си остава пет - шест луѓе во земјата на чудата на СДС, во земјата на свети Бранко.

До кога вака? До кога вака? Овој народ не може да се лаже веќе. Поминаа сите лаги. Велиме маркетинг. Што е тоа маркетинг од оваа говорница, велите направивте вие од Либерално - демократската партија маркетинг. Јас не знам што е маркетинг. Може да се случи ден пред изборите премиерот да каже ги пуштаме затворениците на слобода, нема криминалци, ги отвараме банките, земајте пари колку што сакате, утре сите во затвор. Таква е состојбата во оваа држава. Од ден на ден не се знае. Нема правна сигурност. Владата е над Парламентот, Парламентот е деградиран, депласиран. Јас како пратеник се чувствувам депласирано. Не само јас, сите до еден. Зошто? Затоа што ние не одигравме ниедна улога. Некои тези што ги изнесуваше еден госпидин, ако ние во Парламентот се залагаме да донесеме 3000 марки Владата нема пари, па нема врска, тоа не држи, тоа е чиста демагогија. Ниеден законски проект што е предложен во овој Парламент не бил неизбежен. Секогаш бил издржан. За сите решенија кои се предложени се издржани. Сигурно е добро размислено, бидејќи никој не сака да се исплати. Она што некој пратеници се залагаа дека Либерално - демократската партија бара спас, па бега од некој концепт, либерален концепт кој го прифаќаат европските држави, како такви не прифаќаат, бегаме во национализам. Вие како пратеници кои сте албанци, кои живеете никогаш не се изјаснивте на оваа говорница дека сте за Македонија и дека сте против голема Албанија. Јас не слушнав ниеден пратеник од ПДП. Вие имате други намери, ние мора да браниме, ние ја браниме Македонија, затоа што оваа власт ќе си оди, ќе си одат сите, можеби ќе си одат и дел од луѓето од ПДП, можеби пак ќе биде ПДП на власт, ќе се сменат и други министри, ама ние мора да штитиме.

Што ќе се случи после изборите? Или, ова го правиме потоп после изборите. После изборите не знаеме што ќе се случи, или како што тргнавме сега, како што се наелектризира ситуацијата веројатно изборите ќе бидат граѓанска војна. Ова како што тргна, загрозување на независно новинари, атак врз пратеници, заплашување, рекетарство, не се знае. Може да се случи, а сигурно ќе се случи, ќе се извадат сите затвореници, ќе се пуштат во кампања, ќе се врши тотален терор. Ние се наоѓаме во страшна ситуација.

Кога станува збор за тоа дали некој им поклонува на пензионерите или не, сигурно ова ги следува пензионерите. Сигурно ги следува и никој не може да им поклони нешто што им припаѓа. Не да биде паушално решение за шест месеци или до првиот изборен круг, ова што им припаѓа треба да си го добијат во законска форма како. што е редот. Ако сме правна држава, ако сме ние Парламент треба да направиме напори да се прифати.

Забелешките околу интерпелацијата, јас сум убеден дека најголема забелешка на работата на министерот е непочитувањето на одлуките. И тоа е најголемата тежина во однос на министерот и низата злоупотреби кои се во самото министерство. Да не зборувам за користењето на објектите. Имаме страшни информации, ме бараа група пензионери и

велат: “знаете ли што се случува во користењето на објектите, немате претстава, носење на женски, ставање под хипотеки, давање, градење, огромни средства, не се знае кои фирми градат“. Тоа е вели катастрофа, сите летуваат, сите злоупотребуваат, сите одмараат, само пензионери вели нема таму. Од тие причини е ова. Ниту случајно дали е министерот албанец, туку заради работата која се работи нечесно.

Од тие причини ние ја баравме оваа интерпелација, а не она дали тој е албанец. Мене тоа ни најмалку не ми пречи, туку како министер треба да си ја работи работата чесно и поштено, а како граѓанин на оваа држава треба да биде чесен и да одговара и министерот пред законите.

Од тие причини ќе ја поддржам интерпелациј ата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика за г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека вчерашниот инцидент што беше меѓу мене и меѓу ЛДП, што имаше меѓу нас, денеска јас кажав, Стојан Андов кажа нешто добро, јас го прифатив тоа. Но, мислам дека јас вчера запретив што запретив меѓу нас, тоа што беше и како беше, тоа помина, но јас не сум запретил со некои ракетарства, не сум запретил со нешто. Барам пратеникот кој се изјаснил тука дали од моја страна му е запретено со ракетарство и со тие работи, затоа што меѓу мене и меѓу него имаше вчера инцидент. И сакам да се изјасни овде пред Парламентот дали од моја страна му е запретено преку ракетарства, или тие работи. Лично сакам да се изјасни.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дине Бајрам, мислам дека пред малку се договоривме да го надминеме ова и да работиме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам, барам да се изјасни, затоа што кажа дека му се прети.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе направам напори исто така да бидам краток, заради тоа што денеска слушнавме многу дискусии. Јас ја прочитав интерпелацијата и образложението во интерпелацијата, ги слушав дискусиите од сите мои колеги пратеници и искрено да ви кажам дојдов до еден свој заклучок дека сепак потврдивме дека се работи за едно многу сложено и одговорно министерство, во кое секој граѓанин на некој начин во сите овие економски, социјални па и политички промени го бара својот пат, на лична и семејна егзистенција.

Мислам дека сите оние луѓе па и пратеници кои не работеле најдиректно со граѓаните кои се нашле во положба од социјална потреба и кои имаат потреба да не кажам и од материјален и од друг вид на средства, најверојатно ќе бидат и многу субјективни во своите искажувања од аспект на тоа што немал најдиректен личен контакт со она лице кое се наоѓа во таква положба. Мислам дека барем овие осум години јас откако сум тука во Собранието, бидејќи сум во втор мандат најексплоатирана тема се пензионерите, комплетно во функција на измени и дополнувања на законски проекти, а и во функција на подобрување на статусот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, и се она што е врзано за самите пензионери. Мислам дека никогаш не било од никого тука поставено прашањето, дали на пензионерите треба да им се овозможи тие по чесно и по достоинствено да живеат и по редовно да ја примаат пензијата која ја заслужуваат, бидејќи во Европа, па и ние така се декларираме дека сепак пензијата е нешто свето и никој не смее да гиба во самата пензија, она што некој своевремено го издвоил од својата плата нормално е дека треба да го користи во годините кога тој е неспособен биолошки па и психофизички да обезбедува преку личен труд одредена егзистенција, меѓутоа да ги користи своите материјални трошоци.

Морам да кажам дека лично јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика сум многу задоволен од она што го постигнавме во рамките на самите пензионери, она што го наследивме 1990 година, 1991, 1992 кога настана комплетна ерозија и на Фондот за ПИО и она што требаше пензионерите да го примаат на име на пензија. Верувајте тој период 1992, 1993, па 1994 која веќе поминува како последица и во 1995, нешто 1996 беше една од нај судбоносните периоди, посебно за пензионеите. Се сеќавате дека тогаш имавме еден таков закон за пензиско инвалидско осигурување кој можеше да ја сруши и најдобрата

економија во државата од аспект што имавме докуп на работен стаж, што имавме административни пензии, што имавме привилегирани пензии, и што фондот во крајна мера беше многу оптоварен со социјално заштитна функција.

Како резултат на тоа имавме голем број на пензионери и не случајно се судривме со она, бидејќи имаме тековни финансирања на пензискиот фонд се доведовме во позиција работниците кои заработуваат плата не се во можност месечно да издвојуваат доволно средства за да ги подмируваат обврските према пензиите. И тогаш, дојдовме во една конфузија практично и во таа ситуаицја пензионерите да не ја примаат редовно својата пензија, дури со 1, 2, 3 па и по неколку месеци, па имаше и други проблеми.

Во тој контекст мислам, морам тоа да го прифатам дека фамозниот Закон за исплата на плати и на пензии направи уште еден преседан, меѓутоа кога го носевме тој закон бевме сите присутни и како либерали и како социјалисти и како ПДП и како социјалдемократи итн., дури и некои други партии и тогаш се сложивме дека Законот за плати за исплата на плати и пензии е во функција на макро економска политика и намалување на инфлацијата во државата, која беше многу голема. Ако ви кажам дека јас како претседател бев и нај незадоволен од самиот закон, заради тоа што ги замрзна платите на управата, на администрацијата, на образованието, на здравството итн, последиците беа еднакви за сите. И нормално на самата седница на Комисијата за труд и социјална политика во која учествуваа сите пратеници од сите партии, морам искрено да кажам беа со консензус комплетно едногласно го прифатија самиот закон. Немаше ниту еден против. Во таа ситуација кога Владата беше исто така хетерогена и посебната владина комисија која го толкува уставното прашање на законот и кој го предлага законот, бидејќи министерство предлага, меѓутоа, ако не помине преку таа комисија, тој закон не доаѓа до Собранието, исто така и тие докрај беа согласни со носење на еден ваков закон. Уште во тој период се сеќавам како денес преставникот на пензионерите веднаш најави дека овој закон ќе падне, заради тоа што е неуставен, односно тој член 6, во кој се регулираат тие односи. Меѓутоа, толкувањето од правниците од посебните комисии, па и нашата законодавно - правна комисија, даде позитивно светло дека сепак тој член е уставен.

Ако сега се вратам во таа смисла дека сепак има една хронологија на овој закон и од тогаш веќе почнуваат одредени активности не само на партии, на поединци, на пензионери итн., сепак пензионерите да тврдат дека се закинати со тие фамозни 8%. Ако тоа е така, лично јас како претседател на Комисијата и како член на социјалистичката партија не сум задоволен, зошто го закинавме тоа ако им припаѓало. Меѓутоа, за жал ете тоа е така. Лично сметам дека за ваквата состојба најмалку ја сноси одговорноста министерот за труд и социјална политика, бидејќи сепак ова прашање е малку пошироко прашање во кое и ние како Парламент овде едногласно без ниту еден против го прифативме законот, Владата едногласно го прифати во тој состав во кој беше итн., и сега понатаму се прават напори, дали е тоа во рамките на Уставот, дали формално правната постапка е задоволена. И до мене како претседател на Комисија доаѓаат голем број на жалби од самите пензионери и бараат одредени информации. Лично сметам и одговорот беше па и на Собранието на ЗПК и на голем број на членови кои се во таа комисија, дека сепак треба да заврши процесот на постапката во Уставниот суд и од кога ќе заврши, мислам дека е потребно извршување на таа одлука ако биде во прилог на пензионерите, односно во прилог на изменување на тој член 6, фамозен член.

И во таа смисла лично сметам дека треба, а се очекува крајниот исход. Инаку, не сум за тоа да сум и ќе ја поддржува ЛДП дека ние секогаш треба да водиме сметка за извршување на законите кои се уставни закони, да не паѓаат пред Уставнот суд и во таа смисла без разлика за кое министерството се работи, дали за труд и социјална политика, или Владата, тие мора да бидат многу повеќе одговорни во однос на предлагањето, а ние пак како парламентарци во донесување на самиот закон. Во тој дел мислам дека сосема е нормално да кажам дека сепак во пензискиот систем тоа колегата што го ценам Љупчо знае, дека ова министерство и Комисијата за труд и социјална политика заедно со сегашниот министер за труд, г-динот Насер Зибери направивме квалитетни чекори во делумни измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ако може така да се декларираат како реформи, а тоа значи за прв пат го укинавме институтот докуп на стаж, ги укинавме административните пензии по поволните пензии ги доведовме во позиција да бидат на толерантна граница.

И на крај на некој начин успеавме да го консолидираме Фондот за ПИО како правен субјект за да може да ги исполнува, односно извршува своите функции како фонд. Ако се сеќавате дури бев јас едновреме и против таков фонд, кој во оваа транзиција не е можно да ги подмирува обврските на пензионерите, заради тоа што не е решен даночниот систем, нема прилив на средства итн. Значи имаше една ерозија во тој систем. Кога се направи таква реформа веќе самите реформи дадоа рзултат. Очигледни се резултатите. Јас како претседател на Комисија присуствувам на секоја седница што ја има управниот одбор на Фондот за ПИО и гледано низ аналитички податоци доаѓам до сознание дека, овој Фон веќе прераснува во сигурен фонд кој може да ги гарантира правата на пензионерите и на некој начин да го реализира законот за ПИО. Еве сега за последните шест месеци покажува, да не кажам, вишок на материјални средства со кои средства веќе може да се подобрува статусот и стандардот на пензионерите. Дури одборот одлучи еднократна помош на одредени пензионери да им помогне за подобрување на нивниот материјален статус. Морам да кажам и тоа дека од законот за ПИО се исфрли заштитната функција. Значи, туѓата нега која беше голем терет на Фондот, не на уштрб на граѓанинот, туку се пренесе во матичниот Закон за социјална заштита и во тој контекст да речеме преку 20 илјади луѓе користат туѓа нега во рамките на овој закон, а се ослободи Фондот за ПИО од таа заштитна функција, што на некој начин ако се сеќавате ние како претходни пратеници потврдивме дека ги менуваме носителите на социјална политика во државата и сето тоа се менува и викаме се пренесува во државата, ја ослободуваме организацијата на здружен труд, да не кажам правните субјекти од стопанството, месната заедница, општествено - политичка заедница итн. И во тој контекст лично сега е создадена една поголема сигурност на пензионерите без да зборувам дека сепак држата направи напори што ние како пратеници ако се сеќавате при носење на самиот буџет, издвоивме најголем дел на материјални средства што грчевито се бореше и министеот за труд и социјална политика да се прифати таков буџет, со единствена намера да не дојде во криза пензионерот, однсоно исплатата на неговите пензии.

И тоа мислам дека е очигледно и неизбежно да се каже. Бидејки работам во таа област имавме неколку препукувања во овој дел. Јас лично како претседател на Комисијата за труд и социјална политика тоа јавно го кажувам, дека ако направивме одредени реформи, официјални реформи најголем дел на реформи ги направивме во оваа област. Еве ќе ви потврдам. Да ви кажам само неколку факти. Прва реформа делумна во Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Сега е на прагот генерална реформа во која веќе влегуваат и на некој начин ќе се доближиме до европските опции. Реформа во пензискиот систем не оди лесно, тоа не е јаболка на бит пазар, па сега пресечија на четири и заврши работа. Тоа се пари во кои треба големи реформи.

Ние донесовме единствено како држава, дури тоа го нема ниту Југославија, ниту Словенија, ниту Хрватска во смисла на Законот за социјална заштита. Ние направивме нај деморатски, нај реформиран Закон за социјална заштита, во кој се определивме како ке вршиме комплетна заштита на граѓани кои ќе се најдат во положба од социјална потреба, а тој број на граѓани е доста голем. Направивме една голема реформа во Законот за вработување. Законот за вработување го проширивме со управата, меѓутоа ги утврдивме и критериумите. Ние донесовме прв Закон за работни односи, во кои се направени реформи кои се на некој начин во функција на целокупната трансформација која се однесува на економскиот систем. И тука тоа е очигледно и е направено. Еве на праг е да се направи и реформата во детската заштита. Зборувам за онаа што ресорното министерство има големи ингереници, односно ние како Парламент со закон и Владата ги пренесовме во ова министерство.

И во тој контекст мислам дека тоа треба да го прифатиме. Дали има сега субјективни слабости во извршување на задачите и дали сега можеме да потврдиме во оваа реченица, првата реченица, оваа за мене е многу битна реченица дури малку да ви кажам, бидејќи работам во таа област и навредлива, се вели: интерпелација против министеот Насер Зибери ја поднесуваме заради лошите состојби во областа и натаму продолжува за овој другиот дел. Јас лично ќе ви кажам дека во областа на социјалната заштита се најдобри во однос на другите. Гледано од аспект се што е пренесено во тоа министерство. Замислете дека во тоа министерство имаме 500 илјади луѓе кои индиректно или директно се врзани со одредени социјални права. Ако тоа е така, па јас верувам дека од тие 500 илјади ќе имаме грешка 2%, 3% итн., меѓутоа, бидејќи лично работам во Центарот најголем притисок имаме

баш од пратениците и политичките партии. Сите на некој начин ги решаваат проблемите во Центарот: одете во Центарот, немајте гајле. И лично сметам дека целокупната проблематика која е врзана сега за ова министерство е многу врзана за економските состојби во државата. Па ние сите овде што седиме рековме ќе вршиме приватизација. Сите потврдивме дека приватизацијата има своја цена, сите рековме дека ќе имаме технолошки вишок, па дури и вештачки, па сите рековме таму со законот дека имаме и стечајци. Во тој контекст ако таму ги нарушивме односите ние треба да создадеме услови да има една меѓузависност меѓу социјалниот и економскиот развој. Викаме дека сите потврдивме дека економскиот развој ни заостанува. Па како ќе го развиваме социјалниот развој, ако е тука проблемот.

Значи, објективно постојат низа потешкотии во ова Министерство и лично сметам, кој што ќе биде минстиер за труд и социјална политика секоја чест, бодејќи сите други минстерства се прелеваат преку тоа Минситерство, бидејќи за мене е многу лесно да бидам на пример министер за развој па дури и за народна одбрана. Зошто? Па таму има академска работа. Работиш на една позиција каде немаш ти контакт со лице кое има голема потреба од стан, од материјални потреби и да не кажувам оваа ситуација, еве сега, честопати го поставуваме прашањето, зошто голем број на граѓани се доведуваат во позиција да им се прекинува елективчната енергија, поради ненаплатени сметки. Дали сега ова Минстерство, еве јас контактирам со тоа, 30, 40, 50 илјади денари може ова Министерство да ги подмири. Јас велам не. Зошто? Затоа што минситерот за финансии вика ние немаме доволно средства за да можеме оваа работа да ја извршиме. Во тој контекст мора објективно да кажеме, ќе имаме и жалби, ќе имаме се и сешто. Во тој контекст сметам дека министерот е на една ветрометина, во која што и тој е за жалење. Затоа што не може да ги реши проблемите, а трудовите инвалиди стојат пред канцеларија.

Во тој контекст лично да ви кажам ова што сега е наведено во таа интерпелација не е доволно да може министерот за труд и социјална политика да има таква одговорност.

Во таа смисла јас ја отфрлам оваа интерпелација против министерот.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, господине министер, само да потсетам дека денес расправаме по интерпелацијата на ЛДП, бидејќи, да бидам искрен од излагањата на претходниот говорник, апсолутно нејасно стана што воопшто расправаме денеска, ни кажа многу работи од историјата нафрли многу работи. Но, не кажа, патем дека госопдинот е моментално вработен кај министерот и дека министерот му е директно претпоставен.

Лично јас би му поставил прашање, што сето тоа што го кажа во делот на фалење е како директива од неговиот претпоставен или пак од желба да се додвори на неговиот претпоставен. Затоа ми остана на крајот како логичен заклучок тоа што, иако декларативно се произнесе во принцип дека е за пензионерите, нормално гледајќи го програмскиот дел на неговата партија дека е за тоа нивниот статус да се подобри, а не се произнесе дека ќе ја поддржи нашата интерпелација, посебно дека ќе ги поддржи заклучоците кои баш тоа и го кажуваат. Затоа некако се ми се вклопува во одредени шаблони, уште повеќе што истиот тој господин или колега пратеник е и претседтел на Комисијата за труд и социјална политика. Јас веднаш би го прашал зошто тој како претседател на таа комисија не покрена расправа во Собранието или во неговата комисија, баш на таа тема да види што ќе биде со пензионерите, што ќе биде со тие 8% кои некогаш беа 8% сега се преку 30%, што направи со барањето што јас му го доставив во иметот на битолските трудови инвалиди итн. А делот на демагогија и пропаганда би било пожелно да го оставиме малку на страна.

Инаку денес во повеќе наврати се дискутираше баш, како некој тука нарече, категоријата пензионери. Жалосно е што тие наши татковци и мајки, сестри или браќа, комшии или пријатели, познати и непознати, а пред се граѓани на РМ, некој ги нарекува категорија. Тоа се луѓе кои си го одработија својот работен век поштено. Тоа се луѓе кои својот работен век го вградија во овој Фонд за пензиско осигурување и тоа се луѓе кои денес со право очекуваат тој Фонд за пензиско осигурување да им го врати тоа што тие го вложија во тој фонд. Значи не се работи за некоја имагинарна категорија, не се работи за измислена категорија, се работи за конкретни граѓани кои навистина го заслужуват да го добијат она што им припаѓа.

Жалосно е што во текот на дискусијата од страната на претставниците на ПДП, се обиде да се насочи дискусијата во правец на тоа дека еве ние ЛДП сме биле против албанците. Многу е жалосно и веројатно тоа се прави само од немањето на аргументи со кои ќе се одбрани нивниот став дека се против интерпелацијата. Ако ние како ЛДП се залагаме да се почитува законот, да се почитува Уставот, да се почитуваат институциите на државата, како што се Уставниот суд, Врховниот суд, иако тоа го бараме и од сите граѓани на РМ, вклучувајќи ги и албанците, односно граѓаните на Македонија со албанско етничко потекло, тогаш не гледам причина зошто ние би биле против. Одлука на Уставен суд е одлука на Уставен суд и независно од тоа граѓаните со какво етничко потекло се мора да се почитуваат. Ние зборуваме за почитување на правната држава, иако некој од тие дискутанти кои кажаа дека, еве, ние од некои национални побуди сме ја поднеле интерпелацијата, сеуште мисли така, јас ќе повторам уште еднаш.

ЛДП ќе поднесе интерпелација против било кој министер, доколку не ги спроведува законите. Како можеме да се согласиме да продолжиме со ваков начин на работа, односно со непочитување на тие судски одлуки дека за такви исти дела веќе и еден градоначалник и еден претседател на совет се во затвор. Значи некаде постојат решенија за оваа работа. Исто така, од оваа говорница беа спомнати издавањето на неоснованите решенија за социјална помош, купувањето на становите по многу повластена цена, каде што активно учествува и господинот министер во таа работа и сите тие фактички се незаконски дејствија и ние како партија не можеме да прифатиме да ги поддржиме и уште повеќе ќе бидеме против тоа.

Кога сме тука кај истиот министер, јас морам да спомнам нешто што се случи баш од оваа говорница и се прашувам дали повторно ќе се повтори. Имено пред неколку седници, или можеби пред неколку месеци кога разговаравме за бројот на невработени во Битола, кога јас презентирав документација дека бројот невработени во Битола е драстично поголем од она што во официјалните извештаи на Министерството се тврди, на барање на министерот јас му доставив извештај кој јас го имав од подрачната единица за вработување во Битола. Јас му го дадов со најискрени намери дека го давам во интерес на соработката. Испадна дека господинот министре го зеде тој извештај за понатаму да забрани такви извештаи, воопшто понатаму му се даваат. Дали е тоа во интерес на оваа наша правна држава, дали е во интерес на јавното информирање, или во интерес на граѓаните.

Ќе повторам, од нашиот разговор со господинот министер кога јас му го доставив извештајот за невработените во Битола добиен од Бирото за вработување во Битола, Бирото за вработување во Битола ги затвори вратите за мене, иако сум пратеник, иако сум претставник на граѓаните од Битола и денес такви извештаи не добиваме. Дали може и со кое право министерот да забрани такви извештаи јас да ги добивам. Факт е дека од разговорот кој го имавме овде во оваа сала на оваа говорница, на неговата клупа, наваму јас повеќе такви извештаи не добивам. Зошто и како тој најдобро си знае, еве сега и се насмевна малку.

Тоа е можеби и нормално во некои разсмислувања, но јас сега се прашувам што после ова дискусија ќе се случи. Дали ќе забрани да добивам било какви информации. Дали ќе ми забрани да читам новини. Дали ќе ми забрани да контактирам со пензионеѕрите, односно со луѓето кои ја слушаат оваа дискусија. И да ми забрани во тоа веројатно нема да успее а само патем да знае дека извештаите иако не ги добивам бројките, сеуште ги знам од Бирото за невработени и знам дека бројките кои ние ги добиваме во печат за тоа колку се вработени колку се невработени, се далеку од вистината.

Би го замолил господинот министер од оваа говорница, да се заангажира повторно по истата постапка да ги добивам тие извештаи како пратеник на ова Собрание од Битола, во плик да ми доаѓаат извештаите така како што доаѓаа и порано. Што се однесува до темата беше наметнато размислување дека еве ние како ЛДП ова го покренуваме сега со желба да вршиме пропаганда и што друго не.

Само да потсетам дека во неколку наврати ние како партија покренувавме иницијативи баш на оваа тема во ова Собрание и многу ангажирано ги покренуваме тие прашања. Но, СДСМ со своите коалициони партнери имајќи го мнозинството во ова Собрание, одлучуваше перманентно за таа тема на расправа. Веројатно наоѓаше за сходно дека тоа нив им е потребно и нужно. Јас само ќе спомнам. Ако ние ова што викаат го правиме евентуално како пропаганда, што значи перманентното јавно кажување од страната на СДСМ и неговите

коалициони партнери дека, еве недај боже по нивно кажување ако дојдат други на власт ќе им ги земе некој пензиите. Дали тоа не е користење на пензионерите во функција на пропаганда и во функција на застрашување.

Јас ќе повторам нема никој право ниту можност да им ги земе со Уставот загарантираните права на граѓаните и стекнатите права, па ниту тие што ќе дојдат после СДСМ на власт. А ќе дојдат други и тоа сигурно. Дали ова што земените или задржаните преку 30% во овој момент од пензијата на пензионерите, сега им се враќаат во форма на еве добра волја на господинот премиер Бранко Црвенковски и денес искажаните 10% зголемување на пензиите. Дали тоа не е во функција на пропаганда. Ако знаеме дека им се земени преку 30% моментално во основицата и дека наназад треба да им се вратат парите што досега не ги примиле, јас само ќе прашам што значи, со дел од тие пари што им ги должи СДСМ и неговата влада и ги дава за да купи дел од гласовите. Па тоа не само што е користење на пропаганда, туку е навистина крајно увредливо спрема тие пензионери спрема нашите родители и роднини ги заслужиле тие пензии, бидејќи тие со дел од нивните пари се настојува да се купат нивните гласови. Навистина крајно недолично. Наместо да речеше господинот премиер во ред тие 10% што ги има, што еве Фондот би бил толку богат, да рече во ред е, ја почитуваме одлуката на Уставниот суд и одиме понатаму, тие 10% се во функција да се испегла тоа што го должи како држава. Не, тоа не било туку е добра волја на СДСМ.

Слично како со пензионерите се случува и со штедачите на ТАТ. На штедачите на ТАТ им се зедоа парите и тоа на многу груб начин и сега делумно им се враќаат на одредени ситни начини нивните пари, со желба да се купат нивните гласови пред претстојните избор. Навистина крајно недолично и увредувачки за тие луѓе, бидејќи сепак се работи за нивни пари за заслужени пари, кои во принцип треба да си ги добијат согласно Уставот и законите.

И на крајот би се обидел на кратко да резимирам. За сите тие што се залагаат макар и декларативно дека пензионерите треба да го добијат она што го заслужуваат, дека пензионерите треба да добијат одреден статус, дека треба да им дадеме шанса на тие луѓе кои си го поштено одработија својот век и ги вложија своите работни години во тој пензиски фонд, да им се даде шанса барем овие години што им преостанаа да живеат и преживеат многу по достојно, ние како Собрание да ги прифатиме заклучоците што нашата партија ги нуди. Тоа го нудам и на мојот претходен говорник, бидејќи тој декларативно се произнесе дека е за тоа парите да ги добијат пензионерите и апелирам дека треба да ги поддржиме како Собрание заклучоците баш во интерес на сите тие граѓани, односно на некој како ги нарече категорија. Сепак се тие граѓани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Господинот Видимче ме спомна тука дека сепак се удварам тоа така го нарече. Мислам нема врска со тоа. Ние сме пријатели сите во овој  Парламент и така треба да се чуствуваме, а аргументите да ги изнесуваме до крај стручно, компетентно, па и да погрешиме нема никаков проблем. И сето мое искажуваве овде на говорница е не да се удварам, туку да ги кажам реално состојбите во она што јас како претседател на Комисија ги имав овие осум години, бидејќи сум во континуитет претседател и ги следев состојбите во однос на пензискиот фонд, бидејќи во интерпелацијата главната поента е за пензионерите. Затоа спомнав реформите во пензискиот систем и се она што го прати како поим.

Верувајте, не случајно ви зборувам за тоа, бидејќи и работам во таа област и јас десет пати спомнав, заради тоа што работам во областа комуницирам со луѓето, опсервацијата моја е најдиректна со категорија граѓани кои се нај загрозени. И верувајте вие како пратеник имавте полесен чин да речете одете кај Бранко, тој ќе ви .даде помош, заради тоа што ние донесовме закон, нели? Во тој контекст зборувам за една потешкотија што се удира со она што е можно и што не е можно. Јас тврдам дека министерот нема никаква шанса сега да додели одредена помош, ако министерството за финансии не му ги одобри. Тука е проблемот.

Јас тврдам дека во Македонија има сега околу десетина илјади луѓе на кои им се исклучена електричната енергија. Пак вулгализирам некој сега ќе рече па од кај сега ти измисли десет илјади, луѓе кои имаат неплатена струја, а сега по логика на нешата сега

некој тука прави. Меѓутоа, дали сега министерот за труд и социјална политика може да обезбеди по 50 илјади денари на секој, за да му ги подмири тие трошоци.

Јас лично како Бранко се залагам тоа да се направи, дури државата да направи партиципација таа да учествува во тој дел. Зарем не се залагам и во здравството да партиципира државата, заради тоа што нашето население не може да го поднесе овој закон што сега ни дојде. Во тој контекст велам дека најкоректно, упатно сакав да дадам свој прилог и придонес да укажам на некој состојби во оваа област. Инаку лично пак чувствувам дека едно од најтешките ресорни министерства во државата во дадениот момент, можеби и наредниот период уште четири години, можеби уште четири, тоа ќе биде Министерство за труд и социјална политика, од сите аспекти. Нема таму академска работа, нема иновации. Тука нема импровизации. Зошто? Мораш да го решиш проблемот на лице место, додека некаде има и креација.

Во тој контекст лично сметам дека министерот за труд и социјална политика е многу одговорен, бидејќи работи со сложена материја. Меѓутоа, не секогаш зависи од него. Во тој контекст така да ме сватите сосема коректно.

И ги спомнавте трудовите инвалиди па на кратко и на тоа да дадам одговор. За трудовите инвалиди јас поднесував трипати закон за измена и дополнвуаше на Законот да ги сместиме во Законот за пензиско и инвалидско осигурување и да им дадеме одредени права. Меѓутоа, за жал во ова Собрание не бев прифатен. Инаку со Сојузот на трудови инвалиди имам најмалку десетина па и дваесетина средби, на кои разменувавме одредени мислења со битоските трудови инвалиди не направивме контакт, заради тоа што задоцнивме во однос на интервенцијата во самиот закон.

Инаку со ѓолема почит и еден поздрав до сите тие трудови инвалиди во Битола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас наполно ја сваќам потребата, еве пред својот претпоставен да си кажете тоа што мислите да се пофалите. Ја почитувам апсолутно вашата доследност, но доследноста си е очигледно самово рамките на декларативноста, а не во рамките на практичноста, бидејќи јас ќе повторам пак иако сте вие во континуитет еве толку време претседател на Комисијата за труд и социјална политика, кога и на која седница сте расправале на проблемот на пензионерите за тие 8% и што вие сте заклучиле. Кога и како вие сте ми понудиле да контактирам со битолските трудови инвалиди, да дојдат да се видат ако ништо повеќе и кога и како сте понудиле практични решенија кои ќе нудат помош, освен декларативноста.

А делот дека Министерството за труд и социјална политика е навистина оптоварено и тешко министерство и дека ќе биде тешко, потполно се согласувам со вас и се додека СДСМ се разбира заедно со вас и ПДП се во коалиција и ја држат власта тоа Министерство очигледно ќе има доминантна и јака улога, бидејќи државата ќе мора од тоа Министерство да живее добар дел од граѓаните. Се додека не им дадеме шанса да работат да си вадат леб.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мене ми е криво што г-дин Видимче не води сметка за евиденцијата. Јас како пратеник поднесував пет пати закон, ти не го гласаше. А сега ти си декларативен јас сум многу практичен. Ако ти кажам дека во рамките на Законот за пензиско и инвалидско осигурување понудив неколку пати измени и дополнување, ако ти кажам дека за прв пат земјоделците во РМ, благодарение на мојот предлог и предлогот на Гештаковски успеавме да направиме посебен закон со кој за прв пат во историјата земјоделските пензионери остварија право на земјоделска пензија, тоа е историја, имаме стенограми, и претседателот до вас што е на Парламентот знае г-динот Андов колку пати сум правел напори да обезбедиме некаква заштита на трудови инвалиди и за жал Видимче гледаш дека не паметиш, а млад човек си: Во таа смисла мислам дека треба да бидете коректен. Инаку, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за земјоделците е историја на Гештаковски и на Арсовски Бранко. Тоа ние го предложивме, ние успеавме, беше прифатено од овој Парламент комплетно, и од Либералите, СДСМ, СП и ПДП и тоа едногласно. Благодарение на тој закон нашите пензионери сега во РМ, на секој кој е над 60 години поштарот му чука на портата, значи му

дава одредена пензија. Еве ти тоа позитивно, еве ти тоа практично. Ако ти зборувам за практично, ќе те доведам до тоа дека ти си декларативен, јас сум практичен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, до 17,00 часот кој ќе издржи ќе ја прекинам репликата во 17,00 часот.

Г-дин Видимче има збор, реплика.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Само кратко, што се однесува до предлозите на законите кои г-динот Бранко Арсовски ги предлагал, апсолутно не е вистина дека јас не сум ги гласал. Сум ги гласал секогаш и вашата констатација дека јас не сум ги гласал воопшто не држи.

Второ, пак ќе потврдам дека вие најчесто работите во доменот на демагогијата, бидејќи вие сте коалиционен партнер и тоа што вие го предлагате преку својата коалиција во принцип треба да го завршите и да го изгласате тука. Ако се предлага само за да биде предложено и да имате некоја квази активност, тоа е друга работа, но вашата коалиција тие закони не ги изгласа, односно вие не ги изгласавте, а јас тврдам дека гласав за нив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер, мислам дека ЛДП покрена едно многу важно прашање, важен сегмент од нашето живеење. Само, господо, заборавивте уште на неколку сегменти. Да речеме, можевте да го покренете и прашањето на одбраната и заштитата на земјата, односно на живеењето на војниците нашите деца кога одат во војска што појадуваат, што ручаат, што вечераат, дали им кркорат цревата, дали одат малку подебелки, а се враќаат многу послаби. И тоа е едно прашање. Па да го поставите прашањето на здравството, колку плата примаат таму луѓето, 6.000 денари па лекарствата итн, целата мизерија да ја опишете. Имате право на тоа и ние имаме право. Добро е што го поставивте и ова прашање.

Само, да ви кажам една работа не ми се допаѓа. Не ми се бендисува, не е битно дали вие прифаќате или не прифаќате, овде слушнав од неколку дискутанти дека партијата СДСМ како партија не го бранеле, многу ми е гајле за СДСМ. СДСМ не ги сака пензионерите не ги штити итн. Случајно имаше такви работи. Па чии се тие пензионери бе луѓе? Наши се, на државата и ако некој мисли дека тие едно време што беа борци и живи се вратиле од војната, ја окупираа Македонија и како други поробувачи се сторија овде во Македонија, тоа е срамота. Тоа е демократија, секој има право да си мисли. Тие пензионери се наши луѓе. Зарем може да бидеме против нив. Сите овие што се пензионираа од ден во ден, од година во година, па и ние за четири години ќе одиме таму во тој табор, во таа армира на пензионери. Дали сме против себеси? Не сме против себеси, не сме против пензионерите. Г-динот Љупчо Мешков е сведок неќни кога доаѓавме на седница, дека се сретнавме со претседателот на Сојузот на пензионерите на Македонија, мојот голем и добар пријател како што сте ми и вие пријатели, Вите Исјановски и уште еден колега од факултет, со кого слушавме заедничка настава кај еден професор, не е битно кај кого. Тој ме потсетува постојано на тоа.

Сакам да речам дека навистина ми лежи ова прашање за пензионерите Меѓутоа, јас сакам да ве потсетам на една работа. Изгледа не можеме да оставиме на еден котел без дно, да му ставиме дно. Тоа е котел каде што само тече вода без да размислиме од каде доаѓа. Ние сакавме и ја створивме РМ.

Меѓутоа, како и во секоја друга држава, и РМ мора да има министерства за одбрана, внатрешни работи, правда, финансии, надворешни работи, стопанство, развој, урбанизам, земјоделство, труд и социјална политика, образование, наука, култура, здравство, сообраќај и врски и сите сегменти од тие министерства, па дури и локална самоуправа. Претпоставувам дека сите министри, па и министерот за труд и социјална политика, младиот Насер Зибери си прави есап со своите соработници колку пари му требаат на Министерството за целосно работење на Министерството. Јас го обвинувам сега г-динот Насер Зибери ова младо и убаво момче, со што кај одделни негови општини одделни чиновници да ги речам, кога доаѓа некој да бара социјална заштита му велат продајси го телевизорот или нема пари за погреб, е министерот ќе ти даде. Или оваа година воопшто нема средства за еднократна помош на граѓаните. Еве го Бранко нека каже, г-динот Бранко Арсовски од Куманово, бега од канцеларија. Нема пари, тој нека каже, ако лажам нека стане

нека каже дека не е точно. Затоа што нема пари, нема средства. Значи, тоа се општи работи кои ја следат оваа наша држава.

Ние вчера слушнавме еден податок овде дека интересна работа било, како тоа работната рака се намалила, а производството се зголемило за 10,6%. Ако тоа го гледаме низ една друга призма, бројот на вработените минатата година и бројот на вработените сега и колкава е продуктивноста на трудот по човек, тоа значи од 10,6% повеќе, многу повеќе затоа што минатата година сме имале повеќе вработени за тој квант на производство. Сега имаме поголемо производство со помалку работници. Тука лежи зајакот, тоа е тоа што треба да го постигнеме. И сега ако секој министер си праи есап и прорачун и обрачун за она се што му треба, на крајот тоа го дава во Владата. Министерот за финасии, претпоставувам кога бил министер за финансии тоа би го правел, а мислам ако е тука г-динот Таки Фити ќе го потврди, собирајќ ги сите есапи, така на старски да се изразам, на сите министерства сега гледа кого да товари за да го направи буџетот. Од една страна на расходна страна, а другата е приходна страна. Од каде приходите? Па даноци и придонеси од личен доход, од платата, персонален данок, па од добивката, акцизи, па незнам што и на крај Буџетот ни остана краток за "Х"проценти. Вие го знаете тоа. Зошто го донесовме оној закон за кој г-динот Бранко зборуваше? Замрзнување на платите. Ние четири - пет години немаме никакви платни зголемувања и ние немаме ниту некој што се алиментира од Буџетот на Републиката. Мислите дека е тоа некоја шега? Тоа е тоа.

Сега, има некои работи кои се добри што Владата презема соодветни мерки, на пример понекогаш ускокнува во некои работи, како на пример во локалната самоурпава, овде онде само некои средства. Изградба на некои регионални патишта, колку толку, па вие знаете Законот за култура. Знаете колку средства се издвоија за култура, тој сегмент од животот го исправивме малку, го поправивме. Еве пред некој ден слушаме ученичкиот и студентскиот стандард, па бесплатни учебници, па сигурно и овие корисници на еднократно, но за стално социлајна помош, пензионерите, па и ние и на-шите деца ќе добиваат, мислам на моите внуци, ќе добиваат бесплатни учебници, па тоа не ли е пак од Буџетот? Од Буџетот, е луѓе. Од тие средства. Е, сега треба да речеме вака. Министерот е виновен. Министерот ни најмалку.

Препорака до Владата до крај на периодот за кој треба да се избере нова Влада, ако може да изнајде средства од некаде да се ускочи и во ова Минстерство да му се помогне некако на пензионерите, ако некаде имало на приходната страна нешто повеќе, а верувам дека ќе има. Се додека немаме поголем индустриски пораст, раст на производството, нема ни еден сегмент да развиваме, нема да имаме развој, иако доаѓаат средства од надвор, заеми, кредити со подолг временски рок на чекање со мала камата, сепак тие средства треба да се употребат таму што ќе дава ново производство, нови вработувања, нови даноци и придонеси од личен доход, од доход, од плата, тогаш и во ова Министерство ќе има малку повеќе пари, тогаш и во другите министерства малку повеќе пари. А да кажеме сега дека е виновен овој или оној или ние ги сакаме многу пензионерите, заради тоа го поставивме ова прашање. Овие ич не ги сакаат. Мислам дека е срамота. Тие се наши пензионери, тие се наши пријатели, тие се наши другари со кои другаруваме секој ден од сите општини. Сега да излезам на плоштадот најмалку 100 души ќе сретнам на муабет, другари, пријатели, секој од вас има пријатели. Заради тоа немојте да ги делиме. Не се овие душмани, а овие пријатели. Тоа е наше заедничко ангажирање, на дражавата и добро е што сте го покренале прашањето, меѓутоа, не да речете оваа партија не ги сака онаа партија ги сака. Тоа малку не е исправно. Благодарам што ме слушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, нормално доста значајна тема, морам прво да кажам непопуларна тема, непопуларен потез што секој пратеник би го повлекол кон одреден член на Влада, но штом сум се согласил да ја потпишам оваа интерпелација и штом сум зел збор да објаснам нешто за оваа област, сигурно имам големи аргументи, причини зошто сето тоа го правам.

Овој мој потез за поддршка на интерпелацијата го ценам како краен потез, во однос на мојот одзив како пратеник, во однос на мерките кои јас како пратеник ги имам како можност на одреден начин да реагирам во оваа област на социјалата. Морам да кажам пред овој

потез на интерпелација, сигурно подолго време сме ја следеле работата на смиот министер на ресорното министерство која работа, нормално со една внатрешна контрола во работата се огледува како таа работи, што работи, кои успеси кои неуспеси ги постигнува, таа работа на министерството а нормално и Владата на одреден начин ја контролира, но тие успеси и неуспеси и самата Влада си презема одговорности врз себе ценејќи и истакнувајќи дека сите тие работи се позитивни, се постигнуваат одредени успеси,  но нашите согледувања, нашите видувања укажуваат и убедуваат дека ситуациите во оваа областа, во областа на социјалата, се соема нешто друго.

Токму поради тоа се одлучивме и јас лично на овој краен потез, за покренување на интерпелација за менување на министерот Зибери. Нормално, како еден од најголемите реалности се наведуваат лошите состојби во областа на социјалата. Социјалата е област која го тангира секој граѓанин уште од времето на неговото созревање во утробата на мајката, во односот на државата кон мајката, потоа следено од неговото раѓање, развој на младо дете, на мало дете новороденче, па вклучување во животот како граѓанин, созревање, водење на тој човечки живот, проблемите со образованието, проблемите со вработувањето, проблемите во самото вработување, проблемите кои тангираат кога е веќе созреан како човек, кој создава за ова општество и нормално непосреден сегмент кога тој човек се оддолжил кон оваа држава, сегментот кога државата треба да се оддолжи кон тој човек.

Значи, оваа лепеза на области, морам да кажам дека е една од најразгранетата лепеза, ги тангира ова ресорно министерство и овој ресорен министер и за жал, морам да кажам, во овие две ипол години кога овој ресорен министер е надлежен за оваа област, нормално, покренувани се одредени прашања, покренувани се одредени проекти за решавање на тие прашања, но сепак ценам дека тоа е гаснење на одредени пожари во оваа област, а не решавање на комплетната област, како област. Тоа значи дека системот на социјалата, социјалниот систем воопшто не е тангиран како систем, туку само одредени парцијални решенија.

Нормално и ние како пратеници од ЛДП и а јас лично одредени потези на ресорниот министер сме ги оправдувале со надеж, а на тоа сме укажувале, со надеж тие одредени потези следствено, ако се протегнуваат подолго време, ќе произнесат одредени позитивни последици. Но, тие потези останувале со краток здив и наместо да донесат одредена продукција во оваа област, донесувале она што го имаме сега нерешени проблеми во областа на бременоста на мајките уште во областа во најраното детство на децата, на заборавената детска заштита, на проблемот на невработеноста, на проблемот на општата социјална заштита на она население кое тоа го бара, проблемот на избеглиците, проблемот на меѓународната поврзаност на системот на социјална заштита, државна заштита, проблемите со социјалната надградба кој е доста значаен сегмент, најзначаен проблем е со Сојузна Република Германија која одредени права ни ги имаше дадено како држава ни ги укина , а не да ги надогради. Како што имам информации неколку други држави одат по нејзината патека да ни ги укинат и тие права што биле некогаш доделени на оваа држава.  И нормално проблемот  Со пензионерите. Нормално, проблемот со пензионерите. Моите колеги претходници, доста аргументирано настапија со цифри и бројки, со надежд дека на одреден начин ќе се укаже на ресорниот минситер, кој за жал при мојава дискусија излезе и јас оваа моја дискусија ја упатувам на него, а од неговото ресорно минситерство остана мобилниот телефон во овие клупи. Но, сепак и на него да се обратам, сепак има одреден дослух барем да се слушнат овие проблеми за кои јас ги истакнувам од ова говорница.

Го повторувам, не се тоа проблеми што ги тангира само овој ресорен министер, тука се и проблеми на целата Влада и на целата извршна власт, а за жал, претстаник и друг претставник од Владата тука би било ред да биде присутен и барем на одреден начин да ислуша. Да не кажам дека ова се однесува и за моиве колеги, останати пратеници, на одреден начин оваа моја дискусија да би делувала кај нив и би придонела истите и тие ја поддржат оваа интерпелација, на одреден начин да придонесеме со промена на овој ресорен минситер да придонесеме на одреден начин, на овој начин со одредени потези укажеме дека на таков начин ако се дадае одредено праов на одреден министер, а тој тоа право не го заслужил со својата работа, доаѓа до промени. Иако сепак имаме доста краток период до новите избори, сепак да се укаже дека таа извршна власт е менлива. Тоа што нечини треба да се менува, треба да се носи  нешто ново, за на одреден начин да се стекне

таа верба на граѓаните што за несреќа е тотално разнишана на одредеан начин да се убеди дека некој во.оваа држава мисли за некого и некој за нешто треба д аодговара за својата работа. Повторувам овој ресорен минситер одговара скоро, да не речам за скоро повеќе од пола популација во РМ што директно, што индиректно.

На крајот ќе истакнам за потребата од менување на компланиот систем на социјална, значи социјалниот систем треба да се менува. Постојната Влада не даде одредени уверувања дека е одредена или подготвена има сили, има можнсоти, има знаења тоа да го направи. Ние укажуваме дека знаеме, умememe и можеме тоа да го направиме, тоа концепциско менуваање во целата лепеза од овие области на социјална заштита и да ја направиме оваа област на социјална, како што доликува на една млада, права драва, правна држава и да ја направиме оваа обалст на социјалата, таква што е загарантирана со Уставот, да овие социјални фондови во државата, тргнувајки и од Фондот за детска заштита и од Фондот за вработување и фондот на ПИО да бидат не дотирани од државата, но тие фондови да ги дотираат останатите сегменти на држвата, како што е во поголемиот дел од држави каде ова функционира на онаков начин за каков ние се залагаме.

Далеку почесно би било да се каже дека не е во можнсот тоа ниво да го достигне и на еден чесен начин да си замине од ова фотелја. Нормалнона негово место ќе дојдат оние кои знаат како тоа се прави. Инаку, она што ние го дожиевавме тука, тоа се само рестрикции во овие фондови, само намалувања, смао укинувања на некои права што некогаш биле дадени на оваа категорија граѓани тангирани од оваа обалст. А ние нудиме пандам на тоа, ние нудиме систем за прилив на средства, прилив за прогрес за оваа област во држвата. И, норамлно, ако овие филозофски пристапи, нови пристапи на оваа област нешто можат да придонесат во менување на мислењата по однос на оваа интерпелација, ќе бидам лично доста задоволен.

А, ако не барем да се прифатат овие заклучоци, што по однос на ова Интерпела-ција нормално пратеничката група на ЛДП ги предлага, што на одреден начин дава едно ново светло, барем за оној процент на граѓани некаде 10 - 12% популација, а тоа се пензионерите, да на одреден начин, барем таа популација во оваа завршна фаза од постоењето на овој состав на Собранието да се укаже дека на тие пензионери, само спомнувани, а ништо не е сработено за нив, со овие заклучоци да се обврзе ако не оваа Влада, тогаш наредната што ќе биде, тоа што е зацртано со овие заклучоци да се даде за право да се спроведе од онаа наредна Влада. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција на г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, во име на пратеничката група на ЛДП, барам да прекине тука расрпавата, за да продолжиме во време што ќе биде одредено утре од следните причини:

Тука беа изнесени многу констатации и оценки за ЛДП, за кои сакаме да го имаме превид стенограмот, за да знаеме како да се поставиме кон нив, а исто така да имаме можнсот да ги разгледаме најновите мерки на Владата кои се директно и индиретно поврзани со оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Мислам дека, имавте можност да учествувавте активно околу оваа работа и околу следењето на мерките на Владата, а и во расправата колку што знам, учествувате скоро пола од присутните пратеници од пратеничката група.

Еве, јас оставам Собранието како ќе одлучи.

Јас лично семтам дека нема потреба за пауза до утре за да продолжиме.

Тоа не е пауза, тоа е одлагање и продолжување на расправата за уште еден ден, да го изгубиме и утрешниот ден и дури и да не сме во состојба да ја завршиме седницата.

Еве, јас ќе го ставам предлогот на гласање.

(Од место се реагира дека не е тука министерот).

Тука е минситерот. Ќе дојде.

(Од место се регира дека треба да се даде, пауза токму заради тоа).

Ќе дојде. Не може минситерот 6 часови да издржи нон-стоп.

Вие, можете, сигурно, кој чувствзва замор може да се одмори.

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседееле, почитувани колеги пратеници, сигурно дека не треба да му замериме на минситерот што мора и тој малку да одмори. Сите ние си дозволивме и зедовме пауза. Мислам дека тој е во тек тука, ја следи сендицата и нема потреба од негово перманентно присуство.

Мегутоа, можеби во почетокот на седницата нас да не заинтригира што министерот денеска остана сам тука, а се работи за негова интерпелација. Но, и тоа е дел од она што е веќе видено.

Мислам дека мојата дискусија ќе биде некаде што многу дискутанти потенцираа дека, ако овој Парламент ги почитуваше во целост институтите на пратеничко прашање, ако овој Парламент имаше чувство на дневен ред да поставува актуелни работи, настани и интереси, можеби ќе немаше птреба дури од една ваква интерпелација. Свесното одбегнување на еден крупен проблем што се свали на плеќите на овој министер, нормално дека доведе до една ваква интерпелација, толку повеќе што ова прашње што е актуелно во континуитет во јавнсота еден подолг период и што, за жал, практично ние со сето ова ги игнорираме судските одлуки на Уставниот и Врховниот суд. Мислам дека немаше потреба денеска, јас лично не очеквуав да се оддалечиме од точките на дневниот ред, да дискутираме за се и сешто, бидејќи основната поента на интерпелацијата ја свакам зошто не се почитуваат одлуки на високи и судски инстанци во државата, всушност највисоките.

Од тоа што координаторите на пратеничката група на ЛДП истакнаа неколку точки мислам дека без оглед на познат исход од гласањето за оваа интерпелација, сигурно дека оваа седница ќе има свое позитивно влијание на однесувањето и на овој министер и неговоте соработници и воопшто на сите други министри, затоа што објективно е дека нема тајни во оваа мала држава, дека се посочија примери на злоупотреба на позициите на соработници, на позициите на одредени старешини на Центри за социјална работа, вработување итн, итн.

Мислам дека пораките од овие наши дискусии денеска, ќе бидат доволни овие луѓе да сватат дека нивното работење се следи. Тука слушнавме и конкретни примери. Кон нив можам да додадам многу примери на злоупотреба на користење на социјална помош, особено во Тетово и Тетовско, гостиварско и во целиот западен дел, од познати причини. Сигурно дека до тие луѓе ќе дојдат овие наши коментари, наши дискусии дека има злоупотреби. Сигурно дека оваа денешна расправа ќе ги иницира и одговорните правосудни органи, започнатите истраги да ги интензивираат и ако пронајдат злоупотреби, фалсификати и слично, нормлно ќе преземат соодветни мерки за да не ги ставиме во тавка состојба сите директори на центри за социјална работа и стие луѓе кои се бават со оваа проблематика. Не е коректно кон овие кои работат совесно. Мислам дека тоа е еден придонес што денеска е евидентен.

Второ, ако денешните, морам така да речам непроверени информации дека веќе Владата интервенира, дали е тоа инцидентно, дали палијативно или како, со зголемување на тензиите во следните месеци, тогаш оваа интерпелација е можеби беспредметна. Прашањето е сега дали интерпелациајта за постигна својата цел со тоа што Владата донесува конкрени мерки за зголемување на пензиите? Дали е тоа што значи долг или е некоја нова позиција на пензионерите? Во секој случај интерпелациајта постигнува одреднеи ефекти, затоа што таа се врти тука во неколку дена и даде можност на оние на кои им е посочена, преку ресорниот министер и да интервенира. Без оглед на она што значи непосредни избори, маркетинг или не.

Интересот на јавноста не треба да не чуди, затоа што нема семејство во кое не живее барем еден пензионер. Убаво рече мојот колега Фаик, дека сите ние практично одиме натаму ќе биде среќа ако дочекаме пензија. Значи ќе живееме. Тоа е она што е неминовно. Интересот за оваа проблематика не тртеба да не зачудува. Замислете некој сака оваа категорија да ја привлече кон себе. Нема шанси. Таа категорија веќе знаа, умее, знае да цени и мислам дека нема страв од тоа каде овие луѓе ќе се ориентираат. Беше зборот дека во оваа сфера се направени многу резултати постигнати се многу ефекти осоено во услови на транзиција и сл.

Меѓутоа, дами и господо, да не заборавиме дека ние добивме и огромни средства, токму затоа што значат реформки во социајлната сфера, реформи во здравството и сл. Тоа се неповратни средства што сигурно даваат одредени ефекти. Да не заборавием дека

актуелноста на ова прашње е регулирано еден дел и со Законот за приватизација, со 15-те% издвојвуање средства во овој Фонд. Значи, една гаранција дека сепак во оваа насока се прелеваат, присобираат средства од многу сигурни, многу посигурни извори отколку порано. Сигурно дека никој не сака пензискиот фонд да биде тенок, да не биде сигурен. Меѓутоа сепак овие расправи придонесуваат да се укаже дека правната држава мора да функционира. Не може да се оправдуваме дека одлуките, решенијата на компетентни судови било ризично некој да ги реализира во одреден момент. Ако можеме да издвојуваме со едно минутна одлука на Влада средства од 15 - 20 милиони германски марки за одредени намени, значи имаме средства и во овој Фонд. Ако тука се интервенираше на времето, цифрата беше околу 80 милиони германски марки, не 500. Секое одолговлечување има своја тежина.

Понатаму, мислам дека во оваа фаза не може ние да бидеме сведоци на тоа што се случува околу нас. Тоа е дека иамме разбирање и за Владата и за нас како пратеници, а немаме рабзирање за тие кои не избрале за пратеници. Во нив најголем дел се пензионерите. Со кое морално право ние ќе одиме и одевме при секоја седница пратенички прашања, секој втор добиваше задача. Ве молам поставете го прашањето за тие фамозни 8% за нас пензионерите. И ние го поставувавме. Спроед тоа, не можеме ние да имаме двоен морал.

Позицијата на почитуваниот министер Насер Зибери, сигурно дека е една неблагодарна позиција, меѓутоа позиција што може да донесе и многу личен авторитет, рејтинг на овој почитуван министер. Министерот беше исправен пред она што значи да се биде еден послушен министер во Владата, да се вклопи во она сивило што значи да се опстане по секоја цена или, прашањето на пензиите да го постави како императив на неговото министерствување во оваа Влада. Такво нешто министерот не направи. Имаше шанси. Јас, познавајќи го лично како динамичен, како амбициозен, како стручен, очекував дека прашањето на својот опстанок во Владата ќе го врзе со реализацијата на одлуките на судовите во поглед на пензионерите. Очекував дека тоа ќе го направи. Веројатно дека има причини што тоа не го направи, можеме да ги претпоставуваме.

Но, во секој случај имаме расправа што дава аргументи дека е поставено едно актуелно прашање, едно од актуелните. Јас, во име на Демократската партија на Македонија ќе ја поддржам интерпелацијата, затоа што тоа е една демократска придобивка и што повеќе вакви интерпелации, мислам дека во иднина ќе имаме многу помалку причини да поставуваме интерпелации. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувам претседателе, дами и господа пратеници, денеска, во оваа доста долга и опширна расправа по малку како да се губи ориентацијата околу темата, за што тоа ние зборуваме.

Јас би сакал да се провериме сите, дали тоа ни се случува или е тоа намерно. Ако е тоа намерно, тогаш тоа е водење на некоја политика, но ако ни се случува заради заморот или заради врућините итн., треба сепак малку да се мрднеме назад, да погледаме и да видиме за што расправаме.

Пратеничката група, т.е. група пратеници од Пратеничката група на ЛДП, поднесе интерпелација за работата на министерот за труд и социјална политика господинот Насер Зибери. Наведе зошто тоа го стори и во дискусијата овде ги наведоа аргументите зошто го прават тоа. Ќе наведе зошто го стори тоа и овде во дискусијата ги наведе аргументите зошто го чинат тоа. Сега се формира еден фронт на одбрана на министерот од неколку слоја. Овде го бранеа и тоа доста жестоко припадници пратеници од истата партија ПДП и мислам дека министерот навистина има слабости во работата и пропусти за кои еве пратениците од ЛДП го критикуваат и бараат одговорност, но не е толку не способен и толкав грешник да не може да се направи обид да биде бранет како министер и наместо тоа да се истура да го бранат овде само како албанец.

Мислам дека лошо му направија, лошо го бранеа и тука сакам сите тие инсимулации да ги отстраниме оти тоа не е добро ЛДП и оваа Пратеничка група и пратениците од таа Пратеничка група имаат поднесено повеќе интерпелации, имаше скоро интерпелација за

претседателката на Државната изборна комисија, па за г-динот Борис Рикаловски. Никогаш не се раководат пратениците од Пратеничакта група од ЛДП од тоа од која националност е функционерот чија одговорност се бара, особено се без основа оние укажувања и оние обиди на уценување дека ако пратеничката група на ЛДП критикува министер кој истовремено е втор човек во партијата, тогаш како очекуваат соработка со партијата?

Мислам дека ние како пратеници во јавноста добро да се презентираме треба да кажеме и да прифатиме, без оглед што сме во партиите и колку сме на чело на партиите, ако имаме пропусти во работата кога вршиме државна функција на коај сме избрани од Собранието овде пратениците во согласнсот со Деловникот, Уставот и законите сосема нормално ќе бараат одговорност ниту партиската функција, ниту националната припадност не можат да бидат употребувани за одбрана и како аргумент дали тој добро работи или не.

Особено мислам многу е невкусно кога ќе почнат овде да се развиваат теории за некои национал социјализам. Тоа се комплетно неодмерени размислувања и изјави кои укажуваат на нешто друго. Укажуваат на тоа ако нетшо не може со аргументи да се одбрани, тогаш се користат секакви етикети и без круполозни напади и подметнувања. Ве молам, тоа не треба да го правиме овде, не е така таа работа, ние сакавме малку да ги видиме стенограмите од некои излагања кои одудараат воопшто од атмосферата овде и од тоа што сакаме да го создадеме како атмосефера со меѓусебна почит и толеранција, меѓутоа, еве не прифативте да дадеме пауза и да ни се даде можност да се симне, да го погледаме, да ги прашаме тие луѓе надвор од седницата дали навистина така мислат, кои им се аргументите, да воспоставиме некои контакти такви работи да не се случуваат овде на говорницата.

Според тоа , тој начин на одбрана од овде тоа не е одбрана, туку признавање дека таа одбрана што ја применуваат така немаат аргументи да ја бранат и затоа мислам дека тој начин на одбран е штетен за министерот, министерот е министер во Владата на РМ не е ни на една партија. Тој може да има партиска функција, но тој е минстер и одговара пред Собранието и тоа не можеме да го менуваме да му ставаме нови потпорни сили или потпорни столбови. Не може да биде иземен од одговорноста.

Друго, овде се зборува за тоа дали некој сака да прави маркетинг и дали се додворува на пензионерите за да гласаат за него и за таа партија, а се вели сите ги сакаме пензионерите не само една партија. Сакам да кажам дека и тоа не е добар начин на одбрана на министер дури е лош начин на одбрана. Кога расправаме за важни теми мораме да видиме во што е суштината на темата, зошто е таа покрената, колку е товар за целата држава и општеството и колку ги погодува пензионерите. А тоа дали некој ги сака пензионерите или учителите или докторите кој колку ги сака таа работа, сакам да Ви кажам, љубовта, сакајнетоо е надвор од политиката, кој колку сака нека ги сака, но ние треба да видиме како одговорно се однесуваме во решенијата, во законитоста, во уставноста тоа треба да го гледаме, а не дали ги сакаме или не. Сега ќе трчаме по пензионерите и ќе викаме ние многу Ве сакаме. Таа работа не држи и така не се брани министер не се брани ни Влада, не се брани ни политика. Ние всушност ја имаме следната сосотјба:

Во 1993 година Собранието донесе закон со кој 8% пензиите им ги намали на пензионерите, сите што тогаш беа во пензија.Тогаш Собранието по предлог на Владата така знаело, така умеело и за тоа така решавало и мислело дека е во право. Сите експерти што тогаш го убедувале Собранието и на комисии и што ја убедувало Владата сите тие тргнувале од аргументи кои ги почитувале, ги изнесувале и мислеле дека е во право. Се разбира, тој закон беше, неговото важење е обновено во 1994 година, но беше поведена постапка пред Уставниот суд и во декември 1994 година Уставниот суд донесе Одлука, со која ја укина таа одредба за намалување од 8%, тоа беше член 6. Од тогаш наваму откако Уставниот суд тоа го донесе тоа го прифаќам и сите ние овде бевме уште во некое недоразбирање, во недоволно јасна ситуација што објективно значи и дали има начин и што е тоа што може да се менува. Поставуваме пратенички прашања, но не инсиситиравме на некои решенија. Меѓутоа, мислам дека некаде во 1996 година донесена е пресуда на Врховниот суд на поединечни барања сега врз основа на Одлуката на Уставниот суд пензионерите си покренуваат прашање. Сега и Врховниот суд донесе Одлука и им даде за право на пензионерите е, сега кога им даде за право на пензионерите

се смени ставот во пратеничакта група на ЛДП, ние веќе сативме дека тука играчка нема и дека и Уставниот суд и Врховниот суд две врвни судски инстанци во државата, зазеле став кој е задолжителен, тој ги задолжува сите во државата и министерот, ја задолжува Владата, сите нас овде сега, за да се најде некоја солуција се направија два потеза.

Прво, некаде по Одлуката на Уставниот суд Фондот за пензиско и инвалидско осигурување Управниот одбор презема некоја мерка во која 92% ги зеде за 100% како да се 100% и на нив понатаму продолжи оти е укината одредбата, продолжи да ги зголемува пензиите кога зависно од порастот на платите има за тоа услови и т.н. Меѓутоа, тоа решение не е основно решение и е исполнување на судските решенија на Врховниот суд и решенијата на Уставниот суд.

Заради тоа што од тој момент укинато е решението и дејството додека да е укинато законското решение не е поништено, но укинато е решението и од тогаш откако е укинат тој член 6 натаму не е веќе 92 основицата која може да расте, туку првите 100% се основица кои можат да растат и тука е таа збрка што е направена од Фондот, бидејќи досега има порастување тоа нарасна по некои проценки дека заостанувањето е некаде околу 30% иматели на права.

Во Собранието, веројатно инспирирани од Владата или од Фондот, беше покрената една иницијатива повеќе од СДС, ако може да се направи нешто, можеби добро осмислиле, можеби била добра намерата, меѓутоа, излезе дека е да простите, ујдурма т.е. со автентично толкување на законот да му се објасни на Уставнито суд дека во законот не пишува тоа што пишува, туку ние да му кажеме вака пиши.Тоа направи еден прекид на целата постапка, отвори можност одново да се води постапката во Уставниот суд, се покрена постапка пред Уставниот суд и колку што сега дознавме тоа е искористено и во образложението на минситерот Зибери, дека постапката е во тек сега слушаме дека денеска соопштува Уставниот суд дека не повел постапка за испитување на уставноста на решението, значи останува на својата Одлука од 1994 година и таа Одлука важи. Штом таа Одлука важи важат и судските решенија на Врховниот суд.

Сега ние кога покренуваме прашање овде едно е прашање на молчење пред таква ситуација од страна на Владата и на Министерството и на министерот, бидејќи да Ви кажам право како ќе им објасниме на луѓето во земјата и надвор од неја, дека законите кај нас важат ако Уставниот суд донесе одлука и таа не се спроведува. Верувајте никој нема да верува дека овде владее правото, дека судска одлука не се спроведува. Ние треба да се замислиме наместо да се загрижиме сите, дали нашиот мандат ќе го завршиме така што ќе оставиме една комплетна неприфатлива правна ситуација во државата, а тие луѓе си имаат право, сега судот им дал право и едниот и другиот, јас Ве молам ние не можеме така за денационализација немале пари, за задржаните пензии немале пари, за ова немаме пари, за она немаме пари, навреме треба да се решаваат тие работи, парите нема да одат на друго место, парите нема да одат надвор од државата, наместо на една страна овде ќе одат таму каде по закон и по судска одлука им припаѓа.

Сега вака, ние треба овде, ако можеме да му уважиме на г-динот Зибери извинение, заради тоа што подлегнал на фактот дека, е покрената постапка по автентичното толкување на законот што го даде Собранието и со тоа да се покрие зошто не преземал мерки за спроведување на Одлуката на Уставниот суд, тоа може да биде негово извинување и негово оправдување, иако Собранието тоа не го оправдува, Собранието се јавило како механизам да ги изигра законитостите и судско утврдени права на пензионерите.

Ако тоа можеме да го направиме, тогаш иако носи, се разбира, г-динот Зибери одговорност што не презел такви мерки, што се надевал на такви фалш потези, тоа не е министер, тогша на оваа седница мораме нешто да преземеме мерки. Ние ги предлагаме заклучоците што се овде, што Ви ги поделевиме и Ве молам погледнете ги, внимателно да ги погледнете. Со овие заклучоци настојуваме да го сочуваме законитото право на луѓето, да го сочуваме принципот на правна сигурност во Македонија, да сочуваме да не се доведе во прашање довербата во законите и Уставот и неговите иснтитуции, тоа сакаме да го направиме. Тие заклучоци се следните:

Прво, Собранието на Република Македонија бара од Владата на РМ да ја спроведе Одлуката на Уставниот суд на Македонија и пресудите на Врховниот суд на Македонија во врска со прашањето на така нареченото 8% на пензинерите.

Второ, Собранието бара од Владата во износот на јулската пензија, која ќе се исплаќа во август, да се вгради зголемувањето на 8% како аванс на исплата на вкупниот долг на корисниците на пензијата.

Трето, Собранието бара од Владата заостанатиот долг кон пензинерите да го измири и во рок од две години на 24 еднакви месечни рати, почнувајќи од исплатата на августовската пензија што ќе се исплаќа во септември 1998 година.

**СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)**

И сега, се разбира, четврт собрание смета дека господинот Насер Зибери е одговорен за неспроведувањето на законските решенија и судските одлуки во врска со ова прашање. Ние го сметаме него за одговорен, меѓутоа, ќе одиме во компромис, нека ги усвојат првите три точки ние да го решиме проблемот, па да го простиме г-динот Зибери. Не е само тој виновен. Сега, видете пак има некои итроштини и слушам денес во вестите е соопштено, не овде во Собрание каде што му е место, затоа што ќе повлече и одредени биланси и прашања, сигурно, туку кај новинарите дека Владата ќе обезбеди 10% зголемување на пензиите од 1 јули до крајот на 1998 година. Така ја разбрав работата. Па, видете. Тоа е во ред. Ако имаат пари за таа работа и ако е во согласност со законите, ние тоа го поддржуваме. Меѓутоа, тоа не ги гаси овие права на пензионерите, на овие кои имаат закон по одлука на Уставниот суд и по одлуки на Врховниот суд. Тие права се нивни, остануваат. И, ние велиме ако билансно може да се покријат за подобро расположение на луѓето, на пензионерите нека се дадат 10% на сите. Убаво е да се даде на сите пензионери. Убаво е ако имаме пари да не бидат само до крајот на оваа година, туку и понатаму, но овој проблем останува и предлагаме заклучоци како да се реши овој проблем. Да не можат со такви потези, зашто тоа ќе значи нешто друго. Ако сакаме луѓето да ги изиграме со овие права што ги имаат по Уставот и законот со некои давања моментални за неколку месеци, тоа веќе не е политика, тоа е мангупска работа. Не се согласуваме така да се работи. Тоа не е ни маркетинг. Не е добро да се изиграва и државата и цел еден слој на население и во иднина да се декларираме дека кај нас низ закони, судска одлука, ни одлука на Уставен суд не вреди. Ние вака ги гледаме работите. нашето инсистирање на оваа интерпелација е суштината на проблемот да го изнесеме овде, да се знае што е проблемот, а не кој кого и како сака или дали на овој националноста му е ваква или таква. Тие работи се за други места, за други прашања. Јас морам да ви кажам, бидејќи го нанело местото г-дин Зибери овде, па ги има овие одговорности, но заради сите околности овде, не преземал мерки. За тоа носи одговорност.

Меѓутоа, јас го сметам меѓу најспособните меѓу Владата, па што ако е тој од албанската националност воопшто не ми смета. Некој скоро ми зборуваше за министрите за финансии. Му кажувам, оти да ми простите нај ефикасен беше Џевдет Хајредини. Тој беше многу ефикасен, а не беше професор, не беше доктор и незнам што. Немојте тие работи, нас ни требаат способни луѓе меѓу себе да имаме доверба, а мора до закон да се држи, не оди така таа работа. Тоа е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Богдановски.

**ИГНАТ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, сум расположен за дискусија, затоа што два часа не бев во собранискава говорница, меѓутоа, ништо не изгубив изгубивме шест сати и повеќе, а уште не можам да ја согледам суштината на проблемот. Дали е тоа, денеска дискутираме за права или законска регулатива за Фондот, односно за инвалидско - пензиско осигурување или си правиме маркетинг било од едната, било од другата страна на Парламентот.

Прво, на сите ни е јасно дека фондот не е капитализиран за инвалидско - пензиско осигурување. Тоа значи дека од тековното работење колку има пари толку се трошат или толку се пари. Ние немаме капитализиран фонд како што имаат западните земји или како што има католичката црква, каде што финансира и проекти и социјала и пензии итн. Ние тоа го немаме.

Морам да кажам една работат дека, ако оваа Влада успеа во овој период да стабилизира неколку фондови во државата и ни остава уште една дубиоза во Фондот за здравство, а тоа значи ги стабилизира фондовите за образование, ги стабилизира фондовите за инвалидско - пензиско осигурување и многу луѓе во оваа држава ја чекаа

својата пензија да дојде со закаснување со еден, два месеци. Ако тие луѓе суштински беа најработлиивите луѓе во државата, затоа што денешниот капитал во државата објективно го создадоа тие луѓе. Ние денеска добиваме некој капитал и живееме од капитал или од некоја рента што, главно, ја створија тие луѓе. Тогаш, се поставува прашањето, што сега и ние зошто сега сите на тие луѓе лобираме како се испоставува дека, ние сме загрижени многу за нив. Тие го имаат своето право, но правото ќе произлезе од сферата на парите со кои што располага државата. Зошто мислите дека од мојата партија помалку ги сакаме нашите родители, нашите пријатели или граѓаните на Република Македонија. Зошто мислите дека тие осум или 80% не сакаме ние да им дадеме 20,30 или таа Влада која што е. Знаете ли маркетинг ако има државата пари да им даде.

Вие знаете дека пред еден месец беше една делегација во Вашингтон за да потише еден договор, кој што во одредени сфери имаме исуфициенција кој што мораме да спроведеме некои мерки, кои што можеби не се популарни, но во делот на социјалната политика мора тоа да го спроведеме. Па, ние добиваме пари за да ја спроведеме социјалната проблематика. Па, наместо да се радуваме, мислам дека оваа Влада и било која влада да биде, секогаш ќе тежи во границите на своите можности да им даде онолку, дури и колку нема ако може нешто да извлече од системот, од Буџетот или од некои вредности. Зошто? Па, тие луѓе се наши родители кои што работеле, создавале, но несреќа е во оваа држава што не задеси, така да кажам, ствараме држава, сакаме сите атрибути на дсржавност, а истовреме сакаме да бидеме богати како Америка. Тоа пензионерите добро го знаат. И, нема потреба ние да лобираме сега за пензионерите како ние водиме сметка за нив.

Секоја Влада и оваа Влада, слушнав сега дека Владата донела одлука за 10%. Па, тоа значи се створиле материјални услови дека и Владата или Фондот, или незнам кој ги донесува тие одлуки, проценила дека се створиле материјални услови или помош, да може да се интервенира во сверата на таа, така да кажам, категорија на граѓани на Република Македонија.

Тие граѓани во Република Македонија, заслужуваат многу повеќе отколку што може оваа држава во овој момент да им даде. И да бидеме благодарни што тие граѓани имаат разбирање за проблематиката која што постои. Па, вие знаете дека тоа министерство за социјала, труд итн. е едно од главните министерства во државата. Со тоа што интервенира со големи пари, тоа е катастрофа за државата Македонија, зашто тоа министерство не треба да се појавува, да има грална регулатива, туку врз база на економиката на дсржавата да може да ги спонзорира и да ги реализира сите економски токови во државата. Ние денеска мора таа држава да води сметка за секој граѓанин на Република Македонија од социјален аспект.

Мислам дека погрешно упатена интерпелација за личноста на министерот односно и без оглед на која личност да е како министер. Зашто, тој не е самостоен, не е тој автономен да може да донесува одлуки какви што сака. Тоа го донесува Владата врз основа на економс-ката политика, предвидувањето и обезбедувањето на средства во државната каса кои што доаѓаат по разни основи. Незнам по кои основи доаѓаат, но знам дека многу пари доаѓаат како помош за стабилизација на оваа релативно млада држава, за да може да излезе од стоковите во кои што моментално се наоѓа ако сите економски показатели овде има економисти, кои што некои ги негираат или некои велат дека се тоа во извесна смисла "фалсификати", меѓутоа, објективно е дека се чувствува нешто повеќе во живеачката во стандардот на граѓаните на Република Македонија. Тоа зборува за некои токови кои што постепено растат. Мислам дека маркетиншкиот дел и од повеќе аспекти и од повеќе политички групации во Парламентот, а како предмет да ги имаме пензионерите, мислам дека во крајна граница тоа е навредливо за тие граѓани кои што се основоположници на економската вредност на државата и ова што го имаме денеска.

Мислам дека, интерпелацијата е безпредметна и би сакал една сугестија да го замолам министерот да не влегува во полемика, бидејќи нема што да се објаснува со многу чиста ситуација, ако сака да земе завршен збор. Уште еднаш потенцирам зошто сметате вие од левата страна и моите сопартијци од десната страна, дека помалку ги сакаме граѓаните на оваа држава и нашите родители да имаатр поголема пензија. Па, на крајот на краиштата, ако имаат поголема пензија ќе се офајдат и нашите внуци итн., затоа што тоа е и стандард кој што се прелева кај граѓаните.

Чувствувајќи една потреба да го искажам ова дека во едно шестчасовна дискусија во која што не гледам, да речеме некое решение, туку гледам само колатерален маркетиншки потег, борба за пензионерите, но мислам дека повеќе ќе биде добро времето и просторот,

тие кои што ќе останат на власт или кои што ќе дојдат на власт, тие сигурно ќе водат сметка за таа категорија на граѓани, затоа што и стандардот на една држава се смета како е намалена социјалната проблематика во државата од една страна, а од друга страна и платите од една страна и пензиите да бидат поголеми во државата. Благодарам и толку имав да кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага, но пред тоа деловничка интервенција на г-дин Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал во името на мојата пратеничка група СДСМ нај енергично да реагирам на една квалификација во излагавето на Стојан Андов, кој што можеби несвесно, залагајќи се на почетокот дека во салата треба да ги избегнуваме етикетите и квалификациите, искажа една работа во врска со најновата мерка на Владата дека тука станува збор за мангупски работи. Очигледно е, значи, ако се каже дека некој тие потези ги нарекува за мангупски, тоа значи дека тоа тој што го прави, односно претседателот на Владата и претседателоч на СДСМ е тоа.

Јас се надевам дека не мислел така и очекувам извинување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, имам подготвено дискусија, меѓутоа, со настапот на г-дин Стојан Андов, покрај сите тие кажувања, образлагања, на почетокот односно последното излагање очекував дека сватиле дека несериозно поднеле интерпелација. И очекував дека ќе кажат дека ја повлекоа интерпелацијата, како што почесто направиле пред Собранието дека ја повлекуваат интерпелацијата. Не го направија и не се најдоа толку силни да можат тоа да го направат, зашто и тука треба храброст. Не може тоа едноставно да се направи. Треба да бидеш голем демократ за да така постапуваш. Но, нека, тоа се нивни проблеми.

Нема да се повикувам на привремената дискусија, меѓутоа, само на нешто што г-динот Стојан Андов бараше да му прифатиме заклучоци. Ни ги прочита заклучоците меѓу кои и третиот предложен заклучок. Пишува. Односно предлага:

"Собранието бара од Владата заостанаиот долг кон пензионерите да го измири во рок од две години на 24 еднакви месечни рати, почнувајќи од исплатата на августовската пензија што ќе се исплаќа во септември 199 8 година."

Го прашувам г-динот Андов, кој е тој, односно која е таа партија. Дали е Парламентот тој што одлучува или Владата е таа што треба да одлучува. Кој го донесува Буџетот на Собранието? Парламентот го донесува. Зошто да бараме од Владата? Ќе направиме ребаланс на Буџетот да обезбедиме средства и да ги исплатиме платите.

Меѓутоа, очигледно ја гледаат работата дека се неспособни да прават таква работа и затоа така и предлагаат на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Во интерес на времето се откажувам од дискусијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ви благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, ќе се обидам да бидам краток, но во секој случај, чувствувам потреба да кажам, два, три збора за интерпелацијата за министерот Зибери.

Како прво, после се ова што го слушнавме овде мислам дека, мотивите кои што се напишани во интерпоелацијата се погрешно преточени во неколку други работи, кои што беа изнесени овде и лично мислам дека односно се согласувам со неколку други дискутанти, кои што оценија дека интерпелацијата, доколку навистина предлагачите имале намера сериозно да ја предложат, требало да биде насочена кон Владата и кон премиерот, а не кон министерот за труд и социјална политика. Затоа што, навистина, ова

што сте го напишале на крајот дека г-динот Зибери е одговорен за законските решенија и за не спроведувањето на одлуките, мислам дека е малку повеќе од тоа што е лична сила на минситерот за труд и социјална политика. Инаку, јас лично, навистина би сакал, тој да има таква моќ да менува и законски решенија, да не спроведува одлуки на судови и на Владата и незнам какви работи, затоа што во тој случај би ни се укажала добра прилика да спроведеме некоја наша политика, која што во некои сегменти не се вклопува со таа што е и коалициона. Но, во секој случај, мислам дека е малку претереано во тоа.

Инаку, за некои обвинувања околу доделувањето на социјалната помош, вработувањето и покрај тоа што се добива впечаток дека предлагачите немаат намера, барем од вашите искажувања, да се занимаваат со однесувањето на министерот како министер од партијата за демократски просперитет и како министер кој што се обидува да се вклопи во политиката што ја спроведува и во политиката на партијата за демократски просперитет,  за жал неодминлив е впечатокот, дека сепак, постои една загриженост за тоа дека некои права кои што ги остваруваат албанците во сферата на социјалата директно ги загрозуваат правата на македонците.

Мислам дека ова на пластично беше кажано од г-динот Слободан Даневски, кој што јасно го кажа тоа и по однос на повлекувањето на законот и по однос на некои други работи, кои што сигурно дека се дел од политиката што партијата ПДП, пред се ја спроведува и за жал, наша оценка е дека таа политика не ја спроведуваме со динамиката која што ние ја посакуваме.Но, во секој случај изгледа дека и тоа што се прави е многу за некои наши колеги овде, за жал, за цела една партија.

Интерпелацијата според моја оценка е беспредметна. Таа нема апсолутно никакви шанси да добие третман на сериозна иницијатива, но што се однесува до самиот министер Зибери, мислам дека е направена голема грешка што тој лично е атакуван, затоа што мислам дека од некои искажувања што беа направени и од таквите кои што зборуваат за решавањето на проблемите во сферата на социјалата, јасно зборуваат за тоа дека се работи за еден од по успешните министри во Владата на Република Македонија. Поради тоа јас барам да постапите како што сте постапиле неколку пати и да ја повлечете оваа интерпелација, која што според мое мислење е беспредметна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗБИЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници. Иако очигледно заради малото присуство на пратениците, особено на покренувачите на иницијативата, на интерпелацијата аудиториумот е недоволно мотивирачки поаналитички да се осврнам на денешната дискусија, пред се да ја изнесам мојата вистина и вистината на фактите и бројките. Притоа во ниеден момент не сакајќи мојата партиска функција и националната припадност да биде алиби за заштита и за можното алиментирање од евентуалната одговорност, туку напротив да ги гледаме работите како што се, а мислам дека при денешната расправа имаше прилика јавноста во Македонија да добие доволна слика иако во отсуство на доволно информации многу од пратениците и тоа што е како позитивни трендови во Републиката особено во сферата на социјалната политика и вработувањето не беа во можност да го прикажат во уште подобра слика отколку што е. Дозволете ми најпрво на почетокот да кажам дека нема да се занимавам со реплики и со осврнување на дискусиите на ниеден пратеник овде, зошто дел од нив се под достоинството на овој дом, а дел од нив ги сметам како изнесување на свое мислење по однос на состојбите што го прифаќам како такво, како демократска определба на ова општество и како мое лично.

Уште кога бев номиниран од страна на ПДП за министер за труд и социјална политика бев свесен дека во овој краток период од неполни три години, односно две ипол години ќе бидам изложен на страш ни критики зошто прифатив еден предизвик кој со себе вклучува една голема одговорност. Одговорност зошто прифатив да застанам на чело на едно од нај одговорните, нај големите и нај сложените по својата природа на прашањата кои што ги покрива и по проблемите кои ги решава, а тоа е Министерството за труд и социјална политика. Дотолку повеќе како што беше кажано и од повеќето пратеници во една земја која како што е Македонија во еден транзиционен период каде што уставната оп-ределба за градење на социјална држава и политичката определба за воведување на пазарно стопанство се по природа во контрадикција.

Бев свесен дека еден министер за труд и социјална политика во ситуација на голема невработеност во ситуација на секојдневни ребаланси на Буџетот, во ситуација на секојдневни закаснувања на паричните надоместоци во сферата на социјалата, во моментот кога закаснуваат пензиите и постојано фондот за пензиско и инвалидско осигурување е во дефицит и во моментот кога не беа опипливи барем денешните резултати во областа на вработувањето и растот на производството беше навистина голема храброст да се прифати улогата и задачата да се стане на чело на вакво министерство. Од тука бев свесен дека ќе наидувам во текот на мојата работа на секакви проблеми, но ниеднаш не ми паѓаше на памет дека ќе се соочувам и со најниски удари од типот на споменување овде не ретко од страна на одредени пратеници, разно разни афери, од типот на споменување на станбено решавање на мојот проблем и од други кои не сакам навистина да ги споменувам затоа што, ќе повторам, се под достоинството на овој дом. Ги знаете состојбите во сите области. Јас ќе направам еден пресек овде, за да се прикаже вистинската слика како се денес состојбите и како ги наследив.

Во сите области се обидував покрај надминувањата на проблемите да постигнам една цел во овој транзиционен период. Да ги изведам реформите во областа на социјалната политика и работното законодавство, реформите се неминовни не зашто ние сакаме, туку зошто тоа е општ тренд и определба на оваа држава а да притоа го зачуваме социјалниот мир и стабилноста во земјата. Реформите во социјалата да не се претворат во кочница на севкупните економски реформи и реформите вон политичкиот систем зошто доколку нема мерка во овој дел, доколку Владата не ги проследи со материјална поткрепа реформите во социјалата, често пати во историјата е покажано и во поразвиени земји од Западна Европа тие реформи се претвараат во спротивното на она што се сака, односно во кочница на реформите во системот. Ќе признаете дека до овие две цели, можеби до втората не целосно, но до првата - зачувувањето на социјалниот мир и стабилноста во земјата во потполност е исполнето. Додека во делот на реформата на севкупно-то законодавство во социјалата и работното законодавство сме направиле можеби повеќе од други земји од бившиот блок, кој ја напушти поранешната развојна стратегија и политичка и економска и прифати еден друг систем.

Ќе ве потсетам дека во делот на работните односи и вработувањето, односно трудовото право ние го направивме најголемиот проект, го донесовме Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, проект кој беше високо оценет од експерти од Светска банка, Меѓународниот монетарен фонд и од Комитетот за социјални прашања при Советот на Европа. Доби зелено светло и од Меѓународната организација на трудот, што ќе признаете дека не ретко наши проекти добиваат вакви високи оценки.

Во исто време ние ги извршивме можеби нај чувствителните промени во делот на работните односи, каде што се определивме конечно во Македонија да се ослободиме од сите социјалистички примеси и трудовото право да го прилагодиме на условите на пазарно стопанство, односно пазарно стопанисување.

Ние во меѓувреме соочувајќи се можеби во моментот со најтешкиот проблем во земјата, прашањето на невработеноста се определивме за еден радикален чекор и ова Собрание го прифати проектот на Владата и го донесе Законот за зголемување на вработувањето, со кое беа ослободени сите работодавци од плаќање на сите придонеси, а со Законот за вработување и од персоналниот данок за сите ново вработени над бројот на постојните вработени, се разбира под одредени критериу ми и услови утвдени со закон.

Сите овие мерки придонеса за прв пат во 1998 година по десетина и повеќе години во Република Македонија конечно да застане трендот на зголемување на бројот на невработени во државата. И не само тоа, во Република Македонија за прв пат бројот на вработените во овој период да биде поголем од бројот на ново пријавени невработени. Ако се има во предвид овој факт тогаш навистина и ако се работи за опозиција треба фактите да ги прифати такви, зошто резултатите не може да се негираат.

Ние за прв пат во овој период исто така успеавме да го намалиме бројот на корисниците на паричниот надоместок, кој согласно законските одредби се прогласува за стечајни работници и технолошки вишок. За прв пат само за петте месеци во 1998 година тој број во евиденцијата во Заводот за вработување се намали за 3200, а тоа адекватно значи намалување на средствата што Буџетот, односно преку придонесите Заводот за вработување ги прибира за исплата на паричниот надоместок.

Во исто време во оваа област Владата успеа конечно да го надмине недостатокот и закаснувањето на исплатата на придонесите за сите кои преку Заводот за вработување го користат ова право. А да ве потсетам дека во Заводот за вработување паричен надоместок примаат 46.000 невработени, кои порано биле во работен однос, кои заради сите промени во државата, а само по основ на Законот за преструктуирање на 25-те најголеми загубари, во евиденцијата на Заводот за вработување отидоа над 15.000 поранешни работници. Или изразено во средства Владата обезбедува 297 милиони денари за покривање само на паричниот надоместок за невработените кои се во Заводот за вработување, а да притоа за 170 илјади се обезбедува здравствено осигурување, се разбира доколку по друг основ не се здравствено осигурани. И покрај фактот што ние успеавме во овој период да го зголемиме рапидно бројот на вработените, ние успеавме да ја запазиме и структурата на ново вработените, дури и да оди во корист на ново вработените во областа на стопанските дејности и тоа за прв пат оваа година после 10 години, така да податоците покажуваат дека во март 1998 година за прв пат се постигна за 0,2% бројот на вработените да биде поголем виза ви истите податоци за година пред тоа и во целиот десетгодишен период порано.

Во областа на социјалната заштита ние успеавме да го донесеме Законот за социјална заштита, кој Закон од овој Парламент доби унанимна поддршка од сите пратеници и со аплаузи беше дочекан. Исто така доби и високи оценки од разни меѓународни институции. Во фаза е, во владина процедура е веќе законот за вработување на инвалидите на трудот, односно таканаречените заштитни организации, со што и вториот столб од законодавството од областа на социјалната заштита ќе биде заокружен. Во исто време Владата исто така постигна еден од по забележителните успеси, социјалните надоместоци во сите категории за месец дена да не заостануваат, туку редовно да се исплаќаат и да ги покрива сите луѓе кои согласно Законот за социјална заштита се под социјален ризик. Така ние успеавме на 62.000 семејства кои согласно Законот ги исполнуваат критериумите да добиваат социјална помош, а 1.568 граѓани да ги сместиме во установи и во други семејства а да Владата притоа обезбеди доволно средства. Само за ваша информација, месечните издатоци во овој дел се околу 171 милион денари.

Во областа на пензиско инвалидското осигурување ние, овде беше истакнато, успеавме конечно во еден многу краток период да направиме такви измени да се надминуваат тешкотиите. Беа наброени тука мерките кои со измените во Законот за пензиско инвалидско осигурување овој Парламент ги имаше усвоено, како што е мерката за забрана на докуп на стаж, како што беше мерката за намалување на новиот прилив на пензионери, како што беше мерката за зголемување на стапката на придонесот за пензиско инвалидско осигурување, како што беше воведувањето на стапката, односно процентот од дериватите, од нафтата кои се определуваат за Фондот за пензиско инвалидско осигурување, како и низа други мерки кои конечно Фондот за пензиско инвалидско осигурување заедно со последните мерки, со измената на Законот за финансиско работење и со измените во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, конечно Фондот за пензиско инвалидско осигурување за прв пат 1997 година во август, односно септември досега да оствари повеќе прилив на средства отколку расходната страна.

За прв пат ние успеавме планираните средства од Буџетот како трансфер кон Фондот за пензиско инвалидско осигурување не да бидат колку што се предвидени, туку и помали од тоа за што дел од тие средства денес се во Буџетот на Република Македонија, зашто редовниот прилив на средства, како и продавањето на акциите на Фондот за пензиско инвалидско осигурување гарантираат доволен бонитет на Фондот за пензиско инвалидско осигурување, не само да се гарантира редовна исплата на пензиите, туку и зголемување, односно давање на аконтацијата која пред извесно време ја соопшти премиерот на Владата пред Сојузот на пензионерите.

И покрај сите овие мерки денес овде се водеше жестока расправа за примена на една непостоечка одлука на Уставниот суд. Вие знаете дека по укинувањето на членовите 5 и 6 од Законот за исплата на платите Фондот за пензиско инвалидско осигурување продолжи да ги усогласува пензиите согласно член 37 од Законот за пензиско инвалидско осигурување. Вие знаете дека потоа се бараше и автентично толкување од ова Собрание дали усогласувањето на пензиите е во согласност со намерата на законодавецот по однос на членот 37 од Законот за пензско инвалидско осигурување, за што доби потврда.

Само ќе ве потсетам, при расправата за автентичното толкување на членот 37 од законот за пензиско инвалидско осигурување немаше ниедна дискусија против тоа што подразбира тој член. А за ваша информација известител на Законодавно - правната комисија беше господинот Љупчо Мешков кој денес е најгласен против тоа автентично толкување. И за ваша информација, денес вие ги чувте и одлуките на Уставниот суд кој ја одби иницијативата да покрене, значи ја одби иницијативата да се преиспитува уставноста и законитоста на автентичното толкување на членот 37 од Законот за пензиско инвалидско осигу-рување, со што станува бес предметна цела оваа дискусија по однос на тоа, дали Владата и Министерството ја спроведува одлуката на Уставниот суд или не. Јас да не беше трагично, сигурно е јако комично, да ви кажам дека вие како пратеничка група ме принудувате да извршувам непостоечка одлука, односно незаконска одлука во моментот зошто ставот на Уставниот суд денес е јасен.

Бев многу нападнат и по однос на прашања кои имаат тесно национален карактер, односно дека паричните надоместоци од областа на социјалната заштита одат во прилог само на една групација на граѓани во Република Македонија, дека сум водел лоша кадровска политика и во Фондот и во Министерството и во другите органи. Уште на почетокот сакам да ви кажам дека по однос на Фондот, воопшто немам никакви ингеренции во однос на кадровската политика и по однос на ниедно друго прашање, освен што моја надлежност е да се грижам за законитоста на извршувањето на одлуките и давањето мислење до Владата по однос на кандидатот за кој се определува за директор на Управниот одбор на Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Апсолутно ниедна друга надлежност.

Но, за волја на вистината таму каде што г-динот Љупчо Мешков бил со години еден од најодговорните во Фондот во негово време и ден денес за жал ситуацијата е катастрофална во поглед на кадровската политика. Само за ваша информација во тој фонд се вработени 614 лица, од кои 560 македонци и само 15 албанци, а г-динот Мешков бил одговорен и помошник токму за правните прашања и остварувањата на правата од пензиско и инвалидското осигурување. Слична е ситуацијата и во другите ресори. Јас не велам дека не сум направил во овој поглед доста. Меѓутоа, уште е далеку од тоа што треба да биде адекватна застапеност на албанците во институциите, а доколку помалку во областа што јас ја покривам. И како таква ги одбивам сите инсинуации од тој тип дека министерот за труд и социјална политика водел некоја посебна политика и заради позицијата што ја имал, партиска и национал-ната припадност бил недопирлив. Напротив министерот за труд и социјална политика се обидел да ја спроведува политиката на ова собрание и на оваа влада, притоа запазувајќи ги и другите сегменти и програмата на партијата чиј кандидат сум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Јас мислам дека вие г-дине министре малку ги измешавте работите, веројатно, незнам кој ви пишувал таму нешто, како ви пишувал, меѓутоа покажете и не можете никогаш да докажете дека работите во областа на пензиското и инвалидското осигурување ги познавате подобро од мене, оти би биле генијален ако за две години научивте повеќе отколку за 25 колку што јас таму имам поминато.

Мегутоа, вие зборувате за преиспитување ми направивте една реклама тука, јас сум ви благодарен за тоа, за преиспитување на одредени поединечни мислења кој, што мислел и како мислел кога се водела постапката. Да видиме сега како мислел директорот на Фондот, како мислел началникот на одделението, кој како мислел. Вие овде воопшто изгледа не ме разбравте. Јас не зборував за тоа кој, како мислел во постапката. Јас зборував за извршување на пресуди на Врховен суд и на Уставен суд и никогаш јас во никоја постапка и пред никое тело на ова Собрание ниту сум рекол, ниту ќе речам дека не треба да се спроведуваат пресуди на Врховен суд, или одлуки на Уставен суд. Поединечните мислења кој што мислел, како мислел, си стои таму каде што е запишано. Ние овде зборуваме за една друга работа, а не за тоа кој, како мислел, дали г-динот Мешков мислел вака, или не. Но, тврдам дека никогаш не сум мислел и никогаш не сум кажал дека не треба да се почитуваат одлуки на највисоки судски инстанци. Незнам дали вас ви е познато г-дине министре, јас 25 години работам во таа област и немало ниедна работна група која што можело да се замисли без јас да ја раководам, да не ја раководам,

туку да бидам во таа работна група за подготвување на одредени законски проекти, или разговори за меѓународни договори. Вие нас овде не убедувате цело време дека сте реформски настроени и дека сакате реформи во таа област. Ако сакате реформи во таа област, зошто се ослободувате од тие кадри кои што најмногу можат да Ви помогнат во тие реформи. Тоа ќе биде подобро и за вас и за облата во која што работите и вие и тие што работат, а такви случаи на отстранување на ваши не истомисленици ги има не само Фондот, туку и во министерството за труд и социјална политика.

Мислам дека оној што е реформски настроен ќе треба да ги прибере и да ги смогне сите кадри кои што ги знаат и познаваат тие работи, затоа што тие кадри не можат да бидат од штета, тие можат да бидат само од корист и за областа и за државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас не сакав да бидам толку дрзок да кажам дека дискусиите на г-динот Мешков се мотивирани токму од лични интерси, заради неговото сменување од функцијата што ја имаше во Фондот за ПИО. Но, тој упорно не наведува на тоа јас да го кажам, а да притоа, тој сам лично знае и неговиот шеф на пратеничката група, дека јас воопшто немам никаков удел во тоа, а да притоа се залага Фондот да се деполитизира со менување на кадрите кои имаат партиска припадност во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а да притоа во исто време нон стоп жали зошто тој е сменет, а тој е пратеник на ЛДП, а имал лична улога во Фондот за ПИО. Па јас овие концепти не можам навистина да ги сватам.

А што се однесува до реформите, реформите се спроведуваат. Мене ќе ми биде жал доколку навистина помошта на г-динот Мешков од позиција на помошник на директорот на Фондот за ПИО би била поголема отколку позицијата пратеник, но тој ќе има прилика доколку успееме во овој мандат барем во прва верзија да го гледаме законот, а ако тој биде пак избран ќе има прилика да расправа и по конечната верзија и ќе биде во можност да ги даде своите придонесе во полза на реформата на пензискиот систем.

Инаку, патем да кажам дека имаше доста критики по однос на конвенциите, беа направени обиди да се споредиме и со Хрватска, и со Словенија. Сега престојував таму по повод потпишувањето на конвенцијата со нив и да ви кажам дека Словенците потпишале само осум, додека Хрватите само шест, а ние имаме веќе четири, а притоа заборавате како и кога е призната Словенија, како и кога и призната Хрватска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Колку пратеници имаме во салата, дали можеме да одлучуваме.

Пратеничката група на ЛДП поднесе предлог на заклучоци кои Ви се поделени.

Кој е за предложените заклучоци, молам да крене рака? 17 пратеници.

Дали некој има против? 45 пратеници.

Дали некој се воздржува од галсање? (Никој).

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија и министе за труд и социјална политика Насер Зибери ја ставам на гласање.

Ве потсетувам дека за интерпелацијата Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Кој е за интерпелацијата, молам да крене рака? 17 пратеници.

Дали некој има против? 49 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работа на членот на Владата на Репубика Македонија и министер за труд и социјална политика Насер Зибери.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 96-та седница на Собрнаието на Република Македонија.

Утре продолжуваме со почеток во 11,00 часот по 97-та седница на Собрнаието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,30 часот).